ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ
**МЕЃУНАРОДЕН РЕЗИДУАЛЕН МЕХАНИЗАМ ЗА КРИВИЧНИТЕ СУДОВИ**

# ПРИРАЧНИК ЗА ЕДУКАТОРИ ПО ИСТОРИЈА

ЗА УПОТРЕБА НА АРХИВИТЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ КРИВИЧЕН СУД ЗА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА И МЕЃУНАРОДНИОТ РЕЗИДУАЛЕН МЕХАНИЗАМ ЗА КРИВИЧНИТЕ СУДОВИ

ТЕМИ И ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ | ДЕЛ I

**ПРОГРАМА НА МЕХАНИЗМОТ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**
НА ЗАЕДНИЦИТЕ ПОГОДЕНИ ОД КОНФЛИКТИТЕ

Финансирано од
Европска Унија

Програма на Механизмот за информирање на заедниците погодени од конфликтите (ПМИ)

# Прирачник за едукатори по историја

## за употреба на архивите на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија и Меѓународниот резидуален механизам за кривичните судови

Теми и практични примери – Дел I

Публикација на Пограмата на Механизмот за информирање на заедниците погодени од конфликтите, на Секретаријатот на Меѓународниот резидуален механизам за кривичните судови (МРМКС)

Главни и одговорни уредници: Аниса Суческа и Рада Пејиќ-Сремац

Уредници: Немања Стјепановиќ и Родољуб Јовановиќ

Графички дизајн: Лесли Хондебринк-Хермер

Автори: Адмир Ибрчиќ, Александар Тодосијевиќ, Арна Дагуда – Торлаковиќ, Доника Џемајили, Емина Живковиќ, Игор Јовановиќ, Игор Радуловиќ, Наташа Костиќ, Милош Вукановиќ и Мире Младеновски

Превод на македонски јазик: Ана Марија Наумовска

Објавено во јуни 2023

Посебна благодарност упатуваме до Европската асоцијација на едукатори по историја (EUROCLIO), до нивните членови - здруженија и едукатори по историја од земјите од поранешна Југославија - за нивната непроценлива поддршка што ѝ ја дадоа на Програмата за информирање на заедниците погодени од конфликтите во создавањето и имплементирањето на образовната програма за користење на архивите на Судот и Механизмот во создавањето на наставен материјал за војните од 1990-те. Нивната експертиза, труд и ентузијазам доведоа до создавањето на овој Прирачник.

Оваа публикација настана со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е одговорност на ПМИ и не ги одразува нужно ставовите на Европската Унија.

# Содржина


**Наследството на Хашкиот трибунал и наставата по историја** ..... 5
Вовед ..... 5
Цели на учењето ..... 8
Индивидуализација на вината ..... 8
Давање на глас на жртвите кои сведочеле за злосторствата ..... 12
Собирање документарни докази за воените случувања ..... 13
Признавање на вина ..... 14
Момир Николиќ ..... 16
Драган Николиќ ..... 17
Душко Сикирица ..... 18
Дражен Ердемовиќ ..... 19
Судско утврдување на фактите ..... 20
Операцијата „Бура“ ..... 22
Косово ..... 24
**Жената во војната** ..... 27
Вовед ..... 27
Цели на учењето ..... 30
Жената како жртва на злосторства ..... 30
Гранатирањето на Загреб ..... 32
Операцијата „Бура“ ..... 34
Логорот Сушица ..... 35
Логорот Челебиќи ..... 37
Жената како воена злосторничка ..... 39
Жената како сведок ..... 43
Ахмиќи ..... 45
Вуковар ..... 46
Сува река ..... 48
**Миграциите и воените конфликти** ..... 50
Вовед ..... 50
Цели на учењето ..... 54
Косово ..... 55

Приедор ........ 58
Хртковци ........ 59
Мостар и околината ........ 61
САО Краина и операцијата „Бура“ ........ 62
Сребреница ........ 64
Општини во Босна и Херцеговина ........ 66
**Децата во војната** ........ 68
Вовед ........ 68
Цели на учењето ........ 72
Примери за загрозување на правата на децата од архивите на МКСЈ и Механизмот ........ 72
Судбините на децата за време на геноцидот во Сребреница – примерот на Фахрудин Муминовиќ ........ 74
Секојдневието на животот на децата во Сараево за време на опсадата на градот ........ 76
Страдањата на децата на Косово – злосторството во Подуево како пример ........ 82
**Културоцид** ........ 86
Вовед ........ 86
Цели на учењето ........ 89
Уништување на објекти кои претставуваат културното наследство во услови на војна ........ 89
Дубровник ........ 90
Мостар ........ 94
Уништување на интелектуалното творештво како културно наследство во воени услови ........ 96
Виеќницата (Градското собрание) во Сараево ........ 98
Ориенталниот институт во Сараево ........ 101
Дубровничките библиотеки ........ 104
Уништување на верски и сакрални објекти ........ 105
Алаџа џамија ........ 109

# Наследството на Хашкиот трибунал и наставата по историја

## Вовед

Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ) беше меѓународен суд со седиште во Хаг (Холандија), со задача да им суди на сторителите на воени злосторства на територијата на поранешна Југославија извршени за време на војните од деведесеттите години. Судот е пошироко познат како Хашкиот трибунал. Беше основан од страна на Организацијата на обединетите нации со Резолуцијата 827 на Советот за безбедност на ООН, во која, меѓу другото, се наведува:

„Изразувајќи ја уште еднаш својата длабока загриженост поради постојаните извештаи за широко распространети и груби прекршувања на меѓународното хуманитарно право што се случуваат на територијата на поранешна Југославија, а особено во Република Босна и Херцеговина, меѓу кои и извештаи за масовни убиства, масовно, организирано и систематско притворање и силување на жени, и продолжување на праксата на „етничко чистење", меѓу другото и со цел за освојување и задржување на територии,

Утврдувајќи дека оваа ситуација продолжува да претставува закана за меѓународниот мир и безбедност,

Цврсто решен да им стави крај на таквите злосторства и да преземе ефикасни мерки да ги изведе пред лицето на правдата сите оние што се одговорни за тоа,

(. . . )

Донесува решение да се формира меѓународен суд со единствена цел за гонење на лица одговорни за тешки прекршувања на меѓународното хуманитарно право на територијата на поранешна Југославија меѓу 1 јануари 1991 и датум што ќе биде утврден од Советот за безбедност по воспоставувањето на миротот (. . . )"

Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија официјално престана да постои на 31 декември 2017 година, по 24 години работа. Негов наследник е Меѓународниот резидуален механизам за кривичните судови, кој ја презеде целата документација на МКСЈ и ги заврши недовршените постапки.

Основната цел на работата на МКСЈ беше да ги изведе пред суд лицата одговорни за злосторства како убиство, измачување, силување, поробување, уништување на имот и слично. Изведувајќи ги извршителите пред суд, МКСЈ настојуваше да одврати идни злосторства и да обезбеди правда за илјадници жртви и нивните семејства, а со тоа да придонесе кон воспоставување на траен мир и безбедност во државите создадени на просторот на поранешна Југославија. Според Статутот на МКСЈ, судот имаше надлежност врз злосторствата извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година. Тој имаше надлежност само врз поединци, а не врз организации, политички партии, воени единици, административни ентитети или други правни субјекти. Хашкиот трибунал беше овластен за кривично гонење и водење судски постапки поврзани со четири категории на кривични дела:

- тешки повреди на Женевските конвенции од 1949 година,
- прекшрување на законите и обичаите на војување,
- злосторства против човештвото и
- геноцид.

Хашкиот трибунал покрена обвиненија против шефови на држави и ентитети, претседатели на влади, началници на генералштабови, министри и многу други високо позиционирани лица од различни страни на конфликтите во поранешна Југославија, со цел да обезбеди одговорност за воени злосторства, без оглед на воениот, политичкиот или економскиот статус на одговорните лица. Благодарение на Хашкиот трибунал беа направени обиди да најде најдобар начин за обвинетите лица на високи позиции да се повикаат на одговорност. На тој начин МКСЈ се погрижи жртвите да видат како меѓународниот кривичен суд ги осудува и затвора одговорните за нивните страдања. Истовремено, многу жртви имаа клучна улога во постапките пред МКСЈ, каде како сведоци придонесоа во утврдувањето на

вистината. Постапките на МКСЈ им овозможија на жртвите и сведоците нивниот глас да биде слушнат и да зборуваат за своите страдања. Над 4500 сведоци ја раскажаа својата приказна во судниците.

Хашкиот трибунал ги утврди клучните факти поврзани со злосторствата извршени во поранешна Југославија. Притоа, судиите на Трибуналот внимателно разгледуваа сведочењата на очевидци, преживеани и сторители, форензички податоци, како и често дотогаш невидени документарни и видео докази. Пресудите на Хашкиот трибунал помогнаа во создавање на историски запис на настаните, во борбата против негирањето на злосторствата и во спречување на ревизионизам. Покрај доказите претставени на судењата, признанијата на вина на обвинетите значително придонесоа кон утврдувањето на фактите. Изјавите што често следуваа по таквите признанија ги потврдуваа доказите собрани од истражителите на Меѓународниот суд, што помогна во создавањето на непобитен приказ на настаните од војните во деведесеттите. Домашните судови низ поранешна Југославија го користеа вредното искуство на МКСЈ и неговите постапки поврзани со воените злосторства, како и ризницата на доказни материјали што МКСЈ им ја стави на располагање на домашните обвинители за време на својата рабта.

Достигнувањата на МКСЈ кои се од значење за наставата по историја се:

- **Индивидуализацијата на вината** преку изведување на одговорните за воените злосторства пред суд и задоволување на правдата;
- **Давањето на глас на жртвите и сведоците на злосторствата** преку запишување на исказите на голем број сведоци за воените настани (преживеани на злосторствата, очевидци, инсајдери, вештаци од различни области итн.);
- **Собирањето на документарни докази за воените настани**: голем број документи како: воени наредби и извештаи, прислушувани разговори, фотографии, видео снимки итн. беа ставени на увид на јавноста;
- **Признанијата на вина**: склучување на договори со сторителите на злосторствата за признавање на вина и нивните подоцнежни изјави и искази за злосторствата во кои учествувале;

- **Судското утврдување на фактите** преку донесување на низа заклучоци во пресудите врз основа на сведочењата и доказниот материјал претставен во судницата.

### ЦЕЛИ НА УЧЕЊЕТО

- Да се стекнат основни знаења за настанокот, улогата и достигнувањата на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија;
- Да се разјасни фактот дека за најтешките злосторства извршени на просторите на поранешна Југославија се одговорни поединци, а не држави и народи, како што тоа обично се толкува во јавноста;
- Да се разбере поимот „признавање на вина" во смисла на утврдување на фактите за извршените злосторства, искрено каење и признавање на страдањата на жртвите со цел помирување меѓу народите на поранешна Југославија;
- Да се истакне значењето на судски утврдените факти како почетна основа за историско истражување со цел разбирање на настаните од минатото и за борба против негирањето на злосторствата и историскиот ревизионизам.

## Индивидуализација на вината

Индивидуализирањето на вината во случаите на воени злосторства е едно од најзначајните достигнувања на МКСЈ. Утврдувајќи дека поединци се кривично одговорни за извршените масовни злосторства, МКСЈ покажа дека индивидуалната вина и кривичната одговорност можат да се докажат пред суд, т.е. дека за најтешките злосторства извршени на просторите на поранешна Југославија не се одговорни народите или етничките групи, туку исклучиво поединци.

Статутот на МКСЈ ја дефинира индивидуалната кривична одговорност во член 7, каде што во четири става се наведува дека лицето кое планирало, поттикнувало, наредило, извршило или на друг начин помогнало и поттикнало планирање,

подготовки или извршување на некое од кривичните дела носи индивидуална одговорност за тоа кривично дело. Ако некое од делата го извршио лице од пониска позиција, неговиот надреден не може да биде ослободен од кривична одговорност ако претпоставениот знаел или имал причина да знае дека лицето на пониска позиција се подготвува да изврши такви дела или ако веќе ги извршило, а претпоставениот не презел неопходни и разумни мерки да ги спречи таквите дела или да ги казни извршителите. Според член 7 од Статутот на МКСЈ, индивидуалната кривична одговорност се регулира така што во став 1 се вели: „Лицето кое планирало, поттикнало, наредило, извршило или на друг начин помагало и поттикнало планирање, подготовки или извршување кривични дела наведени во членовите 2 и 5 од овој Статут, индивидуално ќе биде одговорно за кривичните дела..“ Во став 2 се наведува дека „службената положба на секое обвинето лице, било да се работи за шеф на држава или влада, или за одговорен државен службеник, не го ослободува лицето од кривичната одговорност ниту може да ја ублажи казната.“ На крајот, во став 4 се наведува дека „Фактот дека обвинетото лице постапувало според наредбите на Владата или на претпоставениот не го ослободува од кривична одговорност, но може да се земе предвид за ублажување на казната ако Меѓународниот суд утврди дека така налага правдата.“[1] Со покренувањето на обвиненија и гонењето на лица за злосторствата извршени во поранешна Југославија, Хашкиот трибунал тежнееше кон остварување на правда за жртвите.

Од каква полза може да биде тоа достигнување за наставата по историја? Прво, самиот факт дека некој е осуден пред еден меѓународен суд претставува историски факт. Потоа, обвинетите за воени злосторства често извршувале одредени функции во рамките на државните или ентитетските структури, што може да покрене дебата за политиките кои довеле до планирање и извршување на злосторствата. За да нема забуна, тоа никако не смее да води кон генерализација и префрлање одговорност на национални или верски групи во целост. Конечно, фактот дека некој е ослободен или дека некој кој се претпоставува дека може да

[1] Совет на безбедност на ОН, Статут на МКСЈ (со амандманот од 17.5.2002), 25.5.1993.

биде одговорен за воени злосторства не бил ни суден, може да биде повод за дебата зошто е тоа така и дали домашните судови можеле во поголема мера да се „надоврзат“ на судењата пред Хашкиот трибунал.

Во овој дел ќе споменеме само неколку примери на осудени лица пред Хашкиот трибунал. Првата група ја сочинуваат високопозиционираните осудени лица, како поранешните лидери на босанските Срби Ратко Младиќ, Радован Караџиќ, Момчило Краишник и Биљана Плавшиќ; лидерите на босанските Хрвати Јадранко Прлиќ, Слободан Пралиќ и други осудени во предметот Прлиќ и останатите; највисоките офицери на Армијата на БиХ, Расим Делиќ и Енвер Хаџихасановиќ; како и највисоките политички, воени и полициски функционери на државата Србија осудени во предметот Шаиновиќ и останатите. Во втората група спаѓаат директните извршители на злосторствата, меѓу кои се на пример: босанските Срби Милан и Средоје Лукиќ и Горан Јелисиќ, босанскиот Хрват Мирослав Брало, босанскиот муслиман Есад Ланџо, или косовските Албанци Харадин Бала и Лахи Брахимај.

Низ примерот на гранатирањето на историското јадро на Дубровник во декември 1991 година и артилерискиот напад врз Загреб во мај 1995 година, можеме да видиме дека водачите не биле прогласени за виновни поради нивните политички ставови или политички цели, туку како што е заклучено во еден од предметите, затоа што „воените водачи при спроведувањето на политичките цели сториле тешки кривични дела.“[2] Имено, Југословенската народна армија (ЈНА) на 6 декември 1991 година го гранатираше Стариот град во Дубровник, историски локалитет под заштита УНЕСКО. За време на судењето на генералот на ЈНА Павле Стругар[3] (предмет IT-01-42), воениот командант на оваа операција, Судскиот совет се увери дека предизвиканата штета била обемна и значајна и дека оштетувањата зафатиле голем дел од Стариот град. Судиите утврдиле дека во текот на гранатирањето биле оштетени 52 згради и објекти, а шест од нив биле уништени. Постојат мноштво убедливи и јасни докази дека нанесената штета била

[2] Обвинителот против Милан Мартиќ (Пресуда на Жалбениот совет), IT-95-11, МКСЈ, 8.10.2008.
[3] МКСЈ, Податоци за предметот „Дубровник“, IT-01-42 Обвинителот против Павле Стругар.

предизвикана од гранатирањето на ЈНА, а не од дејствување на хрватските сили. Ова е утврдено со помош на експерти за балистика и бројни сведоци. Капетанот на хрватската војска Иван Негодиќ беше еден од нив и сведочеше за еден прислушкуван разговор меѓу еден војник на ЈНА и неговиот претпоставен: „(…) кога војникот го праша својот капетан: Другар капетан, каде да гаѓам? (…) Рече: (…) Внатре во ѕидините сè е цел.“[4]

Во мај 1995 година, српските сили во Хрватска и српското население во Западна Славонија беа изложени на напад од страна на хрватската војска за време на операцијата „Блесок“, а како директен одговор на тоа, на 2 и 3 мај воените сили на таканаречената Република Српска Краина го гранатираа центарот на Загреб. Беа убиени седум цивили, а уште 214 лица беа повредени. МКСЈ спроведе истрага, која резултираше со покренато обвинение против претседателот на Република Српска Краина, Милан Мартиќ.[5] Откако ги сослушаа аргументите, судиите на МКСЈ ги разгледаа доказите и заклучија дека е докажано надвор од разумно сомневање дека Мартиќ го наредил гранатирањето кое било намерно насочено против цивилното население.

> „Судскиот совет понатаму утврди дека Мартиќ го наредил гранатирањето на Загреб на 2 и 3 мај 1995 година. Поради тоа, заклучи дека тој сноси индивидуална кривична одговорност согласно член 7(1) од Статутот за наредување, и тоа по: точка 15, убиство како злосторство против човештвото; точка 16, убиство како кршење на законите и обичаите на војување; точка 17, нечовечки дела како злосторство против човештвото; точка 18, сурово постапување како кршење на законите и обичаите на војување; и точка 19, напади врз цивили како кршење на законите и обичаите на војување.“[6]

Заклучено е дека цивилните жртви биле неизбежни со оглед на изборот на оружјето со кое бил извршен нападот – неводени проектили од оружјето М-87 Оркан. Судиите детално се запознаа со карактеристиките на ова оружје и истакнаа

[4] Обвинителот против Павле Стругар, IT-01-42, сведок Иван Негодиќ, 23.4.2004, 5218-5298.
[5] МКСЈ, Податоци за предметот IT-95-11 Обвинителот против Милан Мартиќ.
[6] Обвинителот против Милан Мартиќ (Пресуда на Жалбениот совет), IT-95-11, МКСЈ, 8.10.2008.

дека „со ова оружје, поради неговите карактеристики, имајќи предвид дека станува збор за неводени проектили со големо распрснување на погодоците (…), не било можно да се гаѓаат конкретни цели“.[7] Во густо населени зони, како што е центарот на Загреб, употребата на ова неселективно оружје неминовно предизвикува сериозни човечки загуби. Судиите ги отфрлија тврдењата дека овој напад претставувал легитимен одговор нагласувајќи дека причините за извршување на некое кривично дело се ирелевантни.

## Давање на глас на жртвите кои сведочеле за злосторствата

Веќе беше наведено дека пред Хашкиот трибунал свој исказ дале повеќе од 4500 сведоци. Нивните сведочења се чуваат во МКСЈ во вид на транскрипти од судењата и видео снимки. Една од сведоците пред Трибуналот, медицинска работничка која учествувала во згрижување на жртвите на воените злосторства, го изјави следново:

> „Судот во Хаг, (за) сите жртви, сите жени со кои јас работев, за нив има исклучително големо значење. (…) И имаат доверба дека ќе се пронајдат вистинските причини за тоа што се случи. Дека луѓето ќе соберат храброст, и жртвите, и жртвите исто така, да раскажат што се случило. (…) Големи се очекувањата од Судот, дека ќе донесе вистински одлуки, дека правдата ќе го добие своето место.“[8]

На пример, во судењето во предметот „Челебиќи“,[9] многу жртви кои сведочеле опишале дека виделе или доживеале суровост и насилство, дека живееле во нехумани услови без храна, вода, медицинска помош и место за спиење. Првостепениот судски совет утврдил дека „во затворот/логорот владеела атмосфера на страв и заплашување, предизвикана од претепувања по случаен избор на затворениците по нивното апсење, пренесување и пристигнување во

[7] Ibid.
[8] Обвинителот против Радислав Крстиќ, IT-98-33, сведок Теуфика Ибрахимефендиќ, 5804-5863.
[9] Изрекување на пресудата на Жалбениот совет во предметот Челебиќи, ОН, МКСЈ, 202.2.2001.

логорот“. Судскиот совет слушнал сведоштва за многу инциденти кои се случиле во овој логор. Гроздана Ќеќез е една од жртвите која била подложена на мачење и силување.

## Собирање документарни докази за воените случувања

Архивата на Хашкиот трибунал содржи физички записи долги илјадници метри и над 3 петабајти дигитални податоци, вклучувајќи и документи, карти, фотографии, аудиовизуелни снимки, предмети, бази на податоци, интернет-страници и други видови списоци. За наставата по историја од значење се документите што се собрани и внесени како докази за време на судењата.

Во архивата се складирани илјадници наредби, воени извештаи, географски карти, списоци и слично. На пример, во записите се чува документ познат под името Директива 7 од март 1995 година, кој претставува вовед во нападот на Сребреница и геноцидот што подоцна беше извршен таму. Исто така, постојат и низа други наредби поврзани со нападот на Сребреница во јули 1995 година.

Понатаму, во архивата се наоѓаат различни списоци на затвореници кои за време на судењата биле внесени како докази. Таков е списокот на затворените Бошњаци во Белата куќа во Поточари, кој во јули 1995 година го составиле припадници на холандскиот баталјон на ОН, со надеж дека на тој начин ќе им помогнат на затворениците. Исто така, постои и список на Срби затворени во логорот Каменица, составен од Армијата на БиХ. За жал, луѓето од двата списоци биле убиени. Затворените Бошњаци од Поточари биле убиени од припадниците на војската на босанските Срби во егзекуциите што следеле по падот на Сребреница, додека српските затвореници од Каменица биле убиени од припадниците на одредот „Ел Муџахид“ на армијата на БиХ.

Во доказите се вклучени и голем број прислушкувани разговори кои имаат значаен потенцијал за употреба во наставата по историја.

Заклучно, постојат неброено многу фотографски и видео-докази кои биле внесени како докази за време на судењата. Избрани такви докази за поединечни случаи можат да се најдат на следните линкови: злосторствата во Вуковар, опсадата на Сараево, злосторствата во логорот Сушица, злосторствата во логорот Челебиќи, злосторствата во Уздол, злостроствата во Ступни Дол, геноцидот во Сребреница, злосторствата за време на операцијата „Бура“, злосторствата во логорот Каменица и злосторствата на Косово.

## Признавање на вина

Повеќе лица обвинети пред МКСЈ се изјасниле како виновни за обвиненијата дека директно извршиле или биле одговорни за извршените воени злосторства во војните на просторот на поранешна Југославија. Во сите вакви случаи, беа утврдени јасни факти за сторените злосторства, вистината за настаните беше обелоденета пред јавноста, а страдањата на жртвите беа признаени. Поголемиот дел од овие изјаснувања за вина беа проследени со изјави во кои обвинетите изразуваа каење. Во тие изјави, тие често изразуваа и надеж дека нивното каење ќе придонесе кон помирување меѓу народите на поранешна Југославија. Од првото изјаснување за вина пред Хашкиот трибунал во 1996 година, вкупно 20 лица се изјасниле за виновни за одредени злосторства (Милан Бабиќ, Предраг Бановиќ, Мирослав Брало, Ранко Чешиќ, Мирослав Дероњиќ, Дамир Дошен, Дражен Ердемовиќ, Миодраг Јокиќ, Горан Јелисиќ, Драган Колунџија, Дарко Мрѓа, Драган Николиќ, Момир Николиќ, Драган Обреновиќ, Билјана Плавшиќ, Ивица Рајиќ, Душко Сикирица, Милан Симиќ, Стеван Тодоровиќ, Драган Зеленовиќ).[10]

Во согласност со правилата на МКСЈ, обвинетиот може да склучи спогодба за признавање на вината и да се изјасни за виновен за сите или за одредени точки од обвинението. Ваквата спогодба ја договараат обвинителството и обвинетиот. За признанието на вина да биде прифатено, судскиот совет мора да се увери дека тоа признание е дадено доброволно, недвосмислено и дека фактите укажуваат на

[10] Признавање на вина, ОН, МКСЈ.

одговорноста на обвинетиот за злосторството или за злосторствата со кои се товари. Во случај кога обвинетиот ќе се изјасни за виновен само за одредени обвиненија, обвинителството може да ги повлече другите обвиненија и да побара од судскиот совет да се измени обвинението во согласност со тоа. Со признавањето на вина, судењето станува непотребно и следува расправа за изрекување на казната.

Со оглед на контроверзиите поврзани со признавањето на вина, важно е да се истакнат неговите предности. Од перспектива на обвинителството, признавањето на вина претставува важно средство за заштеда на време и ресурси, што е особено значајно имајќи ги предвид финансиските и временските ограничувања со кои се соочуваше МКСЈ. Исто така, тоа претставува драгоцено средство во истражните постапки бидејќи може да вклучува сведочење на обвинетиот против поединци на повисоки позиции, со што се обезбедува донесување осудителни пресуди за најважните извршители на злосторствата. Покрај тоа, признавањето на вина може да ги поштеди сведоците од често стресното искуство на сведочење пред суд. Судските совети најчесто го сметаат признавањето на вина како олеснителна околност која може да доведе до намалување на казната. Сепак, при одмерувањето на тежината на факторите што влијаат врз казната, судот секогаш внимава казната да биде сразмерна со тежината на кривичното дело, со страдањето нанесено на жртвите и со степенот на одговорност на сторителот. Признанијата на обвинетите, заедно со доказниот материјал, значително помогнаа во утврдувањето на фактите, и тоа на следниве начини:

- Изјавите што ги придружуваат признанијата често ги потврдуваат доказите собрани од истражителите на Хашкиот трибунал, така придонесувајќи за создавање непобитна реконструкција на настаните од војните во деведесеттите години;
- Многу од нивните изјави содржат информации и насоки што претходно не им биле достапни на истражителите, како што се клучни податоци за воени операции, за планирање или извршување на некои од најужасните злосторства;

- Во одредени случаи, самите извршители биле единствените кои можеле да ги откријат локациите на масовните гробници, овозможувајќи им на семејствата на жртвите конечно да ги пронајдат и достојно да ги погребаат своите блиски;
- Признанијата на вина можат да бидат и вреден извор на дополнителни докази кои инаку не би биле достапни.[11]

## Момир Николиќ

Момир Николиќ беше помошник-командант за безбедност и разузнавање на Првата лесна пешадиска бригада Братунац кој го призна своето учество во геноцидот извршен во Сребреница во летото 1995 година.[12] За време на сведочењето во предметот IT-02-60 Обвинителот против Благојевиќ и Јокиќ, во својот елоквентен приказ на настаните, тој го опиша општиот став на силите на босанските Срби кон законите за војување на следниов начин:

> „Зарем вие навистина мислите дека во една операција во која се одделени, заробени и убиени 7000 луѓе, дека некој се придржувал до Женевските конвенции? Зарем навистина мислите дека некој се придржувал до законите и прописите и правилата во операција во која се убиени толку многу [луѓе]? Прво тие беа заробени, убиени, па закопани, па повторно ексхумирани, повторно закопани. Можете да замислите дека, дека во една таква ситуација, некој да се придржувал до Женевските конвенции? Никој не се […] придржуваше до Женевските конвенции, ни до правилата, бидејќи доколку би се придржувале, последицата наа таа операција не би биле 7000 мртви луѓе."[13]

[11] Главни достигнувања, ОН, Меѓународен резидуален механизам за кривичните судови.
[12] МКСЈ, Податоци за предметот„Сребреница“, IT-02-60/1 Обвинителот против Момир Николиќ.
[13] Обвинителот против Благојевиќ и Јокиќ, IT-02-60, сведок Момир Николиќ, 25.9.2003 година, стр. 1840-1960.

## Драган Николиќ

На расправата за казната на Драган Николиќ, командантот на затвореничкиот логор Сушица во Власеница, кој ја призна вината за злосторствата извршени во тој логор, се одвиваше следниов дијалог помеѓу жртвата и обвинетиот, односно помеѓу госпоѓа Хабиба Хаџиќ и Драган Николиќ.[14] Хабиба Хаџиќ, босанска муслиманка, опиша што ѝ се случило во српскиот логор Сушица, кој беше раководен од Срби во североисточна Босна, и ја опиша загубата на нејзините два сина. Таа сведочеше на 3 ноември 2003 година во предметот против Драган Николиќ. Во 1992 година имала 49 години и била мажена со две возрасни деца: постариот син Енис Хаџиќ, кој имал 31 година, и Бернис Хаџиќ, кој имал 29 години. Кога госпоѓа Хаџиќ го напуштила логорот Сушица, нејзините синови, Енис и Бернис, сè уште биле заробени таму. После тоа, никогаш повеќе не ги видела живи. На крајот од своето сведочење, на прашањето дали верува дека нејзините синови се живи, г-ѓа Хаџиќ изјави:

> „Тие не се живи, тоа го знае Јенки [Драган Николиќ]. Би замолила само да знам во која гробница се. Да ги погребе мајка достоинствено. Барем да ги гледам, да дојдам каде што се нивните ковчиња, да ги види мајка. Да знам ете каде се закопани. Но не знам, уште никогаш не дознав.“

На крајот од своето сведочење, г-ѓа Хаџиќ доби одговор од Драган Николиќ. Тој ѝ рече дека нејзините синови биле убиени и закопани на 30 септември 1992 година на блиското место наречено Дебело Брдо.[15]

[14] МКСЈ, Податоци за предметот „Логорот Сушица“, IT-94-2 Обвинителот против Драган Николиќ.
[15] Хабиба Хаџиќ, ООН, МКСЈ.



Извор: Логорот Сушица

**ДУШКО СИКИРИЦА**

При донесувањето на заклучоци во врска со злосторствата извршени во Приедор, за да ја согледаат целосната слика за условите во логорот Кератерм во околината на Приедор, покрај физичките докази и исказите на сведоците, судиите на Хашкиот трибунал се потпреа и на признанието на вина на обвинетиот Душко Сикирица. Душко Сикирица беше командант на обезбедувањето во логорот за притвореници Кератерм, во Приедор, Босна и Херцеговина, во 1992 година. Тој знаел за нехуманите услови во логорот, како и за тоа дека затворениците биле тепани, силувани, сексуално злоупотребувани и убивани. Сепак, не ги спречил луѓето надвор од логорот да влегуваат во него и да ги злоставуваат притворениците. Исто така, самиот убил еден притвореник во логорот пукајќи му во главата. Осуден е на 15 години затвор. Во резимето на пресудата неговото признание на вина се коментира на следниов начин:

> „Сикирица прифати дека убил еден од притворениците во логорот (Кератерм) така што го застрелал во главата. Покрај тоа, тој прифаќа дека постојат значајни докази за убиства на други лица во Кератерм во периодот додека тој ја извршувал својата должност. […] Освен лишувањето од живот, Сикирица прифати дека постојат докази дека во логорот се вршеле

претепувања, силувања и сексуални деликти, како и заплашување, понижување и психолошко измачување на затворениците. Тој понатаму прифаќа дека постојат многу докази дека затворениците биле подложени на нечовечки услови додека биле затворени во логорот Кератерм."

## Дражен Ердемовиќ

Еден од обвинетите кој се изјасни за виновен за злосторствата извршени во Сребреница, Дражен Ердемовиќ, подоцна сведочеше на судењето на генерал Радислав Крстиќ (исто така обвинет за злосторства извршени во 1995 година во Сребреница). Ердемовиќ сведочеше за масовното убиство на мажи – босански муслимани, на 16 јули 1995 година во воената економија Брањево. Иако обвинителството изведе барем еден човек кој го преживеал стрелањето во Брањево, токму Ердемовиќ даде исцрпни докази врз основа на кои можеше да се утврди идентитетот на извршителите. Дражен Ердемовиќ го кажа следното:

> „… кога сите си заминаа, потполковникот рече... слушнав, разговараше со Брано и слушнав кога рече дека... дека сега ќе почнат да доаѓаат автобуси. […] Тогаш, штом го рече тоа, не помина многу, се качи во кола со овие двајца воени полицајци овде и тие заминаа. Тогаш Брано ни се обрати нам и рече дека сега ќе дојдат автобуси со цивили од Сребреница. И јас и [неколку] поединци почнавме да приговараме, 'Шт...зошто, што треба ние да правиме тука?' Тој рече дека треба да ги стреламе тие луѓе. […] Гледав како двајца полицајци изведуваа луѓе пред Брано, луѓе кои беа во автобусот, заедно со оние што, според мојата проценка, го обезбедуваа транспортот на тие луѓе. Ги изведуваа пред Брано и Голијан Властимир, кои ја доведоа првата група од десет луѓе долу, право позади оваа гаража, можеби сто метри. Не знам, можеби повеќе, но отприлика така. Тогаш Брано рече да застанеме во строј, да се построиме во строј. Пред нас им беше наредено на луѓето да ни се

свртат со грб. Кога тие луѓе се свртеа со грб, ние пукавме во нив. Беше наредено да се пука во тие луѓе.“[16]

## Судско утврдување на фактите

Судското утврдување на фактите за злосторствата извршени на територијата на поранешна Југославија е од клучно значење, не само за утврдување на одговорноста на обвинетите, туку и за разјаснување на настаните од минатото, а со тоа и за борба против негирањето и за спречување на обидите за ревизионизам. Секако, судски утврдените факти не ги обврзуваат историчарите безусловно да ги препишуваат во своите истражувања, но претставуваат патоказ за тие истражувања. Покрај тоа, постојат ситуации во кои судовите не можеле да донесат одредени заклучоци надвор од разумно сомневање, што не ги спречува историчарите, користејќи ја документарната граѓа, меѓу другото и материјалите од Хашкиот трибунал, да ги истражуваат тие настани и да донесат сопствени заклучоци.

Пример за судско утврдување на факти надвор од разумно сомневање може да се најде во една од пресудите на Хашкиот трибунал за злосторствата извршени во општина Приедор во Босна и Херцеговина:

„На 30 април 1992 година, српските сили ја презедоа контролата над Приедор. По заземањето на Приедор, веднаш следуваше отстранување на несрбите, босанските муслимани или Хрвати од одговорните функции. Многумина на крајот ги загубија работните места, нивните деца веќе не можеа да одат на училиште, а на радио се емитуваше антимуслиманска и антихрватска пропаганда. […] За да се спречи секоја помисла на отпор од страна на Хрватите, а особено на муслиманите, Србите решаваат да ги приведат сите несрби кои би можеле да претставуваат опасност, така што почнуваат да апсат лица кои претставуваат одреден авторитет, вклучително и морален, или кои располагале со некаква моќ, особено економска.

[16] Обвинителот против Радислав Крстиќ, IT-98-33, сведок Дражен Ердемовиќ, 22.5.2000, 3066-3184.

Истовремено, мажите се одвојуваат од жените, децата и постарите, бидејќи треба да се испрашаат. Сметајќи дека е соодветно, Србите ги собираат несрбите кои сè уште не го напуштиле регионот во центри. На овој начин настануваат центрите Омарска, Кератерм и Трнополе. […] Но, доказите прикажани пред Судот укажуваат на тоа дека за нив не смееме да зборуваме како за истражни или собирачки центри, туку како логори. […] Иако првично замислен да трае петнаесетина дена, логорот [Омарска] функционирал од мај 1992 година до, од прилика, 20 август 1992 година. Во тој период од речиси 3 месеци, низ логорот поминале најмалку 3334 затвореници. Згора на тоа, поминале триесетина жени, многу од нив угледни во тој крај. Сите затвореници се испрашувани. Речиси сите се тепани. Многумина нема да го напуштат логорот живи.“[17]



Логор Трнополе

За наставниците може да бидат особено интересни примерите поврзани со злосторствата извршени во Хрватска во 1995 година за време на операцијата „Бура“ и со злосторствата извршени на Косово во логорот Лапушник во 1998 година, за кои обвинетите беа ослободени од индивидуална кривична одговорност, но сепак МКСЈ утврди дека злосторствата се случиле. Значи, без оглед на тоа што

[17] Резиме на пресудата во предметот Обвинителот против Квочка и останатите, IT-98-30, ОН, МКСЈ.

лицата обвинети за злосторствата беа ослободени од индивидуалната одговорност, Судот утврди дека злосторствата навистина се случиле.

## ОПЕРАЦИЈАТА „БУРА“

За злосторствата извршени од 1991 до 1995 година на територијата на Република Хрватска, обвинителството на МКСЈ покрена 12 обвиненија против вкупно 18 политички, воени и полициски службеници на поранешна Југославија, Србија и Хрватска. Таканаречената Вуковарска тројка офицери на Југословенската народна армија (ЈНА): Миле Мркшиќ, Веселин Шљиванчанин и Мирослав Радиќ, беа обвинети за масакрот на Овчара. За гранатирањето на стариот дел од градот Дубровник беа обвинети генералот на ЈНА Павле Стругар и адмиралот Миодраг Јокиќ. Тројцата претседатели на Република Српска Краина, самопрогласена на окупираните територии во Хрватска: Милан Бабиќ, Милан Мартиќ и Горан Хаџиќ, беа обвинети за прогонство и тешки злосторства над хрватското и другото несрпско население во Источна Славонија и Книнската Краина. Генерал Момчило Перишиќ беше обвинет дека со материјална, кадровска и логистичка поддршка на Српската Војска на Краина (СВК) значително придонел кон извршувањето на нејзините злосторства, вклучително и кон гранатирањето на Загреб во мај 1995 година. За злосторствата врз српското население во Госпиќ и Медачки џеб, беа обвинети генералите на Хрватската војска (ХВ) Мирко Норац и Рахим Адеми, а нивните предмети беа отстапени на хрватското правосудство.

Генералите Анте Готовина, Иван Чермак и Младен Маркач беа обвинети во Хаг пред МКСЈ за злосторства извршени за време и по операцијата „Бура“ во летото 1995 година. Првостепената пресуда беше донесена на 15 април 2011 година. Анте Готовина и Младен Маркач беа едногласно прогласени за виновни за соизвршителство во здружен злосторнички потфат кое ги вклучувало кривичните дела: прогонства по политичка, верска и расна основа, убиства, нечовечки дела, пљачкосување, безмилосно разурнување и сурово постапување – дела квалификувани како злосторства против човештвото и кршење на законите и

обичаите на војување.[18] Анте Готовина е осуден на 24 години затвор, Маркач на 18 години, додека пак Иван Чермак беше ослободен од сите точки на обвинението. Сепак, Жалбениот совет предводен од американскиот судија Теодор Мерон на 16 ноември 2012 година, со тесно мнозинство (3:2), ги поништи заклучоците на Првостепениот совет за незаконското гранатирање и постоењето на здружен злосторнички потфат, и ги ослободи обајцата обвинети.[19]

Иако Жалбениот совет ја укина пресудата за хрватските генерали и заклучоците на Првостепениот совет за незаконитото гранатирање на градови и постоењето на здружен злосторнички потфат на хрватското раководство, Советот не ги укина наодите од првостепената пресуда за прогонството на српското население од Краина, за убиствата, нечовечките дела, уништувањето и пљачкосувањето на приватен имот, како и за спречувањето на враќањето на српските бегалци. Овие наоди ги задржуваат воспоставените и утврдените факти за настаните во Краина за време и по операцијата „Бура".

Еден пример за злосторствата врз цивилното население докажани во судењата за овој предмет се убиствата на Јова Грубор, Милош Грубор, Марија Грубор, Мика Грубор и Ѓура Карановиќ, извршени на 25 август 1995 година во Грубори, во маалото на селото Плавно во општина Книн. Сите жртви биле облечени во цивилна облека. Првостепениот совет утврди дека истиот ден биле уништени поголемиот дел од куќите во близина на маалото и биле убивани домашни животни. За сите пет жртви, судско-медицинскиот преглед потврди дека починале од огнено оружје.

Според приложените докази, утрото на 25 август 1995 година низ Плавно поминале групи луѓе облечени во камуфлажни униформи, опишани како војници со ознаки со молскавица на ракавите, кои се упатиле кон Грубори. Наскоро потоа се слушнала пукотница, а над Грубори почнал да се крева чад. Потоа, на Првостепениот совет му биле презентирани докази кои покажуваат дека на 25

[18] Обвинителот против Анте Готовина, Иван Чермак и Младен Маркач (Пресуда на Првостепениот совет), IT-06-90-T, МКСЈ, 15.4.2011.
[19] МКСЈ, Податоци за предметот IT-06-90 Обвинителот против Анте Готовина, Иван Чермак и Младен Маркач.

август 1995 година низ Грубори поминала и Антитерористичката единица Лучко на Специјалната полиција.

Иако творците на Трибуналот не предвиделе повисока правна инстанца која би ги преиспитувала одлуките на Жалбениот совет, наодите од двете пресуди за „Бура“ биле разгледувани пред Меѓународниот суд на правда (МСП), највисок светски суд што пресудува во спорови помеѓу држави. Наодите биле разгледувани како докази и противдокази во спорот покренат со меѓусебните тужби на Хрватска и Србија за геноцид. Во конкретниот случај, Србија се повикувала на првостепената (осудувачка) пресуда на МКСЈ за да докаже дека во „Бура“ биле извршени злосторства што достигнале размери на геноцид, додека Хрватска го оспорувала тоа повикувајќи се на второстепената (ослободителна) пресуда. Со пресудата изречена во февруари 2015 година, МСП утврди дека српските и хрватските сили меѓу 1991 и 1995 година извршиле тешки злосторства, од кои некои ги имаат материјалните елементи на геноцид, но намерата не била „уништување“ на некоја етничка група, туку „насилно отстранување“ на нејзините припадници од одредени територии.[20]

## Косово

Политичката криза на Косово се развиваше од крајот на 1980-те и во текот на 1990-те години, кулминирајќи со вооружен конфликт во средината на 1998 година меѓу силите на Сојузна Република Југославија (СРЈ) и Република Србија, од една страна, и Ослободителната војска на Косово (ОВК), од друга.[21] За време на конфликтот, Војската на СРЈ (ВЈ) и Министерството за внатрешни работи на СРЈ (МВР) употребуваа прекумерна и неселективна сила, што резултираше со уништување на цивилна инфраструктура, раселување на населението и смрт на цивили. И покрај напорите за решавање на кризата, вклучувајќи го и испраќањето на меѓународната Верификациона мисија на Косово, конфликтот продолжи и на 24

[20] МСП, Примена на Конвенцијата за спречување и казнување на злочинот геноцид (Хрватска против Србија) (Пресуда) Извештаи на МСП 2015, стр. 3.
[21] Косово, СЕНС центар.

март 1999 година, силите на НАТО започнаа воздушна кампања со бомбардирање на цели во СРЈ. Таа кампања заврши на 10 јуни 1999 година, а српските и југословенските сили се повлечени од Косово.[22]

Злосторствата против косовските Албанци во 1999 година беа предмет на три судења пред МКСЈ: предметот IT-02-54 „Обвинителот против Слободан Милошевиќ“, предметот IT-05-87 Обвинителот против Никола Шаиновиќ, Драгољуб Ојданиќ, Небојша Павковиќ, Владимир Лазаревиќ, Сретен Лукиќ и Милан Милутиновиќ, како и предметот IT-05-87/1 Обвинителот против Властимир Ѓорѓевиќ. Поранешниот претседател на СР Југославија, Слободан Милошевиќ, почина во притвор пред завршувањето на судската постапка, а другите две судења резултираа со ослободителна пресуда за едно лице и осудителни пресуди за шестмина поранешни високи политички, воени и полициски функционери на СРЈ и Србија.[23]

Злосторствата што во 1998 година ги извршиле припадници на ОВК врз Срби и Роми, но и врз Албанци осомничени за „соработка“ со српските власти, беа разгледувани во два предмета пред МКСЈ: предметот IT-03-66 Обвинителот против Фатмир Лимај и останатите, и предметот IT-04-84 Тужител против Рамуш Харадинај и останатите. Предметот IT-03-66 Обвинителот против Фатмир Лимај и останатите се однесуваше на злосторствата против човештвото извршени во затвореничкиот логор Лапушник во централниот дел на Косово. Иако двајца од тројцата обвинети – припадници на ОВК беа ослободени од индивидуална одговорност бидејќи обвинителството не успеа да докаже надвор од разумно сомневање дека постоела поврзаност меѓу директните извршители и обвинетите команданти, ниту дека постоел здружен злосторнички потфат со цел преку злосторства врз цивили да се зацврсти контрола на ОВК врз делови од Косово, Хашкиот трибунал утврди неспорни факти за постоењето на логорот каде што биле затворани и мачени Срби, Роми, но и Албанци осомничени за наводна соработка со српските власти. Првостепениот совет во пресудата заклучи дека „постојат докази дека

[22] „МКСЈ: Случајот на Косово“, Косово СЕНС центар.
[23] Ibid.

киднапирањата и затворањата на одредени лица биле донекаде систематски и координирани". Иако обвинетите првично го негираа постоењето на затвореничкиот логор во Лапушник, неговото постоење беше потврдено со доказите изнесени на судењето. Судиите заклучија дека самото постоење на логорот покажува „дека постапките против оние за кои постоеја сомненија дека се соработници биле координирани и организирани".[24] Со пресудата е утврдено дека ОВК киднапирала припадници на српските безбедносни сили, како и Албанци за кои се сомневале дека се нивни соработници, и ги изложувала на дискриминација, малтретирање и злоупотреби. „Оние косовски Албанци за кои се верувало дека се поврзани со српските воени или полициски власти беа жртви на особено сурово постапување во затвореништво."[25] Оние што ОВК ги обвинила за соработка биле нарекувани „шпиони" или „предавници на својот народ".[26] Еден од доказите што судиите ги вклучија во списите е соопштението на ОВК бр. 43 издадено на 4 март 1998 година, во кое се среќава реченицата „смрт за непријателот и предавниците".[27] За време на судењето беше утврден идентитетот на 27 затвореници од Лапушник, како и на српски и албански цивили. Страшната слика за затвореничкиот логор беше прикажана преку сведочењата на поранешни затвореници, кои судиите ги прифатија како факти. Докажано е дека речиси сите киднапирани биле затворени или во една многу мала просторија во подрум што била користена како складиште, или во друга мала просторија што инаку се користела како штала. Условите во двете простории биле нехумани.

---

[24] Обвинителот против Лимај и останатите, (Пресуда на Првостепениот совет), IT-03-66-T, МКСЈ, 30.11.2005, стр.73
[25] Ibid. стр. 70,
[26] Ibid. стр. 71.
[27] Ibid. стр. 73.

# Жената во војната

## Вовед

Во вооружените конфликти на просторот на поранешна Југославија од 1991 до 2001 година учествуваа и беа жртви на насилство сите општествени групи, вклучително и жените и децата. Жените, било како мајки или ќерки, во војната страдаа исто како и мажите и беа жртви на различни форми на напади, на масовно и организирано насилство. Историски гледано, во вооружените конфликти жените и децата секогаш биле меѓу најзагрозените делови од населението и биле користени како оружје против непријателската војска. На почетокот на 20 век беа покренати првите меѓународни иницијативи за зачувување на општествените структури за време на вооружени конфликти, кои ја третираат неопходноста од посебна заштита на жените и децата како најранливи делови од населението за време на војна. Еднаквоста на правата на жените е еден од основните принципи на Обединетите нации. Обединетите нации од своето основање во 1945 година донесуваат документи против дискриминација на жените, со цел да се промени положбата на жената во општеството.[28] Женевските конвенции и нивните протоколи (1949) со себе повлекуваат кривична одговорност и подвлекуваат дека „жените ќе бидат особено заштитени од секаков напад на својата чест, а особено од силување, принудување на проституција или од секаков вид на непристоен напад“.[29]

Избувнувањето на војната на просторот на поранешна Југославија, вестите за страшните злосторства, илјадниците убиени и ранети, мачени и сексуално злоупотребувани во логорите за притвор, и стотиците илјади протерани од своите домови, го потресоа светот и го поттикнаа Советот за безбедност на Обединетите нации да дејствува. Како одговор на масовните ѕверства кои во тој момент се случуваа во Хрватска и Босна и Херцеговина, на 25 мај 1993 година Советот за

[28] Short History of CEDAW Convention, Convention of the elimination of all forms of discrimination against Women.

[29] Меѓународен комитет на Црвениот крст (МКМК), IV Женевска конвенција за заштита на цивилни лица за време на војна, 75 UNTS 287, 12.8.1949, [Во понатамошниот текст IV Женевска конвенција], член 27.

безбедност на Обединетите нации едногласно ја донесе Резолуцијата 827, со која се овозможи формирање на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ), кој ќе се занимава со прекршувањата на човековите права за време на конфликтите во деведесеттите, па така и со прекршувањата на правата на жените и децата.[30]

Жената во војна како посебна тема е релевантна за овој прирачник со цел подобро разбирање на положбата на жените за време на вооружените конфликти на територијата на поранешна Југославија, како и нивниот подоцнежен придонес во судските процеси. Во поголемиот дел од случаите, жената се препознава како жртва, сведок, мировна активистка, а многу ретко се согледува нејзината воена улога. Од исклучителна важност е преку постоечките наставни програми да се анализираат и подучуваат сите улоги што жените ги имаа во војните од 90-те години. Главната тема е поделена на поттеми со цел да се рефлектираат нивните улоги во различни аспекти. Со наведените поттеми во прирачникот се укажува на дел од улогите што жените ги имаа во вооружените конфликти од 90-те, без желба да се намали значењето на останатите нивни улоги.

Една од препознатливите улоги на жените која не е обработена во прирачникот е женскиот отпор кон војната. Мировните активистки низ целиот простор на поранешна Југославија, преку нивната борба за мир, ги ризикувале своите животи, обединети во отпорот против војната и злосторствата, како чин на човечка солидарност и сочувство со жртвите. Тие им нуделе помош и поддршка на бегалците; организирале и учествувале во јавни акции, протести и манифестации против војната, милитаристичките политики и мобилизацијата; покренувале апели, петиции и декларации за мир и организирале антивоени акции на солидарност со граѓани погодени од конфликтите. За време на самата војна, мировните активистки од Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Црна Гора и Србија тесно соработувале, организирале заеднички акции и на тој начин создале транснационален активистички антивоен сојуз во услови на војна. Така, на пример, во периодот меѓу

[30] Совет на безбедност на ОН, Резолуција 827 (1993), [Меѓународен кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ)], S/RES/827 (1993), 25.5.1993.

21 и 29 септември 1991 година бил организиран Европскиот мировен караван. Стотици пацифисти и пацифистки од повеќе европски земји пристигнале во Љубљана, Загреб, Белград и Сараево. Обидувајќи се да ја спречат војната, учесничките на каравнот барале мировни преговори од властите и ги поддржувале мировните иницијативи во Југославија. На 27 септември 1991 година во Сараево, Жените во црно од Италија организираа протест на кој учествуваа и некои од основачките на Жените во црно од Белград. „Од женскиот собир во Сараево на 29 септември 1991, на кој учествуваа стотина активистки од Југославија и европски земји, беше упатен проглас на жените на светот со барање за прекин на војната, демилитаризација и прекин на соработката со сите оние кои на кој било начин учествуваат во војната.“[31] Многу мировни активистки му помогнале на МКСЈ во процесот на документирање на воените злосторства и прекршувањата на човековите права. Нивната улога во борбата против војната продолжила и по нејзиното завршување во граѓански организации низ поранешна Југославија, спротивставувајќи се на релативизацијата на злосторствата и втемелувајќи култура на сеќавање на војните од 90-те.

Во работата на оваа тема, како и на другите теми поврзани со војните од 90-те, наставниците треба да применуваат професионални стандарди и одговорен пристап кон предавањето и учењето. Вакви насоки за теми за војните од деведесеттите на просторите на поранешна Југославија објави Европското здружение на наставници по историја (EuroClio) во документот „Како да се разбере минатото што не минува – Препораки за одговорно подучување за војните во Југославија и државите наследнички“.[32] Нашата желба е да ги поттикнеме наставничките и наставниците на истражување и работа со нивните ученици на други улоги и теми за жените како жртви на насилствата во војните од 90-те на просторите на поранешна Југославија.

[31] Kratka istorija antiratnog otpora u Srbiji 1991 – 1992. Mala čitanka za feministički diskusioni kružok „Od materinske politike mira do feminističkog antimilitarizma“, Žene u crnom, Белград, април 2013. страна 23.
[32] Making sense of the past that refuses to pass: Recommendations for responsible teaching of the wars in Yugoslavia and its successor states, EuroClio.

**ЦЕЛИ НА УЧЕЊЕТО**

- Целта на учењето на темата „Жената во војна“ е да се разберат различните улоги што ги имале жените во војните од 90-те на просторите на поранешна Југославија преку предметите што се воделе пред Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија.
- Целта на учењето на поттемата „Жената како жртва на злосторства“ е да се разбере специфичната улога на жената како жртва на злосторствата во војните на просторите на поранешна Југославија преку предметите што се воделе пред Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија.
- Целта на учењето на поттемата „Жената како воена злосторничка“ е да се согледа улогата и/или позицијата на жената како воена злосторничка, нејзината лична, политичка и општествена одговорност во војните од 90-те на просторите на поранешна Југославија преку предметот IT-00-39 & 40/1 Обвинителот против Биљана Плавшиќ.
- Целта на учењето на поттемата „Жената како сведок“ е да се разберат улогите што ги имале жените како сведоци пред Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија.

## Жената како жртва на злосторства

За целите на овој прирачник ја користиме дефиницијата на поимот „жртва“ која е усогласена во рамките на Обединетите нации, според која под поимот жртви се подразбираат „лица кои, индивидуално или колективно, претрпеле штета, вклучувајќи физички или ментални повреди, емоционално страдање, економска загуба или значително нарушување на своите основни права, како резултат на дејствување или недејствување што претставува повреда на некој од кривичните закони на земјите-членки, вклучително и оние закони со кои злоупотребата на моќ се санкционира како кривично дело.”[33] Иако постои меѓународна правна заштита за

[33] Генерално собрание на ОН, Декларација за основните принципи за правда за жртвите на насилства и на злоупотреби на правдата, A/RES/40/34, 29.11.1985.

време на војна, жените страдаат исто како и мажите, со што се кршат меѓународните правни рамки кои обезбедуваат права за заштита на жените за време на вооружени конфликти.

Во вооружените конфликти кои се водеа од 1991 до 2001 година на просторот на поранешна Југославија се проценува дека настрадале повеќе од 130 000 лица – припадници на вооружените сили и цивилното население.[34] За време на војните биле извршени различни форми на насилство, вклучувајќи и сексуално насилство, чии жртви биле жени, мажи и деца. Силувањето и другите облици на сексуално насилство врз жените се забранети според меѓународното хуманитарно право и можат да претставуваат воено злосторство. IV Женевска конвенција за заштита на цивилните лица за време на војна утврдува дека „жените ќе бидат особено заштитени од секаков напад на својата чест, а особено од силување, принудување на проституција или од секаков вид на непристоен напад".[35] Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на Обединетите нации за жените, мирот и безбедноста од 2000 година ги обврзува државите да им судат и да ги казнат оние што се одговорни за геноцид, злосторства против човештвото и воени злосторства, вклучително и сексуални злосторства врз жените. Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија е првиот суд што го воведе сексуалното насилство во војна како кривично дело, што претставува значаен чекор во процесот на гонење на овој вид злосторства. „Од првите денови на мандатот на Меѓународниот суд се спроведуваа истраги за наводи за систематско затворање и силување на жени, мажи и деца. Повеќе од една третина од сите лица осудени пред МКСЈ беа прогласени за виновни и за сексуални злосторства меѓу останатото."[36] Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија:

- поднесе обвиненија експлицитно за сексуално насилство и ги дефинираше сродните злосторства како што се силување и сексуално поробување во обичајното право;

[34] Карта на жртвите на војните од 1991-2001 на подрачјето на некогашната СФРЈ.
[35] IV (четврта) Женевска конвенција, член 27.
[36] Злосторствата на сексуално насилство, ОН, МРМКС.

- изрече осудителни пресуди за делото силување како облик на мачење (во предметот IT-96-21 Обвинителот против Муциќ и останатите) и за делото сексуално поробување како злосторство против човештвото (во предметот IT-96-23 & 23/1 Обвинителот против Кунарац, Ковач и Вуковиќ).

Од почетокот на работата на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија, заклучно со септември 2016 година, 78 лица или 48% од вкупно 161 обвинет беа обвинети за сексуално насилство. За сексуални злосторства беа осудени 32 лица согласно одредбите на член 7(1) од Статутот на МКСЈ. Дополнително, четири лица беа осудени затоа што не го спречиле кривичното дело и не ги казниле сторителите, согласно одредбите од член 7(3) од Статутот.[37]

Секојдневниот живот на луѓето за време на војната значеше живот под постојана закана од експлозии на гранати или снајперски истрели. Животот на жените за време на војната беше особено тежок, а нивната улога како мајки и сестри се прилагодуваше на условите кои се нераскинливи придружници на војната: болестите, недостигот на храна, облека, лекови, засолниште, бегалските колони итн.

## Гранатирањето на Загреб

Главниот град на Република Хрватска,[38] Загреб, беше гранатиран од страна на војската на Република Српска Краина на 2 и 3 мај 1995 година, со испукување на боеви глави со касетни бомби кон центарот на градот, вклучувајќи го и Хрватскиот народен театар и детската болница. Градот беше гранатиран како одмазда за Операцијата „Блесок“[39] по наредба на Милан Мартиќ, претседателот на Република Српска Краина и врховниот командант на војската на Српска Краина. Покрај Загреб, гранатирани беа и градовите Сисак и Карловац. На 2 мај 1995 година, од

[37] Во бројки: злосторствата на сексуално насилство пред МКСЈ, ООН, МКСЈ.
[38] Интерактивна карта, ООН, МКСЈ.
[39] Операцијата „Блесок“ е називот за хрватската воено-полициска интервенција на подрачјето на Западна Славонија кое Србите го зазеле на почетокот на мај 1995 година. Во мај 1995 година, хрватската армија ги порази српските сили во операцијата „Блесок“ и ја врати Западна Славонија под своја контрола.

повеќецевен ракетен фрлач „Оркан“, опремен со касетни боеви глави, беа испукани гранати од областа Петрова гора кон централниот дел на градот Загреб и аеродромот Плесо. Ракетите паднаа на неколку локации во трговскиот дел од градот, претежно на улицата Стара Влашка, плоштадот Јосип Јурај Штросмајер и улицата Крижаниќева. За време на тој напад, загинаа најмалку пет, а ранети беа 146 цивили. На 3 мај 1995 година повторно беше нападнат од повеќецевен ракетен фрлач „Оркан“, опремен со касетни боеви глави, од областа Петрова гора кон центарот на Загреб. Ракетите паднаа во областите на улиците Клаичева, Медуличева, Илице и во близина на Хрватскиот народен театар. Загинаа два, а ранети беа 48 цивили. За време на гранатирањето во Загреб, вкупно загинаа седум цивили, а повеќе од 200 беа ранети, од кои повеќе лица претрпеа тешки телесни повреди.[40] Од сведочењето во предметот IT-95-11 Обвинителот против Милан Мартиќ ги гледаме различните начини на кои жените беа погодени од ова гранатирање.

На 2 мај 1995 година, Мина Жунац беше во центарот на Загреб со мајка си кога ја ранија за време на ракетното гранатирање на градот. Таа се здобила со тешка повреда на ногата. На барање на обвинителот од Меѓународниот кривичен суд, како сведок во предметот IT-95-11 Обвинителот против Милан Мартиќ, таа ја опиша природата на своите повреди поради кои има траен инвалидитет.[41]

За време на ракетниот напад врз Загреб на 2 мај 1995 година, Рашељка Грмоја имаше 17 години и беше во училиште на улицата Крижаниќева 967 во Загреб. За време на часот по Хрватски јазик, добила дозвола да излезе со другарка си од часот и да оди до фотографско студио за да развие филм. Во моментот кога излегле од училницата, гранатирањето на градот започнало, по што врз нив паднало стакло кое пукнало од прозорците во ходникот. Притоа, Рашељка Грмоја се здобила со повреда на окото и рамото. Таа сведочеше пред МКСЈ во предметот IT-95-11 Обвинителот против Милан Мартиќ. Тогаш таа опиша како дошло до повредите,

[40] МКСЈ, Податоци за премдетот IT-04-81 Обвинителот против Момчило Першиќ.
[41] Сведочење на Мина Жунац во предметот IT-95-11 Обвинителот против Мартиќ, датум на сведочењето: 20.6.2006 година. Koalicija za REKOM, август 2017.

посочи на природата на своите повреди, но и на стравовите кои ја следеле долго време по ранувањето.[42]

Наведените примери се поврзани со предметот IT-95-11 Обвинителот против Милан Мартиќ, во кој обвинетиот со пресудата на Жалбениот совет беше осуден на 35 години затвор за злосторствата извршени врз хрватските цивили во САО Краина и Република Српска Краина во периодот од 1991 до 1995 година, како и за гранатирањето на Загреб на 2 и 3 мај 1995 година.

## Операцијата „Бура“

Жените беа жртви и за време на воено-полициската операција „Бура“ на хрватските вооружени сили во август 1995 година. За време на оваа операција беа извршени бројни злосторства против цивили од српска националност и нивниот имот, што доведе до раселување на околу 200 000 Срби, до уништување и пљачкосување на имоти, додека околу 400 Срби кои одлучиле да останат во своите домови беа убиени. Обвинителството на Меѓународниот кривичен суд докажуваше дека операцијата имала уште една, нелегитимна и незаконска цел: трајно отстранување на српското население од делови од хрватската територија.

Сава Мирковиќ сведочеше пред МКСЈ на 25 и 26 август 2008 година во предметот IT-06-90 Обвинителот против Анте Готовина, Иван Чермак и Младен Маркач за причините поради кои тој и неговото семејство побегнале од селото Полача, во општина Книн, на 4 август 1995 година, и како подоцна дознал дека неговата мајка била запалена на прагот од куќата. Сава Мирковиќ опиша дека гранатирањето на околината на селото Полача започнало на 4 август 1995 година, помеѓу 10 и 11 часот, при што не била нанесена некоја поголема штета. Тој и неговото семејство го напуштиле селото околу 21:30 часот. Меѓу малкуте кои останале во селото била и мајката на сведокот, Ѓурѓа Мирковиќ, тогаш на возраст од 70 години, а која на 12 август 1995 година била убиена од тројца војници со

[42] Сведочење на Рашељка Грмоја во предметот IT-95-11 Обвинителот против Мартиќ, датум на сведочењето: 19.6.2006 година. Koalicija za REKOM, август 2017.

автоматско оружје додека стоела со соседката Смиљана Мирковиќ на влезот на нејзиниот двор. Синот на Смиљана, Јован, и нејзиниот сопруг Душан Мирковиќ, на 14 или 15 август 1995 година ги пронашле и собрале посмртните остатоци на Ѓурѓа, кои ги затекнале јагленисани, ги завиткале во ќебиња и ги закопале во дворот кај бунарот. Смиљана Мирковиќ посведочи за оваа случка со изјавата која му ја дала на Обвинителството на МКСЈ на 9.3.2007 година.[43] Жалбениот совет на МКСЈ ги ослободи генералите на Војската на Република Хрватска, Анте Готовина и Младен Маркач, од обвиненијата за злосторства против човештвото и повреда на законите и обичаите на војување.

Треба да се нагласи дека не се жените единствените жртви на вооружените конфликти, но факт е дека врз нив биле извршени монструозни злосторства кои не само што им нанеле штета ним, туку и на сите оние што им се блиски.

### Логорот Сушица

Хабиба Хаџиќ од Власеница била затвореничка во логорот Сушица околу два месеца во текот на летото во 1992 година. Хабиба Хаџиќ беше жртва на насилство и сведок пред МКСЈ. Околу 21 април 1992 година, српските сили го зазеле градот Власеница.[44] Како последица на тоа, многу муслимани и други несрби го напуштиле тоа подрачје. Оние кои останале биле или протерани или уапсени. Кон крајот на мај или почетокот на јуни 1992 година, српските сили воспоставиле логор во местото Сушица, каде што поголемиот дел, ако не и сите затвореници, биле цивили, меѓу кои имало голем број постари лица, жени, деца, па дури и бебиња. Жените и децата најчесто биле затворени во овој логор пред да бидат протерани во блиски подрачја под муслиманска контрола. За време на нивното заточеништво, некои од жените биле силувани, а барем во еден случај тоа се случило во присуство на други затвореници. Жените биле подложени на различни видови на малтретирање и често претепувани, во што учествувал и Драган Николиќ, еден од командантите на

[43] Изјава на Смиљана Мирковиќ дадена на Обвинителството на МКСЈ на 9.3.2007 година, достапна на страницата на RECOM Mreža pomirenja.
[44] Видео-прилог за Логорот Сушица, ООН, МРМКС.

логорот Сушица од јуни 1992 година. Во предметот IT-94-2 Обвинителот против Драган Николиќ, Хабиба Хаџиќ сведочеше пред МКСЈ на 3.11.2003. за тоа што се случувало во логорот. Хабиба Хаџиќ ги опишуваше условите што владееле во логорот, атмосферата на терор што ја создавале војниците, опишуваше како сведочела на злоставувања на неколку муслимански мажи во логорот, на убиството на еден муслимански затвореник и како била принудена да врши домашни работи за командантот на логорот Драган Николиќ.[45] „Знаев да му ја чистам собата таму. Требаше да му ги измијам нозете, да му нанесам крема и така натаму. (…) Всушност, што и да ми нареди, јас морав да направам. Не смеев да кажам не."[46] Насилството што го претрпела остави трајни последици, како што опиша Хабиба Хаџиќ. „Ќе останам инвалид на оваа рака. Ако треба да покажам. Сега имам снимање, и така натаму. Десниот лакт, овој овде, еве има како дупка, ме боли, не можам сама да се измијам, да ти кажам, целосно ме боли.... Потоа кога си заминав, малку по малку, шеќерот ми се зголемуваше. Добив шеќер. Ми боли срцето, имам онаква ангина, целосно, покрај другото ако треба, ќе ви ги дадам наодите. Затоа што ги нема моите деца…"[47] Болните затвореници не добиваа никаква здравствена нега, исто така, не беа одвоени од останатите затвореници и беа принудени да останат во хангари, во близок контакт со останатите затвореници.

Кога Хабиба Хаџиќ го напуштила логорот Сушица, нејзините синови, Енис Хаџиќ (31 година) и Бернис Хаџиќ (29 години), сè уште биле затвореници во логорот. Таа никогаш повеќе не ги видела живи. На крајот од нејзиното сведочење, кога ја прашале дали верува дека нејзините синови се живи, таа изјавила: „[Моите синови] Тие не се живи, тоа го знае Јенки [Драган Николиќ]. Би замолила само да знам во која гробница се. Да ги погребе мајка достоинствено. Барем да ги гледам, да дојдам каде што се нивните ковчиња, да ги види мајка. Да знам ете каде се закопани. Но не знам, уште никогаш не дознав."[48] На 30 септември 1992 година, припадници на полицијата на босанските Срби ги изведоа последните 140 затвореници од логорот Сушица. Во таа група биле и двајцата синови на Хабиба Хаџиќ, за чија судбина

[45] МКСЈ, Податоци за предметот „Логорот Сушица", IT-94-2 Обвинителот против Драган Николиќ.
[46] Хабиба Хаџиќ, ООН, МКСЈ.
[47] Ibid.
[48] Ibid.

ништо не се знаело сè до нејзиното доаѓање во Хаг и нејзиното сведочење пред МКСЈ во 2003 година. Тоа беше еден од највпечатливите настани во судницата на МКСЈ. Тогаш обвинетиот – поранешен командант на логорот Сушица, Драган Николиќ – одговарајќи на прашањата на Хабиба Хаџиќ, разоткри што се случило со нејзините синови. Синовите на Хабиба Хаџиќ биле убиени и закопани на 30 септември 1992 година во блиското место наречено Дебело Брдо.[49]

На 18 декември 2003 година, по неговото признание на вина за злосторствата извршени во логорот Сушица, МКСЈ го осуди Драган Николиќ, познат како „Јенки“, на 20 години затвор за извршените прогонства врз основа на политичка, расна и верска припадност, убиство, сексуално насилство и мачење (како злосторства против човештвото).

Вкупно шест лица беа осудени пред МКСЈ за злосторства извршени во логорот Сушица: Драган Николиќ, Момчило Крајшник, Радован Караџиќ, Ратко Младиќ, Миќо Станишиќ и Стојан Жупљанин. Еден обвинет почина пред да биде изречена пресудата (Слободан Милошевиќ).

## Логорот Челебиќи

Жените за време на војните на просторот на поранешна Југославија биле изложени на сексуално поробување, сексуално мачење и сексуално осакатување како родово базирано насилство. За време на војната во Босна и Херцеговина (1992-1995) повеќе илјади жени претрпеле сексуално насилство како родово базирано насилство. МКСЈ покрена обемни истраги и уште од 1995 година покрена бројни обвиненија за сексуалното насилство извршено во Босна и Херцеговина.

> „... Ми ја згази гордоста, повеќе не можам да се вратам себеси, да бидам жена како што бев.“
>
> - Гроздана Ќеќез, сведочење пред МКСЈ.[50]

[49] Судбината на затворениците во логорот Сушица, ООН, МРМКС.
[50] Сведочење на Гроздана Ќеќез во предметот IT-96-21 Обвинителот против Здравко Муциќ, Хазима Делиќ, Есад Ланџа и Зејнил Делалиќ, Glas žrtava.

Гроздана Ќеќез сведочеше на 17 и 18 март 1997 година во предметот IT-96-21 Обвинителот против Здравко Муциќ, Хазим Делиќ, Есад Ланџа и Зејнил Делалиќ за тоа како се чувствувала откако обвинетиот Хазим Делиќ ја силувал во затвореничкиот логор Челебиќи покрај Коњиц во Босна и Херцеговина: „Не можев да сфатам што ќе ми се случи. Зар е можно на крајот на 20 век некој да си дозволи себеси такви глупости?“[51] Гроздана Ќеќез беше уапсена на 27 мај 1992 година и однесена во логорот Челебиќи каде што била, како што ѝ било речено, заложничка, до ослободувањето на 31 август 1992 година. Веднаш откако ја довеле во логорот, неа ја силуваше Хазим Делиќ, заменик-командантот на логорот, во административната зграда во присуство на уште двајца мажи. Откако била префрлена во приемната зграда на третиот ден, Гроздана Ќеќез ја силуваа уште четворица млади мажи во униформи, еден по друг. Кон крајот на јули 1992 година, доживеа уште едно силување, кога, откако одби да се јави на повикот на Хазим Делиќ, беше одведена во хангар каде што ја силуваше Нурко Табак.

За силувањата што ги претрпела во логорот Челебиќи сведочеше и уште една српска затвореничка, Милојка Антиќ, која била затворена заедно со Гроздана Ќеќез. Таа опиша како била силувана од обвинетиот Хазим Делиќ. „Мораше да се соблечам бидејќи тој ја впери пушката во мене, во горниот дел од телото. […] Ми нареди да се качам на креветот и да легнам. Тогаш ме силуваше. Ми нареди да ја соблечам тренерката, тогаш имав тренерка, тогаш имав џемпер, и џемперот исто така мораше да го соблечам, потоа морав да се качам на креветот и да... Јас тогаш морав да се качам на креветот, потоа тој се соблече, го симна каишот, каде веќе имаше и пиштол, се соблече и се качи на креветот и потоа почна да ме силува. Следниот ден дојде на врата, ја отвори и рече од вратата, ме праша како сум, како се чувствувам. Јас гледав пред себеси и почнав да плачам, тој рече: „Зошто плачеш, тоа нема да ти биде последен пат“. Се чувствував грозно, постојано плачев, ништо не бев, бев како полудена“. Ова беше првото од трите силувања што Делиќ ги изврши врз Милојка Антиќ. Заради тоа таа, како што опиша, трпеше трајни последици како постојани крварења, депресија и физички болки.

[51] Сведочење на Гроздана Ќеќез, ООН, МКСЈ.

Судиите на МКСЈ заклучија дека целта на овие силувања била да се добијат информации, жените да се казнат поради тоа што не можеле да дадат информации, како и да се заплашат и принудат. Првостепениот совет исто така констатираше дека насилството кон овие две жени имало дискриминаторна цел, односно дека биле изложени на насилство поради тоа што се жени. Судиите во пресудата подвлекоа дека „силувањето на која било личност е чин достоен за презир, кој ја навредува самата суштина на човечкото достоинство и физичкиот интегритет“, и дека е „непобитно дека делото силување може да се смета за мачење според меѓународното обичајно право“.[52] Жалбениот совет на МКСЈ ги потврдил овие наоди и ги осудил Хазим Делиќ на 18 години, Здравко Муиќ на 9 и Есад Ланџа на 15 години затвор.

## Жената како воена злосторничка

За време на војните од 1991 до 2001 година на просторите на поранешна Југославија, жените биле изложени на различни форми на насилство, но како и мажите, некои жени сториле злосторства и биле одговорни за нив, за што биле осудени. Пред МКСЈ ѝ беше судено на Биљана Плавшиќ, која беше водечка политичка личност на босанските Срби од 1990 до 1995 година.[53] Биљана Плавшиќ е единствената жена која МКСЈ ја обвини и осуди за кривични дела сторени во вооружените судири на просторот на поранешна Југославија. Пред покренувањето на обвинението против неа, ниту еден меѓународен суд немал покренато обвинение против жена. Подоцна, Меѓународниот кривичен суд (МКС) распиша потерница за Симон Гбагбо[54] (Брегот на Слоновата Коска) за злосторства против човештвото: убиство, силување и друго сексуално насилство, прогонство и други нечовечки постапки во контекст на насилствата по изборите на територијата на Брегот на

[52] Обвинителот против Здравко Муциќ, Хамза Делиќ, Есад Ланџа и Зејнил Делалиќ (Пресуда на Првостепениот совет), IT-96-21-T, МКСЈ, 16.11.1998.
[53] IT-00-39 & 40/1 Биљана Плавшиќ, ООН, МКСЈ.
[54] Случајот на Симон Гбабо, Обвинителот против Симон Гбабо, ICC-02/11-01/12, МКС.

Слоновата Коска меѓу 16 декември 2010 и 12 април 2011 година. Во 2021 година, МКС ја повлече потерницата за Симон Гбагбо.[55]

Биљана Плавшиќ е родена на 7 јули 1930 година во Тузла, Босна и Херцеговина. Дипломирала биологија на Природно-математичкиот факултет во Загреб, каде што и докторирала на ботаника. Биљана Плавшиќ била членка на Српската демократска партија (СДС) од нејзиното основање во 1990 година. На повеќепартиските избори во Босна и Херцеговина во 1990 година, била избрана за членка на колективното Претседателство на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, претставувајќи ја Српската демократска партија како првата жена-членка. Од 28 февруари 1992 до 12 мај 1992 година била вршителка на должноста Претседател на Српската Република Босна и Херцеговина. Била членка на Советот за национална безбедност на Српската Република БиХ. На 12 мај 1992 година станала членка на трочленото Претседателство на Српската Република БиХ, а од почетокот на јуни 1992 до 17 декември 1992 година била членка на проширеното Претседателство на Република Српска. Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија ја обвини Биљана Плавшиќ врз основа на индивидуална кривична одговорност и кривична одговорност на претпоставен. По признавање на вината, обвинетата беше осудена на 11 години затвор. По изрекувањето на пресудата, Биљана Плавшиќ беше префрлена на издржување на казната во Шведска. Во казната беше вброено времето од вкупно 245 дена кое го поминала во притвор. На 14 септември 2009 година, на Биљана Плавшиќ ѝ беше одобрено предвремено ослободување, кое стапи во сила на 27 октомври 2009 година. Обвинението против Биљана Плавшиќ беше покренато на 7 април 2000 година, но остана запечатено сè до нејзиното доброволно предавање на 10 јануари 2001 година.[56] Со обвинението, Биљана Плавшиќ беше обвинета за осум точки, врз основа на индивидуална кривична одговорност (член 7(1) од Статутот на МКСЈ) и одговорност на од позиција на претпоставен (член 7(3)), за:

- геноцид и/или соучество во геноцид (геноцид, член 4),

[55] МКС, Податоци за предметот ICC-02/11-01/12 Симон Гбабо.
[56] Обвинителот против Биљана Плавшиќ (Обвинение), IT-00-40-1, МКСЈ.

- истребување; убиство; прогонства по политичка, расна и верска основа; депортација; алтернативно, нехумани дела (злосторства против човештвото, член 5),
- убиство (кршење на законите и обичаите на војување, член 3) во Босна и Херцеговина.[57]

При првото појавување пред Судечкиот совет III на Трибуналот на 11 јануари 2001 година, Биљана Плавшиќ се изјасни дека не е виновна за ниедна точка од обвинението.[58] Со спогодба со Обвинителството на МКСЈ на 17 декември 2002 година, Биљана Плавшиќ ја призна вината и ја презеде одговорноста за своето однесување и постапки за време на вооружените конфликти во Босна и Херцеговина.

„Господине Претседавач, госпоѓо Обвинителке, бранители – ви благодарам што ми ја дадовте можноста денес да зборувам. Пред скоро две години дојдов овде како обвинета за учество во злосторства против други човечки суштества, па дури и против човештвото. Дојдов од две причини: да се соочам со овие обвинувања и да го поштедам мојот народ – бидејќи беше јасно дека тие би ја платиле цената за недоаѓањето на кој било кого. Досега имав можност да ги преиспитам овие обвинувања и, заедно со моите бранители, да ги проверам и оценам. Сега сум уверена и прифаќам дека илјадници невини луѓе беа жртви на организирана и систематска акција за отстранување на муслиманите и Хрватите од подрачјата што Србите ги сметаа за свои.

Во тоа време, лесно се уверив самата себе дека станува збор за прашање на опстанок и самоодбрана. Всушност, дури и повеќе од тоа – нашето раководство, чиј неопходен дел бев и јас – водеше потфат кој како жртви имаше безброј невини луѓе. Објаснувањата за самоодбрана и опстанок не нудат оправдување. На крајот, дури и нашите сонародници рекоа дека во

[57] МКСЈ, Податоци за предметот IT-00-39 & 40/1 Обвинителот против Плавшиќ, Обвинение и обвинувања.
[58] Видео-запис од првото појавување на обвинетата Плавшиќ пред Судот, 11.1.2001.

оваа војна ја изгубивме нашата благородност. Се поставуваат очигледни прашања: ако оваа вистина сега е толку јасна, зошто не ја видов порано; и – како нашето раководство и оние што го следеа можеа да извршат такви дела? Одговорот на двете прашања, верувам, е – страв – заслепувачки страв кој доведе до опсесија, особено кај оние од нас за кои Втората светска војна е жив спомен, дека Србите никогаш повеќе не смеат да си дозволат себеси да бидат жртви. Со тоа што го правевме, ние во раководството ја прекршивме најосновната должност на секое човечко суштество – должноста да се воздржи и да го почитува достоинството на другите. Бевме решени да направиме сè што е неопходно за да надвладееме.

Иако повеќепати бев запознаена со наводите за сурови и нечовечки постапки против несрбите – одбив да се соочам со тоа, или дури да ги проверам. Всушност, целосно се препуштив на зборување за невините српски жртви во оваа војна. Оваа секојдневна активност само го зацврсти моето уверување дека се бориме за својот опстанок и дека во таа борба меѓународната заедница е нашиот непријател. И така, јас едноставно ги порекнував тие наводи, без ниту да ги проверам. Останав уверена во верувањето дека Србите не се способни да направат такво нешто. Во таа опсесија никогаш повеќе да не станеме жртви – си дозволивме себеси да станеме сторители.

Постои правда која бара живот за секој невин живот, смрт за секоја грешна смрт. За мене, се разбира, не е можно да одговорам на барањата на таквата правда. Јас можам само да го направам она што е во моја моќ и да се надевам дека тоа ќе биде од некаква корист – да ја спознаам вистината, да ја изговорам и да ја прифатам одговорноста. Се надевам дека ова ќе им помогне на муслиманските, хрватските и српските невини жртви да не бидат обземени од горчината, која често преминува во омраза, а која – на крајот – е самоуништувачка.“[59]

[59] Признание на вина на Биљана Плавшиќ, 17.12.2002 година, ООН, МКСЈ.

На 27 февруари 2003 година, Судечкиот совет на МКСЈ ја изрече пресудата со која ја осуди Биљана Плавшиќ на 11 години затвор и нагласи дека „ниедна казна што советот може да ја изрече не може во целост да го изрази ужасот на сето она што се случило, ниту пак да ги спречи последиците за илјадници жртви."[60] Во Пресудата беше истакнато дека:

- Биљана Плавшиќ учествувала во „најтешкиот злостор, вклучително и кампањата за раздвојување на етничките групи во која беа убиени илјадници луѓе, а илјадници беа протерани, под исклучително сурови околности";
- Нејзиното признавање на вина (заедно со каењето и стремежот кон помирување), доброволното предавање, нејзините постапки по завршувањето на конфликтот и нејзината животна возраст претставуваат значајни олеснителни околности.
- Нејзиното признавање на вината и прифаќањето на одговорноста „треба да придонесат за помирување во Босна и Херцеговина и во целиот регион."[61]

## Жената како сведок

*Свечено изјавувам дека ќе ја зборувам вистината, целосната вистина и ништо освен вистината"*

Свечена изјава на сведоците пред МКСЈ.[62]

Пред Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ) беа сослушани илјадници сведоци кои дадоа изјави за воените настани од 90-те години на просторите на поранешна Југославија.[63] Во судниците на Меѓународниот суд сведочеа жени и мажи од различни возрасти и занимања, различна национална

[60] Видео-запис од изрекувањето на пресудата на судскиот совет во предметот на Плавшиќ, 27.2.2003.
[61] Резиме на пресудата во предметот IT-00-39 & 40/1 Обвинителот против Билјана Плавшиќ, ОН, МКСЈ.
[62] Сведоците кои пристапуваат пред Меѓународниот кривичен суд имаат обврска пред да дадат исказ, да дадат изјава во форма на заклетва, согласно Правилникот за постапката и доказите.
[63] Сведоците пред Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија, ООН МКСЈ.

припадност, религија, политичко убедување и/или мислење, етничко и/или општествено потекло итн.[64] Сведоците одиграа клучна улога пред Меѓународниот суд во утврдувањето на фактите за наводите за воени злосторства и геноцид. Уважувајќи ја улогата на сведоците пред судот, МКСЈ формираше посебна Служба за жртви и сведоци која им пружаше поддршка и се грижеше за сите сведоци во периодот додека сведочеа, но и потоа. За судот беше од исклучително значење да обезбеди безбедност и заштита на сведоците пред, за време и по давањето на изјавите. Иако мнозинството сведоци пред МКСЈ не бараа никакви мерки, постоеше можност, на лично барање на сведокот, или по консултација со него/неа да му биде одобрено:

- да сведочи на јавно рочиште, а да не биде откриено неговото/нејзиното име (туку да сведочи под псевдоним) и/или да му се заштити ликот и/или гласот за да не се открие неговиот идентитет;
- да сведочи на рочиште затворено за јавноста, што значи дека само судскиот совет, странките во постапката и обвинетиот да имаат можност да го слушнат сведочењето;
- да има долгорочна заштитна мерка, како што е преселба во трета земја.

Повеќе од 4650 сведоци сведочеле од почетокот на првото судење пред МКСЈ во 1996 година заклучно со 30 јуни 2015 година. Најголем број од сведоците пред МКСЈ биле од просторот на поранешна Југославија. Сведоците биле повикани да сведочат во име на една од страните во постапката: обвинителството или одбраната. Практично две третини од сведоците сведочеле во име на обвинителството, а една третина биле повикани од одбраната. Два проценти од вкупниот број сведоци биле повикани од страна на судските совети. Приближно шест проценти од сведоците пред МКСЈ биле помлади од 30 години во моментот на сведочење, а 15% биле постари од 60 години. Повеќето, над 74%, сведочеле на возраст од 30 до 60 години. Од вкупниот број сведоци, 87% биле мажи, а 13% жени.[65] Жените сведоци во своите искази зборуваа за воените искуства, како што

[64] Статистички податоци за сведоците, ООН, МКСЈ.
[65] Ibid.

се лишување од храна до изгладнување, лишување од здравствена нега и заштита; губење, раздвојување и исчезнување на членови од семејството; тешки претепувања, физичко и психичко мачење и осакатување, како на нив самите, така и на нивните најблиски и други лица; сексуално насилство и силување што го преживеале; бегство во опасни услови и присилно прогонство. За многу од жртвите кои сведочеа за силување и сексуално насилство, тоа искуство беше застрашувачко и предизвика повторно преживување на тие настани и голема болка.[66] Сепак, една по една, жртвите одлучија да се соочат со своите силувачи и да проговорат во судницата. Жените сведоци во повеќето случаи во кои беа „поштедени“ од насилство, „останаа“ сведоци наместо убиените и прогонетите членови на своите семејства. Наведените примери ја покажуваат улогата/улогите што жените ја/ги имаа како сведоци пред МКСЈ.

### Ахмиќи

На 18 ноември 1997 година, Фатима Ахмиќ од Ахмиќи сведочеше пред МКСЈ за убиствата на Хашим Ахмиќ, Фахрудин Ахмиќ, Муниб Хелег, Зенур Рамиќ и Амир Ахмиќ од страна на војници на Хрватскиот совет за одбрана (ХСО) во предметот IT-95-14 Обвинителот против Тихомир Блашкиќ.[67] „Фатима Ахмиќ сведочеше дека утрото на 16 април 1993 година војници на ХСО влегле во куќата и го барале нејзиниот сопруг Хашим и синот Фахрудин кој живееше во куќата покрај нив. Опиша како војниците ги полеале завесите со бензин и ги запалиле. Раскажа дека додека го барала синот во неговата куќа, нејзината внука ѝ рекла дека нејзиниот син лежи мртов во дворот зад куќата. Војниците ја избркаа неа, нејзиниот сопруг, снаа ѝ и внука ѝ од дворот на куќата, а тие побараа засолниште и се криеја заедно со уште пет или шест муслимански семејства во куќата на Хрватот Анте Папиќ. Кога им беше кажано дека ќе бидат разменети во Зеница, отидоа дома да си земат свои работи и да видат дали телото на нивниот син е однесено. Пред куќата ги сретна црно комбе со војници кои ги запреа и го одведоа нејзиниот сопруг Хашим Ахмиќ и

[66] Повторно преживување на минатото, ООН, МКСЈ.
[67] Сведоштво на Фатима Ахмиќ, Дигитална платформа REKOM mreže pomirenja „Glas žrtava“.

уште тројца муслимани – Муниб Хелег, Зенур Рамиќ и Амир Ахмиќ. Тогаш сведокот ги виде нив за последен пат. Фатима Ахмиќ беше одведена во основното училиште во Дубравица каде беше затворена до 1 мај 1993 година, кога беше ослободена и префрлена во Зеница.“[68]

Пред МКСЈ за злосторствата во Ахмиќи, покрај други дела, беа осудени: Анто Фурунџија, локален командант на единицата на ХСО „Џокери“ во општина Витез, на 10 години затвор; Дарио Кордиќ, претседател на Хрватската демократска заедница на Босна и Херцеговина (ХДЗ-БиХ) и потпретседател и член на Претседателството на Хрватската заедница Херцег-Босна, на 25 години затвор; Драго Јосиповиќ, припадник на ХСО, и Владимир Шантиќ, командант на Воената полиција и „Џокери“, осудени на 12, односно 18 години затвор.[69] По признавањето на вината за злосторствата во Ахмиќи, покрај други дела, осуден е и Мирослав Брало, припадник на „Џокерите“ и Антитерористичкиот вод на IV чета на Воената полиција на ХСО, на 20 години затвор.[70] За воени злосторства против цивилното население во предметот IT-00-41 Обвинителот против Пашко Љубичиќ, кој МКСЈ го препрати на судот во Босна и Херцеговина, обвинетиот беше осуден на казна затвор во траење од 10 години.

## Вуковар

Љубица Дошен[71] и нејзината ќерка Тања Дошен сведочеа пред Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија за тоа како нивниот сопруг и татко, Мартин Дошен, и неколку роднини биле одведени од вуковарската болница и од тогаш им се губи секаква трага. Сведочејќи за разделбата со својот татко и присуството на XXX, таа изјави: „(…) Мама го праша дали некој може да ги понесе неговите работи, а тој рече: 'Нему тие работи нема да му требаат'.“[72] Семејството Дошен живеело во

[68] Гласот на жртвите: Фатима Ахмиќ, Дигитална платформа REKOM mreže pomirenja „Glas žrtava“
[69] Повеќе за злосторството може да се најде на: Ахмиќи, 48 часа пепел и крв, SENSE Centar za tranzicijsku pravdu.
[70] Соопштение за јавноста: Мирослав Брало се изјасна како виновен, ООН, МКСЈ, 19.7.2005.
[71] Сведочење на Љубица Дошен, Дигитална платформа REKOM mreže pomirenja „Glas žrtava“.
[72] Тања Дошен, ООН, МКСЈ.

Вуковар, во источниот дел на Хрватска, на границата со Србија. Југословенската народна армија (ЈНА) кон крајот на август 1991 година започнала опсада на градот и го зазела три месеци подоцна. Вуковар бил речиси целосно уништен во гранатирањето од страна на ЈНА, а неколку стотици луѓе загинале. Во последните денови од опсадата, неколку стотици луѓе побарале засолниште во вуковарската болница. На 20 ноември 1991 година, српските воени сили одвеле најмалку 200 несрби од болницата и ги однеле на земјоделскиот посед Овчара, каде што сите биле убиени и закопани во масовна гробница.[73] На 16 ноември 1991 година, од гранатирањето се запалила зградата во која живеело семејството Дошен. „Мартин Дошен се обидел да спаси една постара сосетка, паднал од третиот кат и ја повредил кичмата, по што бил префрлен во болницата во Вуковар. Следниот ден, на 17.11.1991, Љубица Дошен отишла со својата ќерка Тања да го посети сопругот во болница и го затекнала парализиран. Пред МКСЈ сведочеше дека српски војници во ноќта меѓу 18 и 19.11.1991 година ги одвеле болничкиот персонал и ранетите, кои потоа не се вратиле. Утрината на 19.11.1991 година, двајца војници го повикале нејзиниот сопруг Мартин. Тој бил изнесен од болницата на носилки заедно со Звонко Вулиќ, Иван Ахметовиќ, Иван Вулиќ, Јосип Кожул и Ружица Маркобашиќ, која тогаш била во шестиот месец од бременсота. Бил качен во автобус со кој бил пренесен на земјоделскиот посед Овчара. Тоа било последен пат кога го видела. Кога побарала помош од мајор Шљиванчанин, ѝ било кажано да се приклучи на конвојот жени и деца. Заедно со ќерка ѝ во групата на жени и деца биле префрлени во магацин на Велепромет, а потоа во КПД Сремска Митровица. Била разменета пред 14.8.1992 година.“[74] Сѐ до денес, посмртните останки на Мартин Дошен не се пронајдени.[75] Тања Дошен сведочела на 8 февруари 2006 година во предметот IT-95-13/1 Обвинителот против Миле Мркшиќ, Мирослав Радиќ и Веселин Шљиванчанин. Меѓународниот кривичен суд го прогласи Веселин Шљиванчанин за виновен за кршење на законите и обичаите на војување, за помагање и поттикнување на мачење на воени заробеници на земјоделскиот посед Овчара на

[73] Видео-прилог: „Се сеќаваме на жртвите од Овчара“, ООН, МРМКС, 20.11.2019.
[74] Сведочење на Љубица Дошен, Дигитална платформа REKOM mreže pomirenja „Glas žrtava“
[75] Исчезнато лице: Мартин Дошен, МВР на Република Хрватска, Вуковар, 19.11.1991.

20 ноември 1991 година и му изрече казна затвор од 17 години. Миле Мркшиќ е прогласен за виновен за убиство, мачење и сурово постапување. Тој е прогласен за виновен затоа што тоа попладне не го спречил продолжувањето на суровото постапување и мачење за кое бил информиран. Тој е осуден на 20 години затвор. Мирослав Радиќ е ослободен од вина.

## СУВА РЕКА

Во текот на март 1999 година, припадници на српските сили го опколија гратчето Сува Река/Suharekë, кој се наоѓа на југот на Косово, во близина на границата со Албанија и Северна Македонија, и со сила ги протераа косовските Албанци од нивните домови.[76] Припадници на српските полициски сили вршеа претреси на куќите, им се закануваа, ги напаѓаа и убиваа луѓето, и палеа куќи и продавници што беа во сопственост на Албанци.

На 26 март 1999 година, припадници на локалната полиција ги опколиле куќите во кои живееле членовите на семејството Бериша. Мажите биле одвоени од жените и петмина членови на семејството, меѓу кои и сопругот на Ширете Бериша, Неџат Бериша, биле убиени. Ширете Бериша со своите четири деца – Алтин, Херолинда, Мајилинда и Редон – побегнала кон Занаетчискиот центар каде што се сретнала со другите членови на семејството кои се засолниле во една пицерија. Во пицеријата било пукано кон нив, а потоа во просторијата биле фрлени две гранати. Некои од нив сѐ уште биле живи кога телата биле натоварени на камион. Ширете, Вјолца и Грамоз Бериша се спасиле така што скокнале од камионот додека тој бил во движење. Подоцна избегале во Албанија. Ширете Бериша е една од тројцата преживеани сведоци на масакрот врз повеќе од 40 албански жени, деца и мажи во Сува Река во март 1999 година. Таа сведочела пред Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија дека во нападот на српската полиција го загубила сопругот, четирите деца и околу четириесет членови од поширокото семејство

[76] Дигитална презентација: „МКСЈ: Случајот Косово 1998-1999“, Косово СЕНС Центар.

Бериша.[77] Ширете Бериша сведочела трипати пред Трибуналот – на судењата против поранешниот претседател на Србија Слободан Милошевиќ, неговиот наследник Милан Милутиновиќ, како и во судењето против полицискиот генерал Властимир Ѓорѓевиќ.

[77] Сведочењето на Ширете Бериша, МКСЈ.

# Миграциите и воените конфликти

## Вовед

Според Меѓународната организација за миграции (ИОМ), мигрант е секое лице кое се движи или има преминато меѓународна граница, или го напушта своето вообичаено место на живеење во рамките на сопствената држава, без оглед на: правниот статус на лицето, дали движењето е доброволно или присилно, причините за движењето или должината на престојот.[78]

Бројот на меѓународни мигранти значително се зголемил во последните 50 години. Моменталната глобална проценка е дека во 2020 година имало околу 281 милион меѓународни мигранти во светот, што претставува 3,6% од светската популација. Ако ги споредиме овие податоци со 1990 година (кога имало 153 милиони меѓународни мигранти), ќе забележиме дека нивниот број се зголемил за околу 128 милиони, а тој е повеќе од трипати поголем од проценетиот број мигранти во 1970 година (84 милиони).[79]

Војните, конфликтите и насилството претставуваат закана за животите на луѓето, принудувајќи многумина да ги напуштат своите домови или да побегнат од нив. Само во текот на 2020 година, милиони луѓе живееле во внатрешно раселување предизвикано од конфликти и насилство во речиси 60 земји и територии, при што поголемиот дел од овие земји припаѓаат на категоријата на земји со ниски и средни приходи. Последниве години, истражувањата покажуваат дека комбинација од фактори, меѓу кои и конфликти, политичка нестабилност и економска несигурност, стои зад значителниот пораст на бројот на мигранти, а овој број особено се зголеми за време на европската мигрантска криза во 2015 година.[80] Како што веќе беше наведено, постои значајна разлика во причините за миграција: додека некои се доброволни, за жал, постојат исклучително голем број на присилни

[78] "About Migration." Меѓународна организација за миграции (ИОМ). Пристапено на 12.2.2023.
[79] World migration report. Меѓународна организација за миграции (ИОМ). Пристапено на: 12.2.2023.
[80] „World Migration Report 2022: Chapter 1 - Report Overview: Technological, Geopolitical and Environmental Transformations Shaping Our Migration and Mobility Futures". Меѓународна организација за миграции (ИОМ) Пристапено на 12.2.2023.

миграции. Под присилни миграции, ИОМ подразбира миграциско движење со елемент на присилба, вклучувајќи и закани по живот и егзистенција предизвикани од природни или човечки фактори.[81]

Според информациите на Високиот комесаријат на Обединетите нации за бегалци (УНХЦР), на крајот на 2021 година, вкупниот број луѓе ширум светот кои биле принудени да ги напуштат своите домови поради конфликти, насилство, страв од прогонство и кршење на човековите права изнесувал 89,3 милиони. Ова е над двојно повеќе во споредба со бројот од пред една деценија (42,7 милиони) и највисок број после Втората светска војна. Доколку тековните конфликти останат нерешени и ризиците од нови не се стават под контрола, еден од аспектите што ќе го дефинираат XXI век ќе биде постојаниот раст на бројот на луѓе принудени на бегство и сѐ пострашните услови во кои тие ќе се наоѓаат.[82]

Еден од највпечатливите примери на присилни миграции по Втората светска војна на европско тло е предизвикан од конфликтите на просторот на поранешна Југославија во текот на 90-те години, кои вклучуваа широко распространети напади врз цивили, протерување на населението, како и користење на места за присилно затворање и логори. Поголемиот дел од овие злосторства се случиле на територијата на Босна и Херцеговина, Хрватска и Косово. Според извештајот на комесарот за човекови права на Советот на Европа, конфликтите од 90-тите довеле до присилна миграција на речиси три милиони луѓе, како внатре во просторот на поранешна Југославија, така и надвор од него. Иако поголемиот дел од овие бегалци и раселени лица успеале да се вратат во своите домови, во ноември 2011 година сѐ уште имало околу 438.000 такви лица.[83] За време на воените конфликти, најголем број на луѓе кои биле раселени внатрешно или ја напуштиле земјата имала Босна и Херцеговина — околу 2,2 милиони лица.[84]

[81] „International migration law: Glossary on migration“, Меѓународна организација за миграции (ИОМ) Пристапено на: 12.7.2022.
[82] Бегалци, Обединети нации.
[83] „Poslijeratna Pravda i Trajni Mir U Bivšoj Jugoslaviji“ Council of Europe Publishing. (2012). Пристапено на 15.7.2022.
[84] Стратегија во областа на миграциите и азилот – акциски план: 2008-2011, Босна и Херцеговина, Совет на министри, Министерство за сигурност, Пристапено на 06.7.2022.

Според Четвртата Женевска конвенција, масовното или поединечно принудно преселување на цивили е забрането и претставува воено злосторство за време на меѓународни и други вооружени конфликти, освен кога тоа е неопходно за нивната безбедност или поради императивни воени причини.[85] Овие повреди се дефинирани преку низа статути и декларации донесени после Втората светска војна. Конкретно, член 9 од Универзалната декларација за човекови права од 1948 година јасно наведува дека никој не смее да биде произволно уапсен, притворен ниту протеран. Во член 49 од Четвртата Женевска конвенција јасно стои дека масовните или поединечните принудни преместувања, како и депортациите на заштитени лица од окупирана територија на територија на окупациската сила или на окупирана или неокупирана територија на која било друга држава се забранети без оглед на причините.

Потпирајќи се на Универзалната декларација за човекови права и Женевските конвенции, Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ) ги дефинираше кривичните дела поврзани со присилните миграции. Според член 2 од Статутот на МКСЈ, судот е надлежен да кривично да ги гони лицата кои извршиле или наредиле да се извршат тешки повреди на Женевските конвенции од 12 август 1949 година, а една од тие повреди е и незаконската депортација на цивили. Исто така, во член 5 од Статутот се наведува дека Меѓународниот суд е надлежен да ги гони лицата одговорни за кривичното дело депортација кога тоа е извршено за време на вооружен конфликт, независно дали конфликтот е меѓународен или внатрешен, и кога делото е насочено против цивилното население.

Кога станува збор за **депортација**, треба да се нагласи дека според самата дефиниција, раселувањето на лицата мора да биде присилно, а самиот чин на депортација се врши преку протерување или други форми на присилба од територијата на која поединците живеат преку државната граница, спротивно на нормите од меѓународното право. Со самото тоа, раселувањето не е доброволно, а лицата кои биле депортирани немале никаков избор во врска со своето

[85] IV (четврта) Женевска конвенција. Пристапено на 12.7.2022.

раселување. Според тоа, депортацијата подразбира принудно раселување преку протерување или друг вид на присилба надвор од државната територија во која живеат жртвите на нападот. Важно е да се нагласи и дека не е нужнно сторителот да имал намера трајно да ги расели лицата.

Ваквото дефинирање на **депортацијата** е видливо и во второстепената пресуда во предметот IT-97-24 Обвинителот против Миломир Стакиќ, каде што јасно се наведува: „Жалбениот совет смета дека *actus reus* на депортацијата е принудно раселување на лица преку протерување или други облици на присилба од подрачјето каде што законски престојуваат, преку *de iure,* или, во одредени ситуации, *de facto* државната граница, без основ кој е допуштен според правилата на меѓународното право. Жалбениот совет смета дека за елементот *mens rea* на кривичното дело не е неопходно сторителот да има намера трајно да ги пресели лицата преку граница. Ваквите облици на овие два елементи ја одразуваат досегашната судска пракса на Меѓународниот суд.“[86] Од друга страна, како што јасно се гледа и во второстепената пресуда во предметот IT-97-25-A Обвинителот против Милорад Крнојелац, кривичното дело принудно преместување „не е ограничено на раселување надвор од државните граници [...] Кривичната одговорност на оној што го извршил раселувањето и принудното искоренување на населението од некоја територија произлегува од нивниот присилен карактер, а не од дестинацијата на која се упатени жителите.“[87] Треба да се нагласи дека, како и кај депортацијата, и кај ова кривично дело не е неопходно сторителот да има намера преместувањето да биде трајно. Многу е важно да се укаже на разликите помеѓу овие две злодела. Додека во двата случаи се нарушува правото на поединецот да живее во својот дом и заедница, во случајот на депортација се нарушува и правото на поединецот да живее во својата држава. Така, жртвите на депортација стануваат бегалци и со самото тоа се потчинуваат на законите на државата во која се депортирани. Затоа, во низа пресуди донесени од страна на Меѓународниот суд јасно се наведува дека овие два поими немаат исто значење.

[86] Обвинителот против Миломир Стакиќ (Пресуда на Жалбениот совет), IT-97-24, МКСЈ, 22.3.2006.
[87] Обвинителот против Милорад Крнојелац (Пресуда на Жалбениот совет), IT-97-25-A, МКСЈ, 17.9.2003.

Во Лондонската повелба на Меѓународниот воен суд во Нирнберг и повелбата на Меѓународниот воен трибунал за Далечниот Исток (Токијската повелба), **прогонството** е наведено како злосторство против човештвото. Иако поединци за првпат во Нирнберг и Токио можеа да бидат кривично гонети за злосторства против човештвото, вклучително и прогонство, основниот концепт не беше нов, како што се потврдува со Хашките конвенции склучени помеѓу двете светски војни.[88] Кривичното дело прогонство исто така може да се најде во низа предмети пред МКСЈ. Кога станува збор за ова кривично дело, тоа подразбира не само повреди на телесниот и душевниот интегритет и лишување од слобода, туку и дела кои често се сметаат за помалку тешки, но се насочени кон одредена заедница поради нејзината припадност, како на пример делата против имот. Тоа гледиште може јасно да се види и во пресудата во предметот IT-95-14-A Обвинителот против Тихомир Блашкиќ.

Хашкиот трибунал утврдил дека за прогонството како злосторство против човештвото е потребен доказ дека главниот сторител имал конкретна намера да дискриминира врз политичка, расна или верска основа.[89] Она што треба да се нагласи е дека намерата за дискриминација е еден од основните елементи на злосторството прогонство, не само во наведените предмети, туку воопшто. Покрај тоа, тоа е и единственото злосторство што е наведено во членот 5 од Статутот на МКСЈ кое бара дискриминаторна намера и е од таква природа што може да опфати и други злосторства. Токму овој аргумент е користен и во предметот IT-95-9/1 Обвинителот против Стеван Тодоровиќ, во кој обвинетиот беше осуден на десет години затвор поради прогонство врз политичка, расна или верска основа.

## ЦЕЛИ НА УЧЕЊЕТО

- Учениците да се запознаат со поимот раселување, да ги разберат причините што довеле до раселувањето, да развијат емпатија, хуманост и солидарност кон жртвите на раселувањето.

[88] Schabas, W. A. „The International Criminal Court: A Commentary on the Rome Statute“, Oxford University Press, 2016, стр.175 -180.
[89] Обвинителот против Никола Шаиновиќ, Небојша Павковиќ, Владимир Лазаревиќ и Сретен Лукиќ, (Пресуда на Жалбениот совет), IT-05-87-A, МКСЈ, 23.1.2014 година.

- Учениците да се запознаат со просторот и историскиот контекст на присилните миграции за време на војните на територијата на поранешна Југославија во 90-те години на минатиот век.
- Учениците да станат свесни за размерите на процесот на депортација што довел до големи демографски промени.

Во продолжение на поглавјето, ќе се обидеме преку примери да се позанимаваме со наведените злосторства, без намера строго да ги класифицираме, бидејќи во најголемиот број случаи, кога се работи за присилни миграции, во помала или поголема мера се извршени и прогонство, и депортација, и принудно преселување.

## Косово

Според извештајот на Високиот комесар на Обединетите нации за бегалци (УНХЦР), за време на конфликтот на Косово во 1999 година, повеќе од 80% од вкупното население на Косово, и 90% од косовските Албанци, биле принудно раселени од своите домови. Според извештајот на организацијата Human Rights Watch, државните сили протерале вкупно 862 979 Албанци од Косово, а раселени биле неколку стотици илјади, ако не се вбројат оние раселени пред март 1999 година. Пред Трибуналот биле судени три предмети за злосторствата врз косовските Албанци. Судењето на Слободан Милошевиќ не било завршено поради неговата смрт пред крајот на судењето. Во преостанатите два предмета било утврдено дека околу 800 000 косовски Албанци биле протерани од Косово во 1999 година.




Фотографија од привремениот бегалски камп во Блаце, Македонија, крај на март 1999 година

Извор: Доказните материјали од предметот IT-20-54-T Обвинителот против Слободан Милошевиќ

Во предметот IT-05-87/1 Обвинителот против Властимир Ѓорѓевиќ, обвинетиот бил осуден на 18 години затвор за злосторства извршени на територијата на Косово од 24 март до 20 јуни 1999 година, кои вклучувале прогонства врз политичка, расна и верска основа (како злосторства против човештвото), но и низа други злосторства, вклучувајќи депортација и принудно преселување. Утврдено е дека Ѓорѓевиќ е виновен за депортација, принудно преселување и прогонство на приближно 200 000 цивили (од 800 000 протерани од Косово). Според пресудата, Ѓорѓевиќ како високорангиран државен службеник, учествувал во здружен злосторнички потфат чија цел била промена на етничкиот состав на Косово.[90] Иако е утврдено дека силите на Сојузна Република Југославија учествувале во депортацијата на 800 000 цивили, во овој конкретен пример може да се работи со локации кои се јасно наведени во пресудата и кои можат да се најдат доколку наставниците/наставничките ја користат интерактивната географска карта. При

[90] Обвинителот против Властимир Ѓорѓевиќ (Пресуда на Жалбениот совет), IT-05-87/1-A, МКСЈ, 27.1.2014.

избор на судски предмет на картата, може да се видат сите локации поврзани со конкретниот предмет, што го олеснува пребарувањето на документите.

**Во конкретниот пример, наставникот/наставничката може да користи низа извори, меѓу кои ги издвојуваме:**

- Податоците за предметот Ѓорѓевиќ (IT-05-87/1);
- Четвртото изменето обвинение против Властимир Ѓорѓевиќ;
- Пресудата на првостепениот совет против Властимир Ѓорѓевиќ: Том I и Том II;
- Пресудата на Жалбениот совет во предметот IT-05-87/1-A Обвинителот против Властимир Ѓорѓевиќ и
- Интерактивната презентација „МКСЈ: Случајот Косово 1998-1999“.

Во предметот IT-05-87 Обвинителот против Никола Шаиновиќ, Драгољуб Оіданиќ, Небојша Павковиќ, Владимир Лазаревиќ, Сретен Лукиќ и Милан Милутиновиќ, обвинителството ги обвини обвинетите за злосторства извршени во кампањата на терор и насилство насочена против населението на косовските Албанци во почетокот на 1999 година. Во обвиненијата јасно е наведено дека секој од обвинетите поединечно учествувал во здружениот злосторнички потфат чија цел била промена на етничкиот состав на Косово, за да се обезбеди понатамошна контрола на оваа територија од страна на српските власти. Овој план бил спроведен на казнив начин, вклучувајќи депортации, убиства, присилни преселувања и прогонства на косовските Албанци.[91]

**Во конкретниот пример, наставникот/наставничката може да користи низа извори, меѓу кои ги издвојуваме:**

- Податоците за предметот IT-05-87 Обвинителот против Никола Шаиновиќ, Драгољуб Оіданиќ, Небојша Павковиќ, Владимир Лазаревиќ, Сретен Лукиќ и Милан Милутиновиќ;

[91] МКСЈ, Податоци за предметот IT-05-87 Обвинителот против Шаиновиќ и останатите.

- Третото изменето споено обвинение во предметот IT-05-87 Обвинителот против Никола Шаиновиќ, Драгољуб Ојданиќ, Небојша Павковиќ, Владимир Лазаревиќ, Сретен Лукиќ и Милан Милутиновиќ и
- Пресудата на Жалбениот совет во предметот IT-05-87 Обвинителот против Никола Шаиновиќ, Драгољуб Ојданиќ, Небојша Павковиќ, Владимир Лазаревиќ, Сретен Лукиќ и Милан Милутиновиќ.

## Приедор

Уште еден случај пред Трибуналот што може да се користи при изучување на принудните миграции е предметот IT-97-24 Обвинителот против Миломир Стакиќ, во кој обвинетиот е осуден на 40 години затвор за низа злосторства против човештвото, вклучувајќи и прогонства. Во овој предмет е недвосмислено утврдено дека Стакиќ, како претседател на Општинскиот кризен штаб и началник на Општинскиот совет за народна одбрана во Приедор, учествувал во кампања чија цел била етничко чистење на општина Приедор преку депортација и прогонство на бошњачкото и хрватското население.[92]

Во периодот од 30 април до 30 септември 1992 година, Стакиќ бил водечка личност во општина Приедор и за тоа време учествувал во здружен злосторнички потфат. Главната цел на овој потфат била обезбедување контрола над тоа подрачје, што подразбирало и депортација и прогонство на околу 20 000 претежно несрпски жители на општината Приедор. Прогонството вклучувало и убиства извршени во логорите Омарска, Кератерм и Трнополе. Утврдено е дека прогонството на несрпското население од подрачјето на општината Приедор било основен елемент на криминалното однесување на обвинетиот.

**Во конкретниот пример, наставникот/наставничката може да користи низа извори, меѓу кои ги издвојуваме:**

- Податоците за предметот IT-97-24 Обвинителот против Миломир Стакиќ;

[92] МКСЈ, Податоци за предметот IT-97-24 Обвинителот против Миломир Стакиќ.

- Четврто изменето обвинение во предметот IT-97-24 Обвинителот против Миломир Стакиќ;
- Пресудата на Првостепениот совет во предметот IT-97-24 Обвинителот против Миломир Стакиќ;
- Пресудата на Жалбениот совет во предметот IT-97-24 Обвинителот против Миломир Стакиќ и
- Документарниот филм „Злосторствата пред Трибуналот: Приедор“.

## Хртковци

Предметот IT-03-67 Обвинителот против Воислав Шешељ е еден од предметите кои јасно ја покажуваат пропагандата со која се ширела национална нетрпеливост, како и чекорите кои воделе кон трајно отстранување на несрпското население од автономната покраина Војводина (Република Србија), но и за отстранување на Хрвати и муслимани од делови од Хрватска и Босна и Херцеговина, според дел од изведените докази. Според наводите во обвинението, Воислав Шешељ како претседател на Српската радикална партија и основач на Српското четничко движење учествувал во регрутирањето, основањето, финансирањето, снабдувањето, давањето поддршка и раководењето со српските доброволци поврзани со Српската радикална партија и/или Српското четничко движење. Исто така се обвинува дека учествувал во планирањето и подготовките за преземање на власта во градови и села во Хрватска и во бројни општини во Босна и Херцеговина, како и за подоцнежно принудно отстранување на мнозинското несрпско население од тие области. Според наводите во обвинението, учествувал во обезбедувањето на финансиска, материјална, логистичка и политичка поддршка од српските власти и Срби во странство потребна за таквото преземање на власта. Покрај тоа, се товари дека регрутирал српски доброволци поврзани со Српската радикална партија и ги индоктринирал со својата екстремна националистичка реторика за учество во принудното отстранување на несрпското население. Преку говор на омраза, ги поттикнувал српските сили да извршуваат злосторства, го охрабрувал создавањето на хомогена „Голема Србија“ по насилен пат и на тој

начин учествувал во ширењето на воена пропаганда и распламтувањето омраза кон несрпското население.

Иако со првостепената пресуда Шешељ беше ослободен од сите обвиненија, Апелациониот совет во својата пресуда го прогласи за виновен „за поттикнување прогонство (принудно раселување), депортација и други нечовечки дела (принудно преместување), како злосторства против човештвото, и за извршување прогонство (прекршување на правото на безбедност), како злосторства против човештвото во Хртковци во Војводина“, осудувајќи го на казна од 10 години затвор. Како што наведува судијата Теодор Мерон при изрекувањето на пресудата: „Говорот на Шешељ поттикна насилство кое го деградираше и го повреди правото на безбедност на хрватското население во Хртковци (Војводина), со што го изврши злосторството прогонство, врз основа на кршење на правото на безбедност, како злосторство против човештвото“. Кога станува збор за злосторствата за кои Шешељ беше ослободен, треба да се истакне дека и во тие делови од пресудата има материјал за работа на часовите. На пример, иако обвинетиот беше ослободен за злосторствата извршени во Зворник, во жалбената пресуда се наведува дека говорот на обвинетиот од 1992 година во тој град, каде повикува паравоени доброволци да ја „исчистат“ босанската страна на реката Дрина, бил „јасен повик за етничко чистење“. Меѓутоа, се наведува дека поминал „значаен временски период“ помеѓу говорот и злосторствата што следеле, поради што не е поништен овој дел од ослободителната пресуда на Шешељ.

**Во конкретниот пример, наставникот/наставничката може да користи низа извори, меѓу кои ги издвојуваме:**

- Податоците за предметот IT-03-67 Тужител против Воислав Шешељ;
- Третото изменето обвинение во предметот IT-03-67 Обвинителот против Воислав Шешељ;
- Пресудата на Првостепениот совет во предметот IT-03-67 Обвинителот против Воислав Шешељ;
- Резимето на пресудата на Жалбениот совет во предметот IT-03-67 Обвинителот против Воислав Шешељ;

- Сведочење за наводното одземање на куќа во Хртковци и
- Видео-материјалот од агенцијата *Sense* (сегмент РАДИКАЛНА РАЗМЕНА: Како Хртковци стана Србиславци, од 22:13 до 29:26 минута).

## Мостар и околината

Во предметот IT-98-34 Обвинителот против Младен Налетилиќ и Винко Мартиновиќ, јасно е утврдено дека целта била присилно преместување на босанско-муслиманското население од подрачјето на општините Мостар и Јабланица на територија која била под контрола на армијата на Босна и Херцеговина. Со тоа, обвинетите директно извршиле тешка повреда на Женевските конвенции, а спомнатото злосторство е санкционирано со Статутот на МКСЈ.

Налетилиќ беше осуден на 20 години затвор за низа злосторства, вклучително и принудно преместување на околу 400 босански муслимански цивили од селата Совиќи и Дољани на 4 мај 1993 година. Од друга страна, Мартиновиќ дополнително беше осуден за противправно преместување на цивили, како и за низа други злосторства, на казна од 18 години затвор. Тој учествувал и бил одговорен за собирањето на муслиманското цивилно население од Мостар и нивното противправно преместување и затворање во логорот Хелиодром.[93] Налетилиќ и Мартиновиќ беа осудени за злосторства извршени во периодот од април 1993 до јануари 1994 година, кои особено добија на интензитет по нападот на Мостар во мај 1993 година. Во тој период, Налетилиќ, кој бил основач и командант на Затвореничкиот баталјон на босанските Хрвати на подрачјето на Мостар, и Мартиновиќ, кој му бил подреден, извршиле низа злосторства против човештвото. Во април 1993 година, Налетилиќ го предводел нападот на ХСО врз селата Совиќи и Дољани во општина Јабланица. Откако го зазеле Совиќи, овие единици принудно го преместиле населението (околу 450 луѓе) на подрачјето на општина Горно Вакуф, кое било под контрола на Армијата на БиХ. Потоа, во

[93] МКСЈ, Податоци за предметот „Тута и Штела“ (IT-98-34) Обвинителот против Налетиќ и Мартиновиќ.

наредниот месец, Налетилиќ и Мартиновиќ започнале акција за принудно преместување на населението од Мостар, која траела до јануари следната година, при што цивилите биле испраќани преку линијата на фронтот на територија под контрола на Армијата на БИХ.

**Во конкретниот пример, наставникот/наставничката може да користи низа извори, меѓу кои ги издвојуваме:**

- Второто изменето обвинение во предметот IT-98-34 Обвинителот против Младен Налетилиќ и Винко Мартиновиќ;
- Пресудата на Првостепениот совет во предметот IT-98-34 Обвинителот против Младен Налетилиќ и Винко Мартиновиќ и
- Онлајн изложбата: Поглед низ подотворената врата на архивите.

## САО Краина и операцијата „Бура“

Во областа за која станува збор во овој дел се одиграле настани кои довеле до раселување и на Срби и на Хрвати во различни временски периоди. Во декември 1990 година, српски бунтовници и паравоени сили на подрачјето на Северна Далмација, Лика и Кордун во Република Хрватска ја воспоставиле Српската автономна област (САО) Краина. Нешто подоцна, САО Краина и другите српски ентитети во Хрватска – САО Западна Славонија и САО Славонија, Барања и Западен Срем – се обединиле во Република Српска Краина (РСК). Тој процес довел до присилно раселување на хрватското цивилно население. Операцијата „Бура“ беше воена операција изведена од хрватските вооружени сили во 1995 година со цел повторно враќање на територијата на САО Краина под закрила на хрватската држава. Операцијата резултираше и со присилно раселување, конкретно депортација, на српски цивили.

Злосторствата извршени од српските сили на територијата на САО Краина беа судски разгледувани во повеќе предмети: IT-03-72 Обвинителот против Милан Бабиќ, IT-95-11 Обвинителот против Милан Мартиќ, IT-02-54 Обвинителот против Слободан Милошевиќ и IT-03-69 Обвинителот против Станишиќ и Симатовиќ. Во

периодот од август 1991 до февруари 1992 година, Милан Бабиќ ја извршувал функцијата претседател на Владата на САО Краина, а потоа и претседател на РСК. Бабиќ ја призна својата вина и беше осуден на 13 години затвор за: прогонства врз политичка, расна и верска основа (како злосторства против човештвото), свесно и намерно учество во кампањата за прогонство на несрби, и свесноста дека се извршени злосторства како: злоставување во затвори, депортации, принудно преместување и уништување на имот. Тој знаел дека цивили биле убивани за време на присилното преместување и дека тие убиства биле можен исход на кампањата за прогонство.

Обвинителството на Трибуналот тврдеше дека Операцијата „Бура“, покрај легитимната воена цел: ослободување на територијата на Република Хрватска, имала и нелегитимна и незаконска цел: трајно отстранување на српското население од делови на хрватската територија. Првостепениот судски совет утврди дека хрватските вооружени сили и специјалната полиција извршиле убиства, сурово постапување, нечовечки дела, разурнување, грабежи, прогонство и депортација, како што е наведено во обвинението. Имајќи го предвид големиот број злосторства извршени врз српското население од Краина за релативно кратко време, Советот понатаму заклучи дека постоел распространет и систематски напад насочен против српското цивилно население. Се проценува дека како резултат на Операцијата „Бура“ се раселени 150 000 до 200 000 краински Срби кои избегале или биле принудени да бегаат во текот на офанзивата и после неа. Во текот на операцијата била ограбена и оштетена напуштената имотна сопственост, а значителен број српски цивили биле убиени, вклучително и 14 убиства во селата Ковачиќ, Ѓуриќи, Жагровиќ и Грубори, според тврдењата. Генералите Готовина и Маркач беа обвинети за прогонства врз политичка, расна и верска основа, депортација и нечовечки дела (присилно преселување) како злосторства против човештвото. Првично беа едногласно прогласени за виновни и осудени на 24, односно 18 години затвор, но во жалбената постапка двајцата беа ослободени со тесно мнозинство гласови (3:2).[94]

[94] Бура во Хаг, СЕНС Центар.

**Во конкретниот пример, наставникот/наставничката може да користи низа извори, меѓу кои ги издвојуваме:**

- Податоците за предметот IT-03-72 Обвинителот против Милан Бабиќ;
- Пресудата на Првостепениот совет во предметот IT-03-72 Обвинителот против Милан Бабиќ;
- Податоците за предметот IT-06-90 Обвинителот против Анте Готовина, Иван Чермак и Младен Маркач;
- Фактичките наоди од првостепената пресуда во предметот IT-06-90 Обвинителот против Анте Готовина, Иван Чермак и Младен Маркач;
- Видео-материјалот на МРМКС: „Се сеќаваме на жртвите на ‘Бура’“;
- Интерактивната презентација: „Бура во Хаг“ и
- Видео-снимката од говорот на Фрањо Туѓман во Книн.

## Сребреница

Значењето на Источна Босна за политичкиот врв на Република Српска и нејзината војска било толку големо, што на почетокот на војната во Стратешките цели на раководството на босанските Срби било предвидено тоа подрачје да се спои со Србија и реката Дрина да се отстрани како граница. Во текот на 1993 година, Сребреница беше демилитаризирана и прогласена за заштитена зона под закрила на силите на УНПРОФОР. Радован Караџиќ, врховниот командант на вооружените сили на Република Српска, во март 1995 година им нареди на босанско-српските сили да го елиминираат муслиманското население од енклавите Сребреница и Жепа. Документот познат како Директива 7 претставува вовед во злосторствата што ќе бидат извршени во јули 1995 година. На Дринскиот корпус на Војската на Република Српска (ВРС) му беше наредено следново: „Со секојдневни, плански и осмислени борбени активности да се создадат услови на целосна несигурност, неподносливост и безнадежност за понатамошен опстанок и живот на мештаните во Сребреница и Жепа.“[95]

[95] Оналјн изложба: „Сребреница: Хронологија на еден геноцид“, МРМКС.



Фотографија од онлајн изложбата „Сребреница: Хронологија на еден геноцид“

Во јули 1995 година, силите на босанските Срби ја заседоа Сребреница. Во деновите непосредно по заземањето, воените и полициските сили на босанските Срби спроведоа план за убиство на повеќе од 7000 мажи и момчиња, додека жените и децата беа протерани од енклавата. МКСЈ утврди дека масовните погубувања на мажи и момчиња, босански муслимани го претставуваат злосторството геноцид.[96]

Архивата на Трибуналот содржи низа предмети кои наставниците можат да ги проучуваат за потребите на оваа тема, како на пример предметот IT-09-92 Обвинителот против Ратко Младиќ. Според наводите во обвинението, Ратко Младиќ: „во март 1995 година, во договор со други, го спроведе на дело и/или користеше други лица за да го спроведат на дело планот за заземање на сребреничката енклава и присилно преместување и/или депортација на жителите – босански муслимани, од Сребреница. Таа акција беше дел од нивната цел како

[96] Приближување на МКСЈ на заедниците во БиХ: Сребреница, ООН, МКСЈ.

учесници во здружениот злосторнички потфат: трајно да ги отстранат босанските муслимани и босанските Хрвати од од територијата што ја заземаат босанските Срби.“[97] На 22 ноември 2017 година, Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ) го прогласи Младиќ за виновен за геноцид, за злосторства против човештвото и за кршење на законите и обичаите на војување за време на војната во Босна и Херцеговина (1992–1995). Тој беше осуден на доживотна затворска казна, што е најстрога казна што можеше да ја изрече МКСЈ. Пресудата беше потврдена во жалбена постапка на 8 јуни 2021 година.

**Во конкретниот пример, наставникот/наставничката може да користи низа извори, меѓу кои ги издвојуваме:**

- Податоците за предметот IT-09-92 Обвинителот против Ратко Младиќ;
- Пресудата на Првостепениот совет во предметот IT-09-92 Обвинителот против Ратко Младиќ;
- Четвртото изменето обвинение во предметот IT-09-92 Обвинителот против Ратко Младиќ;
- Дигиталната презентација: Сребреница – Хронологија на еден геноцид;
- Депортацијата на бегалци од Сребреница;
- Дигиталната презентација: Сребреница, геноцид во осум чина и
- Гласот на жртвите, сведок О.

## Општини во Босна и Херцеговина

Во предметот IT-00-39 Обвинителот против Момчило Краишник, обвинетиот беше осуден за низа злосторства од насилен карактер извршени во голем број општини во Босна и Херцеговина во 1992 година, вклучувајќи прогонства по политичка, расна или верска основа, депортации и присилно преместување како нечовечко дело. Судскиот совет констатираше дека злосторствата на депортација и присилно преместување претставувале првични злосторства во рамките на целта за уништување на етничките групи на босански муслимани или босански Хрвати.

[97] Обвинителот против Ратко Младиќ (Четврто изменето обвинение), IT-09-92-PT, МКСЈ, 27.12.2011.

Краишник дал „зелено светло“ за да се започне програмата на протерување за време на седница на Собранието на босанските Срби, кога „повика на спроведување на она што сме го договориле – етничка поделба на теренот.“ Имено, како што се наведува во пресудата, Краишник беше прогласен за одговорен за депортации во Братунац, Зворник, Биелина, Сански Мост, Бања Лука и Прњавор, но и за прогонства преку депортација во истите овие општини во периодот од април до декември 1992 година. Поради овие злосторства, обвинетиот беше осуден на 20 години затвор.[98]

**Во конкретниот пример, наставникот/наставничката може да користи низа извори, меѓу кои ги издвојуваме:**

- Податоците за предметот IT-00-39 Обвинителот против Момчило Краишник;
- Консолидираното обвинение против Момчило Краишник и
- Резимето на второстепената пресуда во предметот IT-00-39 Обвинителот против Момчило Краишник.

[98] МКСЈ, Податоци за предметот IT-00-39 Обвинителот против Момчило Краишник.

# Децата во војната

## Вовед

За време на вооружен конфликт, загрозени се човековите права на голем број луѓе, особено на оние кои не се во можност да се грижат за себе. Една од најзагрозените категории, а воедно и група која често и најмногу страда во војна, се децата. Освен што го губат сигурниот дом, безгрижното детство и сведочат на најтешките човечки страдања, децата стануваат жртви на војната на различни нечовечки начини. Децата гинат во војна, стекнуваат физички и психички повреди кои ги следат низ целиот живот, ги губат родителите, пријателите, мораат да го напуштат местото на живеење. Исто така, децата можат да станат жртви преку мобилизација во војска, принудна работа или сексуална експлоатација. Војната води до губење на сигурноста, уништување на детството и до трауми кај децата. Иако војната често носи слични трагедии, личното доживување на војната е различно за секоја личност, а особено е длабоко и специфично врежано во сеќавањето на децата. Децата на свој начин ги доживуваат промените и уништувањето на светот што до вчера бил безгрижен. За жал, и покрај сите напори на меѓународната заедница, во последните 20 години бројот на деца кои живеат во конфликтни зони расте. Во 2019 година, 1,6 милијарди деца (69%) живееле во земја погодена од конфликти. Од тој број, околу 426 милиони деца, односно повеќе од една шестина, живееле во конфликтна зона.[99] Особено се емотивни приказните на деца кои ги доживеале и преживеале најстрашните ужаси на војната од опсадата на Сараево, геноцидот во Сребреница, злосторствата во други делови на Босна и Херцеговина, на Косово, во Хрватска, а последователно и во Србија.

Свесна за сè поголемите разурнувања што ги предизвикуваат војните, како и новите димензии на кршење на детските права, меѓународната заедница усвои низа документи со кои треба да се заштитат правата на детето и да се обесхрабрат потенцијалните нови систематски прекршувања на овие права. Првиот таков

[99] Østby, Gudrun; Siri Aas Rustad & Andreas Forø Tollefsen, „Children Affected by Armed Conflict, 1990–2019“, Peace Research Institute Oslo (PRIO), 2020.

документ е усвоен во 1924 година, кога Лигата на народите ја усвои Женевската декларација за правата на детето. Декларацијата артикулира дека сите луѓе им должат на децата право на: средства за нивен развој, посебна помош во време на потреба, приоритетна помош, економски слободи и заштита од експлоатација, како и одгледување што всадува општествена свест и одговорност. После Втората светска војна, во 1946 година, Генералното собрание на Обединетите нации го основа Меѓународниот фонд за деца при Обединетите Нации за итни состојби (УНИЦЕФ), со фокус на децата низ целиот свет. Три години подоцна, во 1948 година Генералното собрание на Обединетите нации ја усвојува Универзалната декларација за човекови права, чиј член 25 на мајките и на децата им дава право на „посебна нега и помош“ и „социјална заштита“. Во 1959 година, Генералното собрание на Обединетите нации ја усвојува Декларацијата за правата на детето, која, меѓу останатите права, ги признава детските права на образование, игра, средина која нуди поддршка и здравствена заштита. Во наредните децении, меѓународната заедница усвојува низа на меѓународни договори кои гарантираат еднакви права, вклучувајќи образование и заштита за сите деца, кои ја поставуваат 18-годишната граница како минимална возраст за вршење работи кои можат да бидат опасни по здравјето, безбедноста или моралот на лицето, како и стандардни минимални правила на Обединетите нации за спроведување на малолетничка правда.

Клучна година за правата на детето е 1989 година, кога Генералното собрание на ОН ја усвојува Конвенцијата за правата на детето. Оваа конвенција глобално се смета за значајно достигнување во областа на човековите права, а ја препознава улогата на децата како активни социјални, економски, политички, граѓански и културни актери. Конвенцијата гарантира и поставува минимални стандарди за заштита на правата на децата во сите аспекти. Според Конвенцијата за правата на детето, децата се раѓаат со темелните слободи и права кои им припаѓаат на сите човечки суштества. Со оглед на нивната телесна и психолошка незрелост, се наметнува потребата од истакнување на посебните права на заштита на детето што произлегуваат токму од овој факт. Токму ова е основниот постулат на Конвенцијата за правата на детето. Конвенцијата за правата на детето е меѓународен документ,

усвоен од Генералното собрание на Обединетите нации на 20 ноември 1989 година, кој содржи универзални стандарди што секоја држава потписничка мора да ги гарантира на секое дете. Во Конвенцијата првенствено се говори за обврските на возрасните кон децата, како и за обврските на различни општествени чинители во однос на заштитата на детето. Тоа е првиот документ во кој на детето му се пристапува како на субјект со права, а не само како на личност што има потреба од посебна заштита. За разлика од Декларацијата за правата на детето донесена во 1959 година, која има морална сила, Конвенцијата за правата на детето е правен акт со сила на закон и ги обврзува државите да ги почитуваат нејзините одредби, а притоа предвидува и право на надзор на нејзината примена во државите кои ја прифатиле и ратификувале.

Конвенцијата е единствена бидејќи е:

- **сеопфатна** и **единствена** која им обезбедува граѓански, политички, економски, социјални и културни права на децата;
- **Универзална** – се применува на сите деца, во сите ситуации, речиси во целата меѓународна заедница;
- **Безусловна** – ги обврзува и владите со ограничени извори на средства да преземат активности поврзани со заштитата на правата на детето и
- **Холистичка** – затоа што застапува став дека сите права се основни, неделиви, меѓусебно зависни и подеднакво важни.

Дополнително, Комитетот на ОН за правата на детето идентификуваше четири општи начела врз кои се темелат сите права содржани во Конвенцијата за правата на детето:

- **Начелото на недискриминација** – според кое децата не смеат да трпат дискриминација „ без оглед на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго убедување, националното, етничкото или социјалното потекло, имотната состојба, попреченоста, потеклото или друг статус на детето или на неговиот родител или законски старател.

- Децата имаат **право на живот и развој** во сите аспекти на животот, вклучително физички, емоционален, психосоцијален, когнитивен, општествен и културен.
- При донесување на сите одлуки или спроведување на постапки што влијаат врз детето, или врз децата како група, најважен мора да биде **најдобриот интерес на детето**. Ова се однесува како на одлуки на владини, административни или законодавни тела, така и на одлуки донесени од семејството.
- На децата мора да им се овозможи **активно учество** во решавање на сите прашања што влијаат врз нивниот живот и да им се дозволи **слобода на изразување на мислењето**. Тие имаат право да ги искажат своите ставови, кои мора сериозно да се земат предвид.

Со усвојувањето на Конвенцијата не заврши работата на проширување на општествените механизми за заштита на детето. Во 1990 година беа усвоени Упатствата за спречување на малолетничката деликвенција, во 1995 година беше основана Меѓународната мрежа за правата на детето (CRIN), во 1999 година беше усвоена Конвенцијата за најлошите форми на детски труд, а во 2002 година, на Специјалната сесија на Обединетите нации за децата, децата делегати за првпат му се обратија на Генералното собрание.[100]

Како вовед во учењето за детските права или развојот на идејата за правата на детето, наставникот/наставничката може да ги презентира некои од клучните правни инструменти врз кои почива заштитата на децата за време на вооружените конфликти:

- Конвенцијата за правата на детето (1989);
- Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на вклучување на децата во вооружени конфликти (2002);
- IV Женевска конвенција (1949);
- Дополнителните протоколи на Женевската конвенција (1977);

[100] Историја на детските права, Конвенција за правата на детето, УНИЦЕФ.

- Конвенција 182 за најлошите форми на детски труд на МОТ (1999) и
- Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд (2002).

**ЦЕЛИ НА УЧЕЊЕТО**

- Учениците ќе можат да ја опишат положбата на децата за време на војна преку анализа на различни извори.
- Користејќи го претходното знаење за детските права, учениците ќе препознаат кои права се прекршени.
- Учениците ќе развијат разбирање за загрозеноста на правата на децата и нејзината поврзаност со загрозеноста на човековите права во војна.
- Учениците ќе разберат дека кршењето на правата на цивилите во војна, особено преку брутално насилство, води кон различни облици на злосторства.
- Учениците ќе го разберат значењето на правата на детето за заштита на децата во воени конфликти и значењето на судските процеси против воените злосторници.

## Примери за загрозување на правата на децата од архивите на МКСЈ и Механизмот

Во војните на просторот на поранешна Југославија, десетици илјади деца загинаа или беа повредени за време на судирите или од преостанати неексплодирани мини и гранати по нивното завршување. Дополнително, непознат број деца беа мобилизирани во војската, а голем број беа принудени да ги напуштат своите домови. Децата на просторот на поранешна Југославија преживеаја најтешки форми на сексуално, физичко и ментално насилство. Најголем дел од предметите пред Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ) кои вклучуваа тешки воени злосторства, злосторства против човештвото и геноцид, опфаќаа и злосторства извршени врз деца санкционирани според Статутот на МКСЈ и прекршувања на детските права според претходно спомenатите конвенции. Децата страдаа на многу локации на подрачјето на поранешна Југославија – на

пример за време на: геноцидот во Сребреница, опсадите на Сараево и Вуковар, а меѓу трагичните се и сведоштвата на децата кои поминале низ воени страдања во околината на Фоча и Вешград, или кои морале да ги напуштат своите домови во текот на операциите „Блесок“ и „Бура“. Учењето за страдањата на децата, особено од сопственото (етничко, верско или национално) минато, претставува една од најпредизвикувачките теми дури и за најискусните едукатори. Осетливоста, а често и комплексноста на темата, како и неминовната емоционална реакција кај учениците, претставуваат објективни предизвици за успех на наставата на оваа тема. Сепак, важноста на знаењето за прекршувањето на детските права за време на вооружени конфликти, како и важноста и потребата од развивање на клучните вештини што ги овозможува изучувањето и предавањето на оваа тема, ја заменува секоја објективна претпазливост од страна на едукаторите. Дополнително, изучувањето на страдањата на децата нуди нова перспектива во разбирањето на трагичните настани од војните на просторот на поранешна Југославија. Пред МКСЈ беа покренати низа предмети кои се занимаваа, меѓу другото, и со злосторствата врз деца и кршењето на детските права, а предметите поврзани со злосторствата извршени во Сребреница и околината за наставниците можат да бидат особено корисни.

Во архивите на МКСЈ и Механизмот се чуваат голем број примери од страдања на децата за време на конфликтите во деведесеттите години на територијата на поранешна Југославија. Од тие примери е видливо дека децата страдале на различни начини, било директно како жртви на убиства, протерувања, силувања и различни форми на малтретирање, било индиректно во ситуации кога останале без членови од семејството, или едноставно биле сведоци на злосторства извршени врз луѓе во нивната близина.

Нивните судбини се обработени во пресудите, забележани во различни документи, изјави и искази на сведоци пред судот, без разлика дали за страдањето на децата сведочеле возрасни или самите деца. Важно е да се напомене дека судењата пред МКСЈ се одвивале години по извршувањето на злосторствата, па

така сведоците главно зборувале за своето страдање од времето кога биле деца како полнолетни лица.

Во продолжение на ова поглавје ќе наведеме примери за страдања на децата во војната кои денес може да се најдат во архивите на МКСЈ и Механизмот. Наставниците што ќе се служат со овие примери треба да бидат свесни дека овде е наведен само мал дел од воените судбини на децата што можеа да се слушнат во текот на судењата пред МКСЈ и Механизмот, а секако уште помал дел во однос на сите воени страдања на децата за време на конфликтите во деведесеттите.

Во тој контекст, следните примери можат да им послужат на наставниците како материјал за работа и отворање дијалог на час, со можност да вклучат и други примери, било од архивите на МКСЈ и Механизмот, било од други извори како што се: архивите на домашните судови, сведоштва на жртви во медиумите или од лични сознанија на учениците за страдања на децата во војните.

## Судбините на децата за време на геноцидот во Сребреница – примерот на Фахрудин Муминовиќ

Во повеќе предмети пред МКСЈ се судеше за геноцидот и другите злосторства извршени во Сребреница. На тие судења беа изведени докази за убиство на околу 8000 лица и протерување на околу 30 000 лица. Меѓу убиените најмногу имаше воено способни мажи, а присилно беа преселени главно жени и деца. Меѓутоа, при разделувањето на мажите од жените и децата, во групите на мажи издвоени за стрелање се најдоа и значителен број малолетни момчиња. Во предметот IT-05-88 Обвинителот против Поповиќ и останатите,[101] беа изведени докази поврзани со судбината на Фахрудин Муминовиќ, кој на 14 јули 1995 година го преживеал стрелањето во Ораховац, едно од местата на масовни убиства на Бошњачки мажи и момчиња заробени во и околу Сребреница.

[101] МКСЈ, Резиме на второстепената пресуда во предметот Обвинителот против Поповиќ и останатите, 30.1.2015.

Фахрудин Муминовиќ имал само седум години кога заедно со својот татко бил заробен во нивното село Урковиќи, близу Братунац (11 км од Сребреница). Со другите соседи биле одведени во Ораховац, едно од многуте места на стрелање во околината на Зворник. На таа конкретна локација, Фахрудин успеал да го преживее стрелањето. Неговото сведочење пред судот ни ја дава перспективата не само на момчето-жртва, туку и на војникот на Војската на Република Српска (ВРС), кој на крајот ќе му го спаси животот на детето. Во своето сведочење, Фахрудин Муминовиќ изјави: „Не ставија нас во камион, ни врзаа бели марами околу очите. [...] Подоцна не одведе во шумата, тука моравме да легнеме на земја, на стомак, и пукаа во нас."[102]

Сведокот PW-101, поранешен припадник на ВРС, бил присутен на локацијата на стрелањето на Бошњаците во Ораховац. И тој, исто така, сведочел за овој настан во предметот Поповиќ и останатите:

> „Од тој куп од којшто сè уште се чади, тие веќе не личат на луѓе, туку тоа веќе е само еден куп распарчено месо – излегува живо суштество, момче од 5-6 години и се движи кон патот каде што стојат момци со автоматски пушки кои го завршуваа она што го завршуваа. И детето оди кон нив, и настанува молк. [...] Тоа целото беше покриено со делови од утробите на останатите. И додека излегуваше, викаше – Баба, баба, баба. Муслиманите таткото го викаат баба. Бабо, каде си, бабо, каде си. Детето беше во шок. Тој офицер грубо се сврти кон момците со оружје и рече – што чекате, завршете. Момците се свртеа кон него, оние што радо убиваа, и му рекоа – Господине, имате пиштол, завршете вие, ние не можеме."[103]

Во продолжението на исказот, сведокот опиша како го одвел детето во локалната болница и на тој начин му го спасил животот.

[102] Видео-прилог: „Седмогодишното момче кое преживеа стрелање во текот на геноцидот во Сребреница", МРМКС.
[103] Ibid.

Краткото видео за судбината на Фахрудин Муминовиќ, во продукција на Програмата на Механизмот за информирање на заедниците погодени од конфликтите, можете да го погледнете овде.

Повеќе детали за хронологијата на геноцидот во Сребреница од јули 1995 година можат да се најдат овде.

Покрај примерот опишан тука, во архивите на МКСЈ и Механизмот можат да се најдат и докази за убиства на други малолетни момчиња во Сребреница, како и докази за присилно преместување на деца.

## СЕКОЈДНЕВИЕТО НА ЖИВОТОТ НА ДЕЦАТА ВО САРАЕВО ЗА ВРЕМЕ НА ОПСАДАТА НА ГРАДОТ

Повеќе од три и пол години градот Сараево беше под блокада, секојдневно гранатиран и изложен на снајперисти на војската на босанските Срби. Во тој период, илјадници цивили беа убиени и ранети за време на кампањата чија цел беше да се држи населението во постојан страв. Животот на секој поединечен жител, без разлика на возраста, националноста, етничката припадност или полот, стана борба за опстанок; без струја и вода, луѓето беа принудени да излегуваат надвор за да најдат основни потребни намирници, често ризикувајќи го сопствениот живот. Опсадата заврши во декември 1995 година.

Злосторствата извршени за време на опсадата на Сараево беа разгледувани во неколку предмети пред МКСЈ и Механизмот. Илустрација на судските заклучоци за состојбата во градот за време на опсадата е видлива во резимето на првостепената пресуда на поранешниот претседател на Република Српска, Радован Караџиќ.

„Судскиот совет констатира дека од крајот на мај 1992 година до октомври 1995 година, цивилното население на градот Сараево било изложено на гранатирање и снајперски напади од страна на силите на босанските Срби, поточно на Сараевско-романискиот корпус (СРК). Во текот на целиот тој период, единиците на СРК држеле позиции на ридовите околу градот, опколувајќи го и држејќи го под

опсада. Од своите позиции, намерно пукале во цивили со снајпери, а нишанеле и кон трамваи. Практиката на пукање по цивили со снајпер била вообичаена и континуирана. Тоа се правело речиси секојдневно и траело со непроменет интензитет во текот на целиот конфликт. Сараевските цивили биле нишанети од снајпери додека оделе по вода, се движеле низ градот или користеле јавен превоз. Освен тоа, од снајпери се пукало и во деца додека си играле пред своите домови, се шетале со родителите или се враќале пешки од училиште, па дури и додека возеле велосипед. Единиците на СРК отворале снајперски оган по цивили од бројни озлогласени локации низ целиот град каде што воспоставиле професионално изградени, трајни снајперски гнезда. Судиите на МКСЈ исто така утврдија дека, почнувајќи од крајот на мај 1992 година, единиците на СРК намерно го гранатирале цивилното население на овој град или отварале прекумерен и/или неселективен оган врз градот. Тие го сториле тоа користејќи голема количина на тешко оружје, вклучувајќи минофрлачи од 80 и 120 мм, како и артилериски оружја, кои речиси секогаш биле распоредени на ридовите околу Сараево. За време на конфликтот, врз градот паднале илјадници гранати, вклучително и врз населби и цивилни објекти како што се болници, пазари и други места каде што се собирало цивилно население. Често немало никаква воена вредност во метите што ги избирале нишанџиите на СРК и пукотниците се распрснувале по случаен избор низ целиот град. Во 1995 година, единиците на СРК врз градот фрлиле и одреден број модифицирани авио-бомби, оружје со исклучителна разорна моќ кое во тоа време сè уште не било прописно тестирано. Поради тоа, овие напади со модифицирани авио-бомби биле неселективни.“

Опсадата на Сараево и денес се смета за една од најтрагичните епизоди од војните на просторот на поранешна Југославија, но и во европската историја воопшто. Оваа опсада се споредува со најтешките опсади и трагедии во европската историја, пред сè поради значајното страдање на цивилите и децата.

Во таква атмосфера на страв и неизвесност, во Сараево живееле голем број деца.

Во предметот против Караџиќ, за страдањата на децата во Сараево сведочеше Фатима Заимовиќ, поранешна главна медицинска сестра на Одделението за детска хирургија во болницата „Кошево“, која ги опиша ужасните последици од артилериските и снајперските напади на војската на босанските Срби врз децата во Сараево. Подолу се наоѓа транскрипт од дел од нејзиното сведочење при испрашувањето од страна на Обвинителството на МКСЈ:

Обвинителот: „Неколку прашања во врска со децата кои сте ги лекувале. Кажете ми, Ве молам, колку деца доаѓаа на вашиот оддел во текот на еден обичен ден?“

Сведокот: „Различно беше. Понекогаш имавме по две-три. А понекогаш децата ни доаѓаа во групи, кога гранатирањето беше многу силно. Знаеја да дојдат по десет, шест, седум деца. Тие деца беа толку исплашени, крвави, полни со земја, полни со крв, со распарчени тела. Ќе плачеа родителите, ќе плачеше персоналот, ќе плачеа ѕидовите, сè околу нас ќе плачеше.“

Обвинителот: „Тој број од две до три деца дневно, дали беше постојана состојба во текот на целата војна?“

Сведокот: „Не. Се сеќавам на едно тешко гранатирање на училиште, на Оточа, и на улицата Немањинова, во Васе Мишкина, и така натаму, тогаш имавме многу голем број на пациенти. Најтешко беше кога беше [погодено] училиштето. Тоа беше на 9.11, а гранатирањето на Оточа беше на 10.11. Ние уште не се бевме опоравиле од децата од училиштето, а тој ден ни дојдоа единаесет деца од Оточа. Две деца стигнаа мртви на клиниката, а другите беа главно браќа и сестри, затоа што сите се криеле во еден премин од зградата. Времето беше убаво, децата сакаа малку да излезат и да ѕирнат од зградата. Тогаш падна граната и ги рани многу тешко. Многу тешко. Не се бираше, верувајте, ни време, ни место, ни ден – ништо. Пукаа како што ним им се допаѓаше. Ќе се смиреа

можеби ден-два, а потоа пак ќе започнеа. Децата ќе се ослободеа, ќе излезеа на улица, а тие ќе пукаа, ќе фрлаа и ќе убиваа невини деца.“

„Имаше повредено едно прекрасно дете на улицата Јелена Витас, тоа многу добро го паметам, се викаше Вапетиќ Дарио. Него многу добро го паметам. Неговите родители заедно со своите соседи сакаа да запалат малку оган, собраа некои хартии и така, во дворот на зградата која беше целосно опкружена и кога сакаа да го сторат тоа, падна граната во дворот. Во еден момент тоа момче ги изгуби и бабата и дедото и мајката и таткото. Кога дојде, беше толку преплашено, постојано повторуваше – тето, тето, јас ја видов главата на тато како лета низ воздухот. Многу долго време ни требаше да го смириме.“[104]

Во продолжение ќе наведеме уште неколку илустрации од судењата пред МКСЈ кои го прикажуваат животот на децата во Сараево за време на опсадата.

Сведокот W-107 на судењето на поранешниот командант на СРК Драгомир Милошевиќ изјави во судницата дека нејзините ќерки, кога одела по вода или дрва, често се враќале „со облека која беше извалкана со урина затоа што страшно многу се плашеле“. Еднаш, Риалда Мусаефендиќ видела дека испорачаниот леб имал во себе зрна од куршуми бидејќи босанските Срби пукале во камионот.[105]

Уште еден предмет поврзан со опсадата на Сараево е предметот IT-98-29 Обвинителот против Станислав Галиќ, кој бил претходник на Милошевиќ на позицијата командант на Сараевско-романискиот корпус (СРК). Еден сведок опиша: „[…] едно сончево попладне во септември 1993 година, осумгодишното девојче Елма и нејзината мајка тргнаа кај една другарка на Елма од училиште по некои

[104] Поранешната главна сестра на Одделението за детска хирургија во болницата „Кошево“, Фатима Заимовиќ, во своето сведочење ги опиша ужасните последици од артилериските и снајперските напади на војската на босанските Срби врз децата во Сараево. Таа сведочеше во предметот Обвинителот против Караџиќ (IT-95-5/18). Датум на сведочењето: 18.1.2002.
[105] Ibidem.

училишни книги. Во нивниот дел од градот тој ден беше мирно. Мајката и ќерката, држејќи се за рака, се движеа зад метални контејнери кои беа поставени како заштита од снајперистите на СРК кои дејствуваа од ридот Храсно. Во непосредна близина немаше ни војници, ни други можни воени цели. Погодени се во моментот кога тие двете излегоа од засолништето што им го нудеа контејнерите. Еден куршум ѝ го прострела бутниот мускул на мајката, а заврши во стомакот на Елма. Двете паднаа на земја, а куршумот просвире покрај нив. Луѓето кои се најдоа таму не се осмелија да им пријдат за да им помогнат. Мајката и ќерката успеаа да се извлечатползејќи од местото на кое што беа изложени на пукотниците. Во болница поминаа речиси две недели. Докажано е надвор од разумно сомневање дека пукотниците дошле од позициите на СРК. Елма и нејзината мајка биле намерно нишанети од таму.“[106]

На судењето на Радован Караџиќ, воениот Претседател на Република Српска, сведокот Алма Мулаосмановиќ - Чехајиќ, која на почетокот на опсадата на Сараево имала 15 години, го изјави следното: „Мојот вујко загина на Добриња. Бидејќи немаше ни струја ни плин, тој печеше леб пред зградата. Падна граната, тој загина, а неговиот тогаш 12-годишен син беше ранет.“ Во продолжение на сведочењето, таа опиша и еден настан од училиштето во кое одела: „Еден ден бевме на училиште, професорката го прозва ученикот Драговчанин Недин, а останатите ученици рекоа дека тој загинал од снајпер и дека повеќе нема да доаѓа на настава.“[107]

Хашките архиви содржат и детални информации за инцидентот од 22 јануари 1994 година, кога граната истрелана од позициите на СРК убила шест деца помлади од 12 години и рани уште шест лица, од кои пет биле деца. Две од петте повредени деца сведочеа пред МКСЈ во предметот против Ратко Младиќ. Во првостепената пресуда за Ратко Младиќ се наведени последиците кои тие ги трпат и денес: „Мухамед Капетановиќ, еден од повредените, беше одведен во

[106] Соопштение за јавноста: Пресуда во предметот Обвинителот против Станислав Галиќ – Станислав Галиќ е осуден на 20 години затвор, МКСЈ, 5.12.2005.
[107] Алма Мулаосмановиќ – Чехајиќ на судењето на Караџиќ сведочеше два дена, на 14 септември 2010 и 15 септември 2010.

здравствениот дом во Добриња, каде што му беше укажана прва помош, а потоа беше префрлен во болницата Кошево, каде што остана месец и половина. Подоцна беше испратен во Италија на понатамошно лекување. Претрпе неколку повреди, поради кои речиси една година не можеше да оди. Куршумот му помина низ левата рака и десниот образ. Имаше вкупно седум операции. Сведокот RM-172 изјави дека поради здобиените повреди не може да јаде цврста храна, ниту да џвака, дека поради оштетување на нервите не чувствува дел од лицето, а кожата на лицето лесно му пука и лесно му крвари. Заради повредите, во три наврати престојуваше во болница вкупно пет и пол месеци.“[108]

На судењата поврзани со злосторствата извршени за време на опсадата на Сараево, беа изведени и докази за инцидентот од 18 ноември 1994 година, кога Џенана Соколовиќ била погодена од снајпер од позициите на СРК. Куршумот ѝ поминал низ стомакот и го погодил во главата нејзиниот син Нермин Дивовиќ, кој од тие повреди смртно настрадал.[109]

Во овој дел се наведени само дел од примерите за страдањата на децата во Сараево и нивното секојдневие за време на опсадата. Освен наведените примери, во архивите на МКСЈ и Механизмот може да се најдат и други докази на оваа тема.

За сите дополнителни материјали (сведочења, доказни предмети) за животот и страдањата на децата за време на опсадата на Сараево, наставниците во секое време можат да се обратат за помош до Програмата на Механизмот за информирање на заедниците погодени од конфликтите на следната е-пошта: mip@irmct.org.

Краткото видео за животот во Сараево под опсада во продукција на Програмата на Механизмот за информирање на заедниците погодени од конфликтите може да се види на следниот линк: https://www.youtube.com/watch?v=O3RwT9ysE7A.

[108] Целиот инцидент е опишан во првостепената пресуда (том II) на МКСЈ во на предметот Обвинителот против Ратко Младиќ, IT-09-92-T, параграфи 2042-2050.
[109] Целиот инцидент е опишан во првостепената пресуда (том II) на МКСЈ во на предметот Обвинителот против Ратко Младиќ, IT-09-92-T, параграфи 1954-1959.

## Страдањата на децата на Косово – злосторството во Подуево како пример

Како пример за насилството врз деца може да се земе систематскиот терор кој бил спроведен врз албанските цивили за време на конфликтот на Косово. На судењето на полицискиот генерал Властимир Ѓорѓевиќ пред МКСЈ утвдено е дека припадници на вооружените сили на СРЈ и Србија „извршиле кривични дела кои резултирале со присилна депортација на околу 800 000 цивили – косовски Албанци. За да се олесни ова протерување и раселување, силите на СРЈ и Србија намерно создавале атмосфера на страв и угнетување користејќи сила, закани со сила и насилни дејствија“. Истите сили, кои делувале по наредби, со охрабрување или поддршка од обвинетиот, убиле стотици цивили – косовски Албанци и други лица кои не учествувале активно во непријателствата, и сексуално злоставувале косовски Албанци, посебно жени.

Исто така, судот утврди дека најмалку 724 Албанци биле убиени од страна на српските сили – најчесто од полицијата. Во најголем број од случаите, жртвите, меѓу кои имало многу жени и деца, биле невооружени цивили кои немале никаква улога во вооружениот конфликт.

Кон крајот на март 1999 година во Подуево на Косово, паравоената единица „Скорпиони“, која тогаш дејствувала во состав на Специјалната антитерористичка единица (САЈ) на Србија, влегла во куќа на албанско семејство и таму убила 14 албански цивили. Со тешки повреди, стрелањето го преживеале пет деца: Саранда, Фатос, Јехона, Лирије и Генц Богујевци. По преживувањето на стрелањето, биле пренесени во болница во Приштина, а понатамошното лекување продолжило во странство. „Тие се само деца“ — биле последните зборови на 43-годишната Шефкате Богујевци пред припадниците на „Скорпиони“ на 28 март 1999 година да почнат да стелаат и да убијат 14 жени и деца од семејствата Богујевци, Љугалиу и Дуриќи. Саранда и Фатос Богујевци се две од петте деца кои го преживеале масакрот. Тие сведочеа на судењето на генералот на српското МВР Властимир Ѓорѓевиќ, кој беше осуден на 18 години затвор за ова и за други злосторства на Косово. Подетален увид во овие настани дава сведочењето на преживеаната Саранда Богујевци. Во текот на своето сведочење во судењето против Властимир

Ѓорѓевиќ, таа ги опишала настаните кои ги посведичила на 28 март 1999 година во Подуево. За време на настанот, таа имала 13 години и живеела во тој град со своето семејство:

„Рано наутро, можеби околу 9:00 часот, забележавме во дворот, како што ми се чинеше, војници пред куќата во којашто се наоѓавме. Влегоа во нашиот двор преку дворот на Селман Гаши, при што ја урнаа оградата што ги делеше дворовите. Имаше околу четворица или петмина, со други кои се движеа околу нас. Почнавме да ја напуштаме куќата и кога излеговме, војниците ни рекоа да ги кренеме рацете во вис и да ги оставиме торбите на земја. Потоа прашаа дали има уште некој во куќата. Не знам кој им одговори, но војниците влегоа во куќата за да ја пребараат. Потоа ни наредија да поминеме низ дворот на Селман и преку него да влеземе во куќата што се наоѓаше зад нашиот двор. Утрото беше студено и јас ги ставив рацете во џебовите. Еден војник го забележа тоа и ми ги пребара џебовите околу моите нозе. Војниците ги пребараа и другите. Потоа војниците му пријдоа на мојот брат Шпетим и му ги зедоа џамлиите од џебовите и ги фрлија на земја. Викаа, а мојата мајка се наведна и собра колку што можеше од џамлиите. Продолжија да нè пребаруваат, наредувајќи им на постарите жени кои носеа марами на главите да ги симнат. Јас стоев на крајот од редот до мојата стрина Шефкате и братучед ми Генц. Потоа ја здогледав мојата стрина Шефкате, која претходно ја одвоија од нас подолу во дворот. Плачеше. Нешто зборуваше на српски, но разбрав само „Тие се само деца“. Потоа, еден од војниците ја турна додека одеше по патеката која водеше зад куќата, а потоа со пушка од типот АК47 и пукаше еднаш во грбот. Се свртев кон моите братучеди, децата на Шефкате, кои почнаа да плачат. Кога повторно погледнав кон Шефкате, лежеше на земја и истиот војник уште еднаш пукаше во неа, во горниот дел од телото.

Откако го испука вториот куршум, војникот ја фрли пушката на земја, а потоа му пријде на друг војник и ја зеде неговата пушка. Имаше вкупно околу десет војници во дворот, а други доаѓаа и си одеа. Нè наредија групно покрај ѕидот, и истиот тој војник, сега вооружен со ново оружје, почна да пука кон нашата група. Овојпат станувaше збор за брзо автоматско пукање од пушка, повторно од типот

АК47. Јас се најдов во средината на нашата група, се потпрев на ѕидот и потоа се лизнав на земја и останав во седечка положба. Додека се лизгав надолу, војникот уште пукаше и ме погодија два куршума во ногата. Продолжи да пука, а кога застана, слушнав тешко дишење кај некого во групата. Не знам дали заради тоа тешко дишење, но тогаш пукањето повторно започна. Овојпат бев погодена во раката и во грбот. Потоа го видов Арбер Дуриќи, беше погоден во лицето кое сега беше изобличено. Потоа ја видов мојата баба Шехиде, која беше свртена кон мене. Лицето ѝ беше сосема жолто, а околу устата модро и очите ѝ беа отворени. Ја видов и Фезрие Љугалиу, не можев да ѝ го видам лицето, но ѝ го видов телото – испружено и модро. Генц беше до Фезрие и ја крена главата. Рече: ‘Саранда, види што му направија на Шпетим’, зборувајќи за мојот брат. Потоа слушнав гласови и викање и му реков на Генц да легне, а јас повторно се вратив во седечка положба. Ги затворив очите, но слушнав дека некој е покрај нас. Потоа слушнав еден од моите роднини како тивко стенка од болка. Не знаев што се случува, но решив да ги отворам очите бидејќи претпоставив дека мислат дека сум мртва. Кога се поместив, мислам дека дојдоа двајца мажи и ме извлекоа и ме положија на земја, мислам дека проверуваа каде сум ранета. Зборуваа на српски, но носеа различни униформи од оние што ги носеа луѓето кои пукаа во нас – воени униформи кои ги препознав од касарната. Ни укажаа прва помош и додека лежев таму, видов дека телата беа покриени со прекривки. Војниците што беа во дворот за време на пукањето, повеќе не беа, колку што можев да видам.“[110]

Краткото видео за злосторството во Подуево, во продукција на Програмата на Механизмот за информирање на заедниците погодени од конфликти, можете да го погледнете овде: https://www.youtube.com/watch?v=urf0TDG8L1Q.

Ова е само еден од примерите на насилство врз децата за време на конфликтот на Косово во 1999 година, за кој беа изведени докази пред МКСЈ. Во архивата се наоѓаат судски утврдени факти и докази за судбината и на други деца. На пример, за убиствата на жени и деца во Ѓаковица на почетокот на април 1999

[110] Исечок од изјавата на сведокот Саранда Богујевци, доказен предмет P00373, во предметот Обвинителот против Властимир Ѓорѓевиќ.

година, за што пред МКСЈ сведочеше Дрен Чака. Припадници на српските полициски сили тогаш убија 20 жени и деца, меѓу кои беа мајката и трите сестри на Дрен Чака.

Краткото видео за злосторството во Подуево, во продукција на Програмата на Механизмот за информирање, можете да го погледнете тука: https://www.youtube.com/watch?v=EnY0_BhudVY

Освен во Подуево и Ѓаковица, децата на Косово беа жртви на злосторства и во Сува Река, во селата Меја, Кореница, Бела Црква и на други локации.

# Културоцид

## Вовед

Уништувањето и оштетувањето на културни, верски, добротворни, образовни објекти, како и историски споменици, е една од карактеристиките на војните од деведесеттите години на територијата на поранешна Југославија. Да се зборува за војните од деведесеттите на овие простори, а да не се зборува за уништувањето на културното наследство или за културоцидот, е речиси невозможно, а пред сѐ многу неодговорно. Доколку етничкото чистење е главна карактеристика на тие војни, тогаш мора да се знае дека културоцидот е составен дел од тоа криминално и нехумано дејствување. Ако етничкото чистење има за цел создавање етнички чисти територии, тогаш културоцидот има за цел бришење на минатото на цели народи преку уништување (пред сѐ) на материјалните докази за постоењето на одредени етнички заедници и групи, со што би се избришало секое сеќавање на нив, а со тоа би се „стекнало историско право“ на таа територија и би се спречило враќање на протераните. Затоа не е тешко да се заклучи зошто културоцидот како поим е значаен за проучување, а пред сѐ за санкционирање и негово третирање преку меѓународни конвенции и договори. Мета на културоцидот на територијата на поранешна Југославија беа Дубровник како град под заштита на Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура (УНЕСКО), Стариот мост во Мостар, Националната библиотека во Сараево, голем број верски храмови и бројни други споменици на материјалната и нематеријалната култура. Често не беа поштедени ниту гробишта, споменици, музеи, архиви, верски објекти со сакрално значење итн. Најчесто овие и вакви објекти беа уништувани намерно и систематски, иако за тоа не постоеше никаква воена потреба или оправдување. Се настојуваше да се уништи минатото и да се смени сликата за сегашноста, преку уништување на културата на колективното помнење на еден или повеќе народи. Уништувањето на културното и верското наследство неминовно може да се доведе во врска со етничкото чистење, со оглед дека крајната цел е иста: уништување на секое сеќавање на одреден народ, група или етничка заедница преку формите на нивниот културолошки идентитет. „Онаму каде што е присутен културоцид, може да се

зборува и за геноцид. Онаму каде што се случува ‘културно’ чистење, може да се зборува и за етничко чистење. Од Дубровник до Тимбукту, не смееме да ги потценуваме злосторствата против културното наследство“ – изјави секретарот на МКСЈ, Џон Хокинг.

Феноменот на намерно уништување на културното наследство, односно културоцидот, не се појави за првпат за време на војните од деведесеттите на територијата на поранешна Југославија, туку неговите корени можеме да ги пронајдеме длабоко во минатото, дури во античките времиња. Тој се провлекува низ историјата како составен дел на бројни војни, од примерите на Тројанската војна, Пунските војни и вандалското освојување и уништување на Рим во антиката, преку Крстоносните војни и колонијалните освојувања во Америка, Африка и Австралија, па сè до холокаустот за време на Втората светска војна и војните на Блискиот и Далечниот Исток во современото доба. Покрај тоа, постојат бројни случаи на уништување на интелектуалното и пишаното културно наследство низ историјата како резултат на човечка волја. Нацистичкото палење на книги пред Рајхстагот е еден од тие примери. Палењето на Александриската библиотека во 47 година п.н.е. го оставило човештвото без најголемата ризница на пишано знаење во историјата. Црквата, преку процесот на инквизиција во средниот век, редовно палела книги кои претставувале слободни и поинакви гледишта на светот од оние што таа ги застапувала. Книгите и интелектуалното творештво биле забранувани, цензурирани и уништувани со законски одредби низ историјата, речиси во сите држави и на сите краишта од светот, од постоењето на писменоста.

Првите обиди за третирање и заштита на културното наследство на светско ниво се случиле во 1954 година, кога УНЕСКО ја донесе Хашката конвенција за заштита на културното наследство во случај на вооружен конфликт. Оваа Конвенција произлегува како резултат на страшните разурнувања за време на Втората светска војна, но и како резултат на создавањето на Обединетите нации (ОН), како најголема и најзначајна светска организација, која ја презема обврската за зачувување на светскиот мир, а со тоа и на културното наследство.

Оваа Конвенција одигра значајна улога во бројните судења за воени злосторства за време на војните во деведесеттите години од дваесеттиот век на територијата на поранешна Југославија. Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ) за првпат во обвиненијата го воведе уништувањето на културното наследство како основ за обвинение. Во член 3 (г) од Статутот на МКСЈ јасно се наведува: „Меѓународниот суд е овластен кривично да ги гони лицата кои ги прекршиле законите или обичаите на војување. Тие кршења се однесуваат, но не се ограничуваат на: […] (б) безобѕирно рушење на градови, гратчиња или села, или пустошења кои не се оправдани со воените потреби; (в) напад, или бомбардирање, со какви било средства на небранетите градови, села и други станбени објекти; (г) заземање, уништување или намерно правење штета на верски, добротворни, образовни, уметнички, научни и историски објекти и дела од уметничка и научна вредност“. Првото судење за уништување на културно наследство пред МКСЈ се однесуваше на офицерот на ЈНА Миодраг Јокиќ, кој беше осуден на 7 години затвор поради уништување на градот Дубровник. По ова следеше судењето на воените и политичките претставници на Херцег-Босна, кои, меѓу другото, беа обвинети и за намерно уништување на 400-годишниот Стар мост во Мостар. Меѓутоа, тие не беа осудени по тој основ, бидејќи Апелациониот совет сметаше дека Стариот мост бил легитимна воена цел во контекст на воените операции кои тогаш се водеа на подрачјето на Мостар. Сепак, тие беа осудени за рушење на џамии на подрачја под контрола на босанските Хрвати.

Дополнително, и во други предмети беше пресудувано за уништувањето на верското и културното наследство во Босна и Херцеговина и на Косово. Судењата и донесените пресуди од страна на МКСЈ за уништување на културното наследство претставуваат многу значаен чекор кон воспоставување практика за казнивост на ова злосторство. Меѓународниот кривичен суд (МКС) во случајот Ал Махди во 2016 година, за првпат беше повикан да одлучува за военото злосторство напад врз заштитени (културни) објекти. Воедно, обвинителката на МКС, Фату Бенсуда, при објавувањето на политиката на МКС за важноста на казнувањето злосторства врз културното наследство, изјави: „Културното наследство е складиште на човечкото искуство низ вековите. Да се заштити значи да се оддаде почит на основното ткиво

на цивилизацијата и цивилизациските практики.“[111] Очигледно, темата на културоцид е значајна не само за денешните генерации, туку и за идните. Бришењето на културата на сеќавање во суштина претставува злосторство против човештвото, а на тоа секако треба да се спротиставиме, како преку законски средства и меѓународни договори и конвенции, така и преку едукација и образование.

**ЦЕЛИ НА УЧЕЊЕТО**

- Подигнување на свеста за зачувување на културното наследство во услови на војна;
- Препознавање на последиците од уништувањето на интелектуалното творештво како културно наследство и потребата за негово казнување и
- Подигнување на свеста за потребата од зачувување на верското наследство.

## Уништување на објекти кои претставуваат културното наследство во услови на војна

Според Хашката конвенција од 1954 година, културното наследство е заштитено со меѓународното право, а со самото тоа е забрането да се цели кон културното наследство и културните објекти и да се уништуваат за време на воени дејствија. „Секоја штета врз културните добра, без оглед на тоа на кој народ му припаѓаат, е штета врз културното наследство на целото човештво, бидејќи секој народ дава свој придонес кон светската култура“.[112] И покрај ова, културното наследство многу често било намерно и целно уништувано за време на војните од деведесеттите години на дваесеттиот век на тлото на поранешна Југославија. Етничкото насилство, кое беше основна карактеристика на војните од деведесетите

[111] ICC Prosecutor, Fatou Bensouda, publishes Policy on Cultural Heritage: Cultural heritage is the repository of the human experience throughout the ages. To protect it, is to pay homage to the basic fabric of civilisation and civilizational practice, МКС, 14.6.2021.
[112] УНЕСКО, Хашка конвенција за заштита на културните објекти во случај на вооружен конфликт, 14.5.1954, Преамбула.

години на тлото на поранешна Југославија, беше проследено со уништување на културното наследство што се сметало за обележје и традиција на спротивната страна во конфликтот. Со тоа не се настојувало само да се заземат територии, туку и да се избришат историските траги, односно да се создаде поинаква реалност.[113]

Вклучувањето на злосторствата против културното наследство во Статутот на МКСЈ и нивното разгледување според него претставува значаен исчекор во реалната заштита на културното наследство во време на вооружените конфликти. Самото истражување на овие злосторства е многу тежок и сложен процес, особено кога станува збор за собирање докази. Исто така, многу е тешко да се утврди конкретниот извршител, како и да се утврди командната одговорност. Со оглед на тоа што дотогаш не постоеше искуство на меѓународните судови со предмети за уништување на културно наследство, МКСЈ се соочи со исклучително предизвикувачки предмети кои бараа и одредена доза на иновативност во правното процесуирање. Иако МКСЈ обработи релативно мал број на обвиненија поврзани со уништување на културно и верско наследство (вкупно 16), задачата за утврдување на вината беше мошне предизвикувачка. Беше неопходно да се утврди дали одреден објект на културно наследство бил користен како воен објект и беше особено тешко да се утврди намерата зад неговото уништување. Без намера да ги категоризираме според важност примерите на уништување на културното наследство со кои се занимавал МКСЈ, за потребите на овој труд издвоивме неколку.

## Дубровник

Опсадата на градот Дубровник започна на 1 октомври 1991 година и траеше 240 дена, за време на кои градот беше бомбардиран од страна на Југословенската народна армија (ЈНА). Во септември 1991 година, на јужното крајморје на Хрватска започнаа судири помеѓу ЈНА и хрватските сили. Почнувајќи од 1 октомври 1991

[113] Извештај од конференцијата за Уништување на културното наследство, повоена обнова и градење доверба Пула, 14.11.2017, стр.4.

година, ЈНА воспостави блокада на Дубровник. Силите на ЈНА започнаа борбени дејствија со цел да се приближат до градот, особено од 23 до 26 октомври и од 9 до 13 ноември 1991 година. Во двата наврата, беше гранатирано поширокото подрачје на Дубровник, особено Стариот град. На 13 ноември 1991 година, ЈНА практично ја држеше во свои раце целата територија околу поширокото подрачје на Дубровник, освен Срѓ – рид кој топографски доминира над Дубровник, веднаш над Стариот град, на кој се наоѓа тврдина од Наполеоново време.[114] Стариот град, дел од светското културно наследство под заштита на УНЕСКО од 1979 година, во кој немало воени цели, беше погоден со над 1000 проектили. Многу згради од историско значење беа оштетени.

Со опсадата на Дубровник командувале полковник Павле Стругар (од копното) и адмирал Миодраг Јокиќ (од морето). Најголемиот напад врз градот бил изведен на 6 декември 1991 година и траел 12 часа, при што било извршено најголемото уништување на градот. Самото гранатирање на Дубровник траело до 26 мај 1992 година, кога ЈНА се повлекла под притисок на хрватската војска. За воените злосторства за време на опсадата на Дубровник, МКСЈ го осуди генерал Павле Стругар на 8 години затвор поради кршење на обичаите на војување, но и поради свесно уништување на културни и верски добра, како и поради уништување на културни, образовни, уметнички и научни дела. Вицеадмиралот Миодраг Јокиќ е осуден на 7 години затвор за истите обвиненија.[115] Поради недостаток на докази, адмирал Милан Зец беше ослободен од обвиненијата, а предметот против капетан Владимир Ковачевиќ беше предаден на правосудните органи на Република Србија, но нему никогаш не му беше судено поради утврдена процесна неспособност да го следи судењето од здравствени причини. За разурнувањето на Дубровник, МКСЈ поднесе обвинение и против поранешниот претседател на СР Југославија, Слободан Милошевиќ, кој не го доживеа крајот на судењето.

[114] Соопштение за медиумите: Пресуда во предметот Обвинителот против Павле Стругар, Павле Стругар е осуден на 8 години затвор, МКСЈ, 31.1.2005.
[115] Соопштение за медиумите: Пресуда во предметот Обвинителот против Миодраг Јокиќ - Миодраг Јокиќ е осуден на 7 години затвор, МКСЈ, 18.3.2004.

Пресудата во предметот IT-01-42/1 Обвинителот против Миодраг Јокиќ јасно говори за извршените кривични дела: „При донесувањето на пресудата, Судскиот совет посвети значително внимание на кривичното дело уништување или намерно нанесување штета на установи наменети за религија, добротворни цели и образование, уметност и наука, како и на историски споменици и уметнички и научни дела. Судскиот совет констатира дека станува збор за кривично дело што претставува напад врз посебно заштитено добро. Тоа кривично дело е особено тешко во овој предмет бидејќи Стариот град во Дубровник бил во целост под заштита на УНЕСКО. Оттука, станбените згради во градот биле особено заштитени, заедно со останатиот дел од местото, како извонредно архитектонско достигнување што илустрира значајна фаза во историјата на човештвото.“[116]

Воедно, пресудата во предметот IT-01-42 Обвинителот против Павле Стругар зборува и за одговорноста за нападот на Дубровник:

> „Советот Ве прогласува за виновен според член 7 (3) од Статутот за следните две точки:
>
> (…)
>
> Точка 6: уништување или намерно нанесување штета на установи наменети за религија, добротворни цели и образование, уметност и наука, историски споменици и уметнички и научни дела, прекршувајќи ги законите и обичаите на војување, според член 3 од Статутот.
>
> (…)
>
> Советот во писмената пресуда подетално ги изнесе факторите кои ги зеде предвид при одмерување на казната. Советот беше особено свесен за тежината на нападот врз дубровничкиот Стар град и последиците за неговите жители и за културното наследство што беше оштетено или уништено во тој напад. Советот сака да нагласи дека Вам казната нема да Ви биде изречена за издавање наредба за напад врз Стариот град. Вашата кривична

[116] Ibid.

одговорност произлегува од тоа што не презедовте соодветни мерки за да го запрете гранатирањето на Стариот град и што не се погриживте оние што беа одговорни за нападот да бидат дисциплински казнети. Во таа смисла, Вие не бевте директно надреден на оние што беа одговорни. Директно надреден беше адмирал Јокиќ. Вие бевте надреден на адмиралот Јокиќ и затоа во хиерархијата сте оддалечени за еден степен. Советот го зема предвид тоа што адмиралот Јокиќ се изјасни за виновен за кривичните дела што произлегуваат од неговото учество во нападот врз Стариот град и што му беше изречена казна од 7 години затвор. Советот ја зема предвид Вашата возраст и нарушено здравје, како и други олеснителни околности кои се наведени во писмената пресуда. Судскиот совет Ви изрекува единствена казна од 8 години затвор.“[117]



Дубровник во пламен и пожари по гранатирањето на 12 ноември 1991

Извори:

- Дубровник и злосторствата врз културното наследство (Видео);
- Признание на вина: Миодраг Јокиќ (Видео);
- Пресудата за адмирал Миодраг Јокиќ;
- Пресудата за адмирал Миодраг Јокиќ (Видео);
- Пресудата во предметот Павле Стругар;
- Пресудата во предметот Павле Стругар (Видео);

[117] Соопштение за јавноста: Пресуда во предметот Обвинителот против Павле Стругар, Павле Стругар осуден на 8 години затвор, МКСЈ, 31.1.2005.

- Снимка од Дубровник со обележани места на оштетување 1;
- Снимка од Дубровник со обележани места на оштетување 2 и
- Гранатирањето на Дубровник (изложба).

## МОСТАР

На 9 ноември 1993 година беше срушен 427-годишниот Стар мост во градот Мостар (БиХ), откако неколкупати беше погоден со тенковски гранати од страна на Хрватскиот совет за одбрана (ХСО). Самиот чин на рушење беше забележан со ТВ камера, што послужи и како доказен материјал во текот на судењето. Во предметот Прлиќ и останатите, кој се водеше пред МКСЈ против шестмина обвинети, беше заклучено следново:

> „Советот се увери дека пред 8 ноември 1993 година, Стариот мост, иако веќе многу оштетен, го користеа не само припадниците на АБиХ во Мостар за снабдување на единиците и упатување на воена опрема на линијата на фронтот, туку и жителите на источен Мостар за одржување на контакт меѓу двата брега на Неретва и снабдување со храна и лекови. Освен тоа, Советот се увери дека Стариот мост имаше исклучителна симболична вредност, пред сѐ за муслиманите.“[118]

> „Советот смета дека на 8 ноември 1993 година – во рамките на офанзивните дејствија за кои Миливој Петковиќ издаде наредба, а кои Миленко Ласиќ ги спроведе на дело – еден тенк на ХСО пукал кон Стариот мост во текот на целиот ден, поради што, веќе на 8 ноември 1993, мостот беше неупотреблив и на раб на уривање. Стариот мост навистина се сруши наредниот ден, помеѓу 10:15 и 10:30 часот откако тенкот продолжи со гранатирање, а можеби и како последица на експлозив активиран со детонирачки штапин од левиот брег на Неретва.“[119]

---

[118] Обвинителот против Прлиќ и останатите (Пресуда на Првостепениот совет III), IT-04-74-T, МКСЈ, 26.5.2013, параграф 1364.
[119] Ibid. параграф 1366.

„Откако најпрво се обиделе да го објаснат рушењето на мостот со општата руинирана состојба на таа градба и со положбата на која се наоѓала во средина на судирот, властите на ХСО покренаа истражна постапка против екипажот на еден тенк кој бил обвинет дека дејствувал без претходно одобрение. Советот смета дека реакцијата на политичките и воените власти на ХСО беше одраз на волјата да се минимизира и прикрие сопствената одговорност и дека [таа реакција] ги поткрепува доказите за нападот од 8 ноември 1993 година, при кој врз Стариот мост беше отворен оган.“[120]

Иако во првостепената пресуда беше заклучено дека уништувањето на Стариот мост не било оправдано со воена потреба, Жалбениот совет го измени тој наод и го заклучи следново: „Жалбениот совет, со спротивно мислење на судијата Покар, констатира дека Стариот мост во времето на нападот претставуваше воена цел, па оттаму со неговото уништување можела да се постигне дефинитивна воена предност и дека затоа тоа уништување само по себе не може да се смета за безобѕирно уништување кое не било оправдано со воена нужност.“[121]

Иако во рамките на правната анализа Стариот мост беше прогласен за легитимна воена цел, Жалбениот совет не ги оспори фактичките наоди на Првостепениот совет дека мостот бил срушен и дека го срушиле единиците на ХСО.

Поради низа други злосторства извршени врз муслиманското цивилно население во БиХ, вклучително и уривањето на џамии во повеќе места под контрола на ХСО, на обвинетите поранешни челници на Херцег-Босна им беа изречени казни затвор од 10 до 25 години.

Извори:

- Стариот мост и УНЕСКО;
- Уништувањето на мостот во Мостар – реконструкција и судско разгледување на злосторството (Видео);

[120] Ibid.
[121] МКСЈ, Резиме на пресудата на Жалбениот совет во предметот Обвинителот против Прлиќ и останатите, 29.11.2017, стр.5.

- Резиме на пресудата на Првостепениот совет во предметот Прлиќ и останатите;
- Првостепената пресуда на Судскиот совет во предметот Прлиќ и останатите и
- Негирање на вината: Слободан Праљак за Стариот мост во Мостар (Видео).



Стариот мост во Мостар непосредно пред да се сруши

## Уништување на интелектуалното творештво како културно наследство во воени услови

*Колективното знаење и сеќавање сочувано во книжевни, историски, религиски, уметнички, научни и други писмени дела* претставува значаен дел од културниот идентитет на секој народ или заедница. Многу владетели низ историјата се обидувале да ја уништат културата и колективното сеќавање на народите преку уништување на тоа интелектуално културно наследство, без разлика дали било

изразено преку пишани зборови, симболи, уметнички дела или други форми на изразување. Бројните случаи на уништување на интелектуалното творештво како културно наследство довеле до потребата од негова заштита преку меѓународни конвенции за заштита како на материјалното, така и на нематеријалното културно наследство. За ова посебно зборува Конвенцијата на УНЕСКО за заштита на нематеријалното културно наследство од 2003 година: „За целите на оваа Конвенција, терминот „нематеријално културно наследство” значи обичаи, претставувања, изрази, знаење, вештини — како и инструменти, предмети, артефакти и културни предели што се во врска со нив — кои што заедниците, групите и, во определени случаи, поединци ги препознаваат како дел од своето културно наследство. Ова нематеријално културно наследство што се пренесува од генерација на генерација постојано се возобновува од заедници и групи во функција на нивната окруженост, нивната интерактивност со природата и нивната историја, го јакне нивното чувство за идентитет и континуитет на тој начин што го промовира почитувањето на културната различност и на човековата креативност. За целите на оваа Конвенција ќе биде земено предвид само она нематеријално наследство што е компатибилно со постоечките меѓународни инструменти за човековите права, со барањата за заемно почитување меѓу заедници, групи и поединци, како и за одржлив развој.“

Војните од деведесеттите на територијата на поранешна Југославија се свеж доказ дека ризниците на знаење често биле цел на гранатирања. Една од првите мети за време на војната во Босна и Херцеговина беше Националната библиотека во Сараево, во која се наоѓаа милиони книги и ракописи и цели збирки на единствени историски документи за религијата и културата на тој дел од светот. Има бројни други примери на палење книги во таа војна и во Хрватска. Така, во Осиек изгоре познатата библиотека Славоника, а во Дубровник една од првите цели на нападите беше Меѓународниот универзитетски центар (МУЦ) и неговата библиотека, во чии фондови имаше книги од над 80 универзитети од целиот свет. Намерното уништување на библиотеки во земјите од поранешна Југославија беше составен дел на стратегијата што се спроведуваше. Уништувањето на цели архиви

и други споменици на културата можеше да доведе до бришење на етничките обележја и карактеристики на цели народи и етнички заедници.

**ВИЕЌНИЦАТА (ГРАДСКОТО СОБРАНИЕ) ВО САРАЕВО**

Градското собрание „Виеќница“ е свечено отворено на 20 април 1896 година и се користеше за управни и административни цели. По Втората светска војна зградата ѝ беше доделена на Народната библиотека и остана во нејзина функција сѐ до почетокот на конфликтот во БиХ. Во ноќта меѓу 25 и 26 август 1992 година, Виеќницата (Градското собрание) беше погодено со запаливи артилериски проектили. Пожарот во голема мера ја уништи зградата, заедно со огромниот библиотечен фонд на Националната и универзитетска библиотека од околу 2 милиони единици.“[122] „Уништувањето на сараевското Градско собрание, иако индиректно, беше опфатено во првото обвинение против Радован Караџиќ и Ратко Младиќ, како и во босанските обвиненија против Слободан Милошевиќ, во параграфите каде се обвинуваат за 'намерно и безобѕирно уништување на верски и културни објекти... како џамии, цркви, библиотеки...'. Сепак, делот од обвинението за Градското собрание против Караџиќ и Младиќ беше изземен пред почетокот на судењето, додека на судењето на Милошевиќ беа изведени докази на таа тема, иако судењето не заврши поради смртта на обвинетиот.“[123]

[122] Gradsku vijećnicu Sarajevo, Vijećnica.
[123] Бришење на историјата и сеќавањата – Сараево – Виеќница, СЕНС Центар.



Сараевското Градско собрание (Виеќница) непосредно пред гранатирањето

Според Хашката конвенцијата за заштита на културното наследство во случај на вооружен конфликт од 14 мај 1954 година:

„Под културни добра, без оглед на нивното потекло или сопственик, се подразбираат:

а) подвижен или недвижен имот од големо значење за културното наследство за секој народ, како што се: архитектонски, уметнички или историски споменици, било религиозни или световни; археолошки локалитети; групи на градби кои како целини се од историски или уметнички интерес; уметнички дела; ракописи, книги и други предмети од уметнички, историски или археолошки интерес; како и научни збирки и важни збирки на книги, архивски материјали или репродукции на горенаведените добра;

б) згради чија основна и ефективна цел е зачувување или изложување на културните добра дефинирани во точката а), како што се музеи, големи библиотеки, места за чување на архивски материјал, како и засолништа наменети за заштита на подвижните културни добра дефинирани во точката а) во случај на вооружен конфликт;

в) центри кои содржат значителна количина културни добра дефинирани во точките а) и б), наречени „споменички центри“.“[124]

Од Конвенцијата јасно се гледа дека „Виеќницата“ во Сараево, поради своите архитектонски и историски карактеристики, но и поради архивскиот материјал и збирката книги што се наоѓаа во неа, има статус на „споменички центар“ и врз таа основа е под заштита на Конвенцијата за заштита на културното наследство во случај на вооружен конфликт. Иако уништувањето на „Виеќницата“ во август 1992 година, како што веќе беше наведено, не беше дел од обвинението против Ратко Младиќ, еден од сведоците во тој предмет, меѓународниот набљудувач Џон Вилсон, зборуваше за инцидентот на 28 мај 1992 година, кога Градското собрание беше една од целите на нападите врз цивилни објекти во градот. Во предметот IT-09-92-Т Обвинителот против Ратко Младиќ, тој опиша средба која ја имал на денот по гранатирањето на градот со двајца офицери од тогашната ЈНА:

> „Генералот Бошковиќ на состанокот рече дека Младиќ наредил да се отвори артилериски, ракетен и минофрлачки оган врз Сараево како одговор на нападите врз Лукавица. Бошковиќ и Чаѓо признаа дека нападот бил тежок и жесток и се извинија во име на ЈНА за постапките на Младиќ. Според зборовите на Бошковиќ, Младиќ дејствувал самостојно од ЈНА и покрај настојувањата лично од Бошковиќ и од српското раководство да го спречат тој напад. Бошковиќ додаде дека Младиќ повеќе не е припадник на ЈНА и дека нема да ги извршува нивните наредби. Околу 13:00 часот, министерот Доко и уште двајца претставници на Владата на Босна и Херцеговина се приклучија на состанокот и пуштија аудио-снимка од прислушкуван разговор на српската територијална одбрана од претходната ноќ. Чаѓо ги преведуваше зборовите на Младиќ од босански на англиски. На снимката се слушаше како Младиќ лично го командува нападот и, меѓу другото, ги избира целите (зградата на Претседателството, Градското собрание, главната полициска станица и детската амбасада) и го насочува артилерискиот оган надвор од областите

[124] УНЕСКО, Хашка конвенција за заштита на културните објекти во случај на вооружен конфликт со прописи за спроведување на конвенцијата, 14.5.1954, стр. 3.

населени со Срби. Младиќ исто така одредуваше кој калибар ќе се користи и сам да се пука, што значеше дека српските сили смееле да пукаат само кога тој ќе наредел. Претставниците на ЈНА кои присуствуваа на состанокот, вклучувајќи ги генералот Бошковиќ и полковникот Чаѓо, го препознаа гласот на Младиќ на снимката.“[125]

Воедно, во пресудата за предметот IT-09-92-T Обвинителот против Ратко Младиќ, Судскиот совет утврди дека во согласност со наредбата на Младиќ, припадниците на СРК отвориле артилериски ракетен и минофрлачки оган врз Сараево на 28 мај 1992 година во 17:00 часот кој траел до раните утрински часови наредниот ден. Проектили од различен калибар паѓале врз целиот град, вклучително и од ракетни фрлачи, при што најмногу биле истрелани кон Стариот град. Младиќ лично го командувал нападот и, меѓу другото, ги избирал целите како што се зградата на Претседателството, Градското собрание, полициската станица и детската амбасада, и го насочувал огнот надвор од областите населени со Срби.[126]

Извори:

- Палењето на книгите (Видео)

### Ориенталниот институт во Сараево

Библиотеките на десет од вкупно шеснаесет постојни факултети на Универзитетот во Сараево беа целосно или делумно уништени поради гранатирањето од страна на Војската на Република Српска, при што исчезнаа 400 000 книги и 500 наслови периодични изданија. Од преостанатите факултетски библиотеки и истражувачки институти при Универзитетот, сите претрпеле штети во одредена мера — било на зградите, опремата или збирките; сите библиотеки изгубиле дел од вработените. Осум ограноци на Градската библиотека во Сараево исто така биле погодени од гранати и изгореле. Посебно значајни загуби на

[125] Обвинителот против Ратко Младиќ (Пресуда на Првостепениот совет I, том II), IT-09-92-T, МКСЈ, 22.11.2017, стр. 1046.
[126] Ibid. стр. 1048.

историски ракописи се случиле при уништувањето на Ориенталниот институт во Сараево, како и на Научната библиотека во Дубровник, како последица на бомбардирањето на овие два града.

Ориенталниот институт е основан во 1950 година и бил дом на најголемата збирка на исламски ракописни текстови и османлиски документи во Босна. Бил мета на запаливи гранати на 17 мај 1992 година. Ориенталниот институт Сараево и целиот негов фонд изгореле во пламен. Загубите вклучувале: 5263 подврзани ракописни кодекси на арапски, персиски, османлиско-турски и босанско-словенски јазик напишани со арапско писмо (алхамијадо); Османлискиот покраински архив, со над 200 000 документи — примарен изворен материјал за петстотини години од историјата на земјата; збирка од над стотина османлиски катастарски регистри кои ја евидентираат сопственоста на земјиштето и демографската структура во БиХ од шеснаесеттиот до доцниот деветнаесетти век; и околу триста ролни микрофилм.

Во текот на вкрстеното испрашување на сведокот Андреас Ридлмајер (Andras Riedlmayer) во предметот IT-02-54 Обвинителот против Слободан Милошевиќ, сведокот рече:

Андреас Р.: „Уништувањето на овој институт во Сараево, кој беше гранатиран, според сведочењата на очевидци, и запален ноќта на 17 мај 1992 година, претставува веројатно најголемата загуба на архивски материјали во Босна. Овој Институт за источни студии (Ориенталниот институт) поседувал повеќе од 2000 документи уште од времето на турската власт на таа територија, а исто така имал и катастар од 19 век, како и записи од повеќе од 500 години турско владеење на таа територија.

Обвинителот: „Според Вашите сознанија, дали таа збирка била уникатна?“

Андреас Р.: „Сигурно е дека била.“

Обвинителот: „Дали нешто од тоа е вратено по крајот на војната?“

Андреас Р.: „Скоро ништо. Изгоре сосема сѐ. Имавме […] постоеја планови тоа да се евакуира во засолништа, меѓутоа тоа не успеа.“

Обвинителот: „Сега Ве молам да ни кажете какви се Вашите генерални наоди што се однесуваат на архивите и библиотеките во Босна и Херцеговина?“

Андреас Р.: „Освен верските објекти, се занимавав и со судбината на архивите и библиотеките, особено оние што им припаѓаат на верските заедници. Во 13 од 19 општини кои ги опфатив во извештајот, локалните претставници на исламската заедница ми рекоа дека материјалот од тие архиви или бил конфискуван, или бил уништен од страна на српските власти или српските сили.“

Покрај МКСЈ, со прашањето за уништување на библиотеките и интелектуалното творештво како културно наслдество се занимаваше и Меѓународниот суд на правдата во спорот „Босна и Херцеговина против Србија и Црна Гора“, за што сведочи извадокот од пресудата:

„342. Судот исто така укажува на тоа дека архивите и библиотеките биле напаѓани за време на војната во Босна и Херцеговина. На 17 мај 1992 година, Ориенталниот институт во Сараево бил гаѓан со запаллива муниција и бил запален. Во пожарот биле уништени 200 000 документи, меѓу кои и збирка од над 5000 исламски ракописи. Се проценува дека при бомбардирањето на Националната библиотека на БиХ на 25 август 1992 година биле уништени околу 1,5 милиони книги. Судот забележува дека иако тужената страна смета дека не може со сигурност да се утврди кој ги гранатирал овие институции, постојат докази дека и Ориенталниот институт во Сараево и Националната библиотека биле бомбардирани од српски позиции.“[127]

[127] Извадок од пресудата на Меѓународниот суд на правдата во спорот „Босна и Херцеговина против Србија и Црна Гора“, Heritage SENSE Centar.

## Дубровничките библиотеки

За време на опсадата на градот Дубровник, меѓу метите биле и дубровничките библиотеки. Библиотеката на Интеруниверзитетскиот центар, независен истражувачки институт основан во 1971 година, била бомбардирана со запаллива муниција на 6 декември 1991 година и изгорена, при што нејзината збирка од 30 000 книги била целосно уништена. Истиот ден, друга бура од ракети испукани од позициите на ЈНА од височините над градот ја погодила палатата Скочибуха од 16 век, каде се наоѓала Дубровничката научна библиотека (Научна библиотека Дубровник) со 922 средновековни ракописни кодекси, архива со кореспонденција на дубровнички научници од добата на ренесансата и речиси 250 000 печатени книги, од кои 13 490 биле набавени пред 1808 година, кога древниот град-држава ја загубил својата независност.[128]



Дубровник, библиотеката на Интеруниверзитетскиот центар по бомбардирањето, декември 1991 година.

Пресудата во [предметот IT-01-42 Обвинителот против Павле Стругар] е најзначајниот случај кога станува збор за злосторствата врз културното наследство

[128] András J. Riedlmayer, „Crimes of War, Crimes of Peace: Destruction of Libraries during and after the Balkan Wars of the 1990s“, Heritage SENSE Centar.

во Дубровник, вклучувајќи го и уништувањето на библиотеки и интелектуалното творештво како културно наследство:

> „Обвинетиот Павле Стругар, пензиониран генерал-полковник на тогашната Југословенска народна армија (ЈНА), е осуден од судиите на Хашкиот трибунал за злосторствата извршени на 6 декември 1991 година за време на воената кампања на ЈНА во подрачјето на Дубровник во Хрватска. Стругар беше осуден за злосторството противправно гранатирање на историското јадро на Стариот град на Дубровник од страна на артилеријата на ЈНА, кога беа оштетени многу згради од историско и културно значење во Стариот град. Покрај другото, осуден е и за уништување установи посветени, меѓу другото, на религијата, уметноста и науката.“[129]

## Уништување на верски и сакрални објекти

Намерното уништување на верското културно наследство не е новина во историјата на човештвото. Обиди за поништување на етнички заедници преку рушење на нивните верски објекти се присутни низ целата човечка историја. Хиндуистички храмови биле претворани во будистички, антички во христијански, христијански во муслимански, и така натаму. Уништувањето на верското наследство создало болна траума во колективната меморија на многу народи. Притоа, на извршителите главно не им било судено, со што правдата изостанала низ историјата.

Една од карактеристиките на војните од деведесеттите години на минатиот век на територијата на поранешна Југославија, беше и масовното уништување на верските објекти. Со невидена жестокост се уништуваа храмовите во обид да се избрише минатото и верските карактеристики на одредени територии, со цел да се создадат етнички хомогени подрачја. Храмовите симболично и визуелно го претставуваа присуството на заедниците за кои постоеа намери да бидат

[129] Соопштение за јавноста: Пресуда во предметот Обвинителот против Павле Стругар, Павле Стругар е осуден на 8 години затвор, МКСЈ, 31.1.2005.

протерани од тие територии. Етничкото чистење само по себе не беше доволно доколку не се избрише секој траг од сеќавањето на присуството на одредена заедница, за што говори и пресудата на Судскиот совет во предметот IT-98-33-T Обвинителот против Радислав Крстиќ.

> „Судскиот совет истакнува дека таму каде што е во тек физичко или биолошко уништување, често се присутни и истовремени напади врз културното и верското наследство, како и врз симболите на целната група, напади кои со полно право можат да се сметаат како доказ за намерата физички да се уништи групата. Затоа, во овој предмет, Судскиот совет ќе го земе предвид намерното разорување на џамиите и куќите кои им припаѓаат на припадниците на групата како доказ за намерата за уништување на групата.“[130]

Според проценките на сторителите на овие злосторства, тоа можело да се постигне со уништување на верските објекти, иако тоа е изречно забрането со Конвенцијата за заштита на културното наследство во случај на вооружен конфликт од 1954 година. Еден од предметите разгледувани пред МКСЈ, IT-95-14/2 Обвинителот против Кордиќ и Черкез, зборува за тоа во заклучокот, наведувајќи дека „низ целата Лашванска долина постоел јасен образец на разорување и пљачкосување на сите места кои ги нападнал ХСО, и дека ХСО намерно ги насочувал нападите врз џамиите и другите верски и образовни установи. Сите тие дела биле дел од заедничкиот план и двајцата обвинети биле вмешани и прогласени за одговорни за нападите.“[131]

Од 1992 до 1995 година, на територијата на поранешна Југославија беа уништени повеќе од 2000 верски објекти, најмногу во Босна и Херцеговина. Многу често, овие напади се случувале далеку од фронтот и во области каде веќе било извршено етничко чистење. Статутот на МКСЈ ги опфаќа и злосторствата кои се однесуваат на уништување на верски објекти, што претставува нов елемент во меѓународните правни акти. Во текот на својата работа, преку бројни обвиненија,

[130] Обвинителот против Радослав Крстиќ (Пресуда на Првостепениот совет), IT-98-33-T, МКСЈ, 2.8.2001. стр. 246.
[131] Соопштение за јавноста: Пресуда на Судскиот совет III во случајот Кордиќ и Черкез, МКСЈ, 26.2.2001.

МКСЈ го трасираше патот кон санкционирање на скверНавењето и уништувањето на верски и сакрални објекти. Во текот на својата работа, МКСЈ јасно го поврзуваше рушењето на верските објекти со етничко чистење како облик на прогонство и злосторство против човештвото, со што го прошири и правниот опфат на заштитата на верското наследство.

Во извадокот од пресудата на Судскиот совет во предметот IT-00-39 Обвинителот против Момчило Краишник, Судскиот совет особено го истакна тоа:

„781. Уништувањето на културните објекти може да има тешки последици за лицата за кои тие објекти имаат значење. Според оценката на Судскиот совет во предметот Кордиќ и Черкез, уништувањето на верските објекти, ‘кога е извршено со нужна дискриминаторна намера, претставува напад врз самиот верски идентитет на народот. Како таков, тој е речиси чиста манифестација на поимот ‘злосторство против човештвото’.“[132]

Во пресудите, уништувањето на културното и верското наследство најчесто е квалификувано како елемент на прогонство по политичка, расна и верска основа и како злосторство против човештвото, или како кршење на законите и обичаите на војувањето, а во неколку случаи и како тешка повреда на Женевските конвенции. Во пресудата на Судскиот совет во предметот IT-99-36-T Обвинителот против Радослав Брѓанин тоа е многу јасно изложено:

„652. Најсистематското и најбруталното нанесување штета и на муслиманските и на католичките верски институции се случи во Приедор. Кон крајот на август 1992 година, војници на босанските Срби влегоа во римокатоличката црква во Приедор со цел да постават експлозив во неа. Во 01:00 часот експлозивот детонираше и ја уништи црквата. Полицијата изгледаше рамнодушна кон извештаите за настанот.

653. Во подрачјата околу градот Приедор, на мета на силите на босанските Срби беа институциите посветени на религијата. Во Бриешево,

[132] Извадоци од пресудата на Судскиот совет во случајот на Тихомир Блашкиќ, Heritage SENSE Centar, 3.3.2000, стр.7

војската на босанските Срби ја запали римокатоличката црква. Во Камижани беше запалена џамија. Џамијата Мутник во Козарац беше делумно уништена. Минарето на џамијата во Козаруша беше тешко оштетено. Џамијата во Горна Пухарска беше срамнета со земјата. Новата џамија во Кевљани беше целосно уништена со мини. Минарињата и џамијата беа кренати во воздух со експлозив. Минарето на џамијата во Горни Јакуповиќи беше тешко оштетено од мини.

658. Судскиот совет се увери надвор од разумно сомневање дека во текот на периодот опфатен со Обвинението, силите на босанските Срби намерно ги таргетирале горенаведените муслимански и римокатолички верски институции. Доказите покажаа дека таквите верски институции не биле користени за воени цели. Затоа, Судскиот совет заклучува дека штетата нанесена врз муслиманските и римокатоличките верски институции во горенаведените општини претставува прекршување на член 3 (г) од Статутот.“[133]



Џамијата Алаџа, Фоча, Босна и Херцеговина, како еден од бројните примери за рушењето на верските објекти

[133] Обвинителот против Радослав Брѓанин (Пресуда на Првостепениот совет II), IT-99-36-T, МКСЈ, 1.9.2004. стр. 237-238.

## Алаџа џамија

Алаџа џамија е културен, историски и верски споменик изграден во 1550–1551 година и од 1950 година беше споменик под државна заштита. Истовремено, Алаџа џамија важеше за еден од највредните објекти на ориенталната култура на Балканот. Исламската заедница во Фоча до 1992 година имаше 12 џамии и сите беа урнати за време на војните од деведесеттите години. Во првостепената пресуда во предметот IT-95-5/18 Обвинителот против Радован Караџиќ, меѓу другото се наведува:

> „925. Неколку џамии во градот и општината Фоча беа запалени или на друг начин разурнати. Пожарникарите босански Срби стоеја настрана и гледаа како џамиите горат. Алаџа џамија од 1555 година, која беше под заштита на УНЕСКО, беше кренати во воздух, и до крајот на војната нејзините рушевини беа целосно отстранети од местото на кое се наоѓаше.
>
> 926. Според извештајот на Ридлмајер, Алаџа џамија е целосно уништена. Уништена е со експлозив и единственото што остана од неа се остатоци од темелите, а местото каде што се наоѓаше [беше] израмнето со булдожер, целиот градежен материјал беше отстранет, додека соседните објекти беа само полесно оштетени. По конфликтот, местото каде што беше лоцирана Алаџа џамијата се користеше како паркинг за автобуси и беше прекриено со ѓубре.“[134]

Слични наводи се содржани и во пресудата на Судскиот совет во предметот IT-00-39 & 40/1 Обвинителот против Биљана Плавшиќ, која ја призна својата вина и беше осудена на казна затвор од 11 години:

> „Од 37 општини кои се наведени во обвинението, во 29 постоеле културни споменици и сакрални објекти кои биле уништени. Разурнати се повеќе од 100 џамии, два мектеба и седум католички цркви. Некои од тие споменици, во општините Фоча, Вишеград и Зворник, потекнуваат од средниот век. Нема

[134] Обвинителот против Радован Караџиќ (Пресуда на Првостепениот совет), IT-95-5/18-T, МКСЈ, 24.3.2016.

сомнеж дека станува збор за локалитети со културно, историско и регионално значење. Како еден од примерите, обвинението го наведува безобѕирното уништување на џамијата Алаџа во Фоча, изградена во 1550 година. Во зборовите на сведокот, Алаџа беше 'еден од бисерите на културата во овој дел на Европа'. Освен таквите разурнувања, менувани се и имињата на градовите. Всушност, ‘сè што на каков било начин можело да потсетува, било уништено…’“[135]

Уривањето на Алаџа Џамијата во Фоча е само еден од бројните примери на рушење на верски и сакрални објекти за време на војните од деведесеттите години на територијата на поранешна Југославија. Многу од одговорните за тие злосторства се најдоа пред обвинителството на МКСЈ и беа осудени за овие свои недела, со што судењето за уништување на верски и сакрални објекти се вметна во судската практика не само на меѓународните, туку и на националните судови кои постапуваат по предмети за воени злосторства.

„Кога станува збор за Босна и Херцеговина, уништувањето на културното наследство од 1992 до 1995 година ги опфаќа нападите врз важните библиотеки и музеи, како и систематското уништување на повеќе од 1200 џамии и стотици цркви. Но, во предметите пред МКСЈ беше опфатен само еден мал дел од тие напади, а и географски се ограничени на само неколку десетици босански општини. Злосторства како уништувањето на сите 16 џамии и шест католички цркви и манастири во Бања Лука или уништувањето на наследството на сите три заедници во Јајце никогаш не се спомнати во пресудите на Хашкиот трибунал. Досега, во многу мал број предмети пред судовите во БиХ се зборуваше за воените злосторства врз културното наследство.“[136] Сепак, „МКСЈ и судовите во државите-наследнички на поранешна Југославија трасираа нови патишта во правната сфера преку процесуирање на воени злосторства врз културното наследство, особено во

[135] Обвинителот против Билјана Плавшиќ (Пресуда на Судскиот совет), IT-00-39&40/1-S, МКСЈ, 27.2.2003, стр.18.
[136] Потиснување на историјата и сеќавањето: МКСЈ и истрагите, реконструкциите и гонењата на злосторствата против културното наследство, Heritage SENSE Centar.

случаите на намерни напади врз сакрални објекти на различни национални и верски заедници.“[137]

[137] Ibid.